Сања Аџаип-Величковски

# НАСИЛСТВОТО И ПОРНОГРАФИЈАТА НА ТЕЛЕВИЗИЈА

Меѓународен Балкански Универзитет

Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот и на авторот.

САЊА АЏАИП- ВЕЛИЧКОВСКИ

# НАСИЛСТВОТО И ПОРНОГРАФИЈАТА НА ТЕЛЕВИЗИЈА

IBU INTERNATIONAL BALKAN UNIVERSITY

Скопје, 2020

Во секојдневниот живот, многу ретко се поставува прашањето: колку, кога и зошто се гледа телевизија? Но, телевизијата е толку многу инволвирана во секојдневниот начин на живеење, што вклучувањето на телевизорот и седењето пред телевизискиот екран е неизбежна секојдневна „човекова ативност“.

Ефектите од таа „активност“ се толку големи, што веќе не станува збор за „отфрлање“ или за замена на телевизијата како медиум со нешто друго, туку дискусиите во однос на ова прашање се сведуваат на размислувањата за последици од овие ефекти кај целокупната популација, а најмногу кај адолесцентите како доволно ранлива категорија.

Негативните влијанија на телевизијата врз адолесцентите, кои произлегле од повеќе студии, вклучуваат: ефекти врз когнитивниот и интелектуалниот развој, ефекти врз креативноста и имагинацијата, ефекти врз социјалниот развој, ефекти врз развојот на сензорниот систем, влијание врз чувството за „зачуденост“, влијание врз здравјето и др. (Jackson, 2004).

Во таа насока, многу е значајно пред сè да се дефинираат телевизиските програми што можат штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на малолетната публика. Како такви се класифицираат програми или програмски содржини што вклучуваат описи, сцени и/или глетки на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, поведение навредливо за човековото достоинство итн. Оттука, јасно е, зошто насилството и порнографијата се

сметаат за едни од содржините на телевизиските програми кои имаат најголемо негативно влијание врз малолетната публика, во која спаѓаат и адолесцентите, а кои се целна група во овој труд.

Како појдовна основа за истражувањето за ставовите на адолесцентите кон насилството и порнографијата на телевизија се користени податоците објавени во книгата „Децата и насилството на телевизија" (Сања Аџаип, 2008). Овие резултати беа прелиминарна фаза на поголемата истражувачка програма, која вклучува поголем и порепрезентативен примерок испитаници и истите се презентирани во оваа книга. Во оваа насока е користено и истражувањето на Џо Грiксти (Joe Grixti, 2000) презентирано во „Young people and the Broadcasting Media", кој исто така ги истражувал ставовите кон насилството и порнографијата на телевизија.

Во Република Македонија, досега не се направени и публикувани истражувања поврзани со насилството и порнографијата на телевизија и ставовите на адолесцентите во врска со тоа. Оттука, од особен интерес е тоа што во оваа книга се обработуваат насилството и порнографијата на телевизија преку анализа на мислењата за нивното влијание врз директните реципиенти во Република Македонија.

Генерален заклучок од истражувањето е дека општеството во голема мера ја има изгубено смислата за одговорност во однос на создавање здрави, сексуално активни возрасни луѓе. Со сигурност може да се заклучи дека насилството и порнографијата на телевизија можат суштински да влијаат врз однесувањето на децата и

младите. Оттука потребата денешните медиуми, а особено телевизијата, да бидат креативни, информативни и забавни. Ова е остварливо доколку борбата за профит, односно опстанок на медиумите, а во тие рамки особено телевизијата, не се гледа во прикажување на насилството и порнографијата на телевизија како можност за најголема финансиска придобивка.

Се очекува, овој труд да биде придонес кон одговорен однос на сите чинители во општеството за намалување на насилството и порнографијата на телевизија, со цел изградба на свесни и совесни адолесценти, одговорни за своето однесување.

Од авторот

# ВОВЕД

Овој труд покажува дека медиумите имаат најважно, но за жал и најпотценето влијание врз децата и адолесцентите. Додека ја достигнат возраста од 70 години, денешните деца и адолесценти ќе имаат потрошено од седум (7) до десет (10) години од своите животи во гледање телевизија (Strasburger, 2005). Ова значи дека другите активности, како што се читање, дружење, спортување, се истиснати од секојдневните активности. Што е уште поважно, адолесцентите може да бидат во интеракција и со повеќе медиуми одеднаш, на пример со телевизија, компјутер, со мобилен телефон и слично.

Во 21-от век, вредностите на телевизијата како медиум станаа безмалку носечки столб на комуникациите. Постиндустриските општества и покрај долгогодишното „ТВ-озрачување“ сѐ уште не можат да се оттргнат од „ТВ-хипнозата“, па зависноста на младата популација од телевизиските содржини е голема (Матевски во Совет за радиодифузија на Република Македонија-СРД, 2000).

Прашањата кои се однесуваат на влијанието на медиумите врз човековата популација постојано се наметнуваат со својата актуелност. Телевизијата во тие рамки е речиси на врвот на интересирањата. Иако постојат истражувања за телевизијата како медиум и за нејзиното влијание од различни аспекти врз човековото живеење и однесување, сепак, влијанието на овој медиум врз адолесцентите, преку прикажувањето насилни содржини и содржини во кои е присутна порнографијата не е доволно истражено. Оттука предизвикот кон ова

истражување да се пристапи како кон базично истражување за влијанието на телевизијата како медиум врз адолесцентите, со посебен акцент на насилството и порнографијата.

Во време на индустриската револуција од почетокот на 20 век, појавата на телевизијата, била поздравена како ново огниште кое повторно ќе го собере семејството разделено со „животот". Значењето на „огништето" е многу битно и тоа секогаш имало симболична функција во домот. Покрај огништето, низ приказните на возрасните светот се запознавал во сета негова убавина и сложеност. Меѓутоа, се покажало дека заедничкото седење пред екранот придонесува само кон уште подлабоко отуѓување на семејството.

Гледањето телевизија, се смета за исто толку соодветна активност во слободното време, како и секоја друга, дури и кога тоа се прави во големи дози. Гледањето телевизија, се смета за толку „соодветно" што негледањето или немањето телевизор, се смета за ненормално однесување. Во најдобар случај тоа е снобовско или елитистичко, а во најлош случај ексцентрично или девијантно однесување. Во секој случај, негледањето телевизија води до исклучување од заедницата, која егзистира преку заедничкото искуство на телевизиските конзументи.

Едно од објаснувањата за парадоксот на долгото гледање телевизија, а ниската сатисфакција од тоа, е можеби уникатната природа на задоволството кое го нуди една активност која бара минимална инволвираност од страна на корисниците. Анализите на Херберт Е.

Кругман (Herbert E.Krugman, цитирано во Corcoran, 1984), покажале дека телевизијата е медиум кој минимално ги инволвира гледачите (можеби пет пати помалку отколку печатените медиуми), и нуди само пасивно восприемање. Но, реалност е дека гледањето телевизија, иако пасивно, има огромно влијание врз гледачите, а особено врз младите.

За време на адолесценцијата младите луѓе стануваат способни за повисоки нивоа на апстрактно размислување и резонирање, иако ретко ги користат своите способности кога гледаат телевизија, продолжувајќи да инвестираат малку ментални напори. Тие гледаат помалку телевизија отколку кога биле деца и поретко гледаат телевизија со родителите. Нивните интереси во овие години се „вртат“ околу независноста, сексот и романтиката, и тие развиваат интерес за музички спотови, хорор-филмови итн.

Прашањата во врска со насилството и со порнографијата на телевизија постојат уште од самите почетоци на нивното прикажување на овој медиум. Многумина имаат различни мислења за тоа, зошто е воопшто дозволено насилството и порнографијата да се прикажуваат на телевизија. Некои сметаат дека прикажувањето насилство и порнографија на телевизијата не е поразлично од разговори на овие теми, затоа што телевизијата е и аудио и визуелен медиум и ги стимулира мозоците на адолесцентите за размислување по истите. Тие учат побрзо и поефикасно преку медиум кој ги стимулира (The UN Just Media, 2006). Некои автори одат дотаму што сметаат дека токму насилството прикажано на телевизија ги учи младите за вистинскиот свет. Но, на

телевизијата има десет пати повеќе насилство и порнографија отколку во реалниот живот. Насилството и порнографијата отсекогаш имале посебна улога во забавата, но денес сè повеќе специјалисти се согласни дека последните години агресивноста во медиумите значително пораснала, и тоа не само квантитативно, туку и во смисла на графичко претставување, и, што е уште позагрижувачко, многу посадистичко. Имено, експлицитното прикажување на забавени куршуми, кои ја „кинат“ кожата на луѓето, тела на жртви опкружени со локви крв и слични сцени, денес се речиси вообичаен елемент на телевизиските пораки. Со обемот на насилство и порнографија што се прикажува, медиумите создаваат привид дека се живее во насилен и сексуално настран свет. Телевизијата сè повеќе се комерцијализира, пласира многу насилство и порнографија во најразлични форми, за да ја зголеми својата гледаност, што на сопствениците на телевизиите им носи енормна заработувачка.

Најголемата борба што денес треба да се води е борбата против насилството и порнографијата на телевизија. Иако, секоја форма на насилство и порнографија што се прикажува на телевизија, може да биде разбрана и како позитивна и посакувана општествена карактеристика, негативците, убијците, терористите можат да станат основа за формирање на личности со насилно несоцијално однесување во реалноста. Прашањето дали насилството и порнографијата на телевизија навистина влијаат врз пројавување насилство и несоодветни сексуални однесувања во релноста и натаму останува отворено.

Насилството и порнографијата на телевизија може да ги „повреди“ сите без разлика на возраста, полот, социјалниот статус и интелигенцијата. Тие дури можат и емоционално да влијаат врз адолесцентите, односно адолесцентите можат да станат нечувствителни во однос на насилното однесување во реалниот живот. Ова придонесува за зголемената толеранција кон насилството и порнографијата, особено кај адолесцентите кои поминуваат долго време гледајќи насилни и порнографски содржини кои предизвикуваат долготрајни ефекти.

Расположливата литература која се однесува на проблематиката на насилството и порнографијата на телевизија и однесувањето на адолесцентите во врска со тоа упатува на податоци дека истата е малку и нецелосно проучувана и разработувана. Ова се однесува особено за Република Македонија, каде истражувањето во овој труд е прво и досега единставено, реализирано во насока да се добие квалификувана слика за ставовите на адолесцентите во врска со насилството и порнографијата на телевизија.

Оваа книга опфаќа преглед на досегашните истражувања поврзани со предметната проблематика, но посебна цел на авторот е, преку сопствено истражување, реализирано во 19 средни училишта во Република Македонија (од вкупно 103) по случаен избор со користење на Табелата на случајни броеви да се дојде до сознанија за состојбите на овој план во Република Македонија. Во истражувањето се вклучени 468 адолесценти од III и IV година на средното образование. Авторот се задржува на дефинирање на поимите

„насилство на телевизија“, „порнографија“, „став“ и потенцира дека во истражувањето за ставовите на адолесцентите кон насилството и кон порнографијата на телевизија ќе се задржи на дефиницијата за *ставот како мислење за...*, односно на вербализираните ставови на адолесцентите кон насилството на телевизија. Во ова емпириско истражување е користена анкетата како истражувачка техника, односно Прашалник како нејзин инструмент, кој е изготвен од страна на авторот, а кој се состои од серија прашања или тврдења, со чии одговори се дојде до бараните информации од анкетираните лица. Во истражувањето се обработени одговорите на 468 испитаници (242 женски и 226 машки) на 55 тврдења во прашалникот кои се прикажани на 41 график, 29 графикони и 21 табела и се основа за ставовите на адолесцентите од Република Македонија за насилството и порнографијата на телевизија.

# Прв дел

# Медиумите како дел од масовното комуницирање

# 1. Комуникациски науки и медиумска писменост

„Медиум“ потекнува од латинскиот збор „medius“ што значи „среден“, односно средина или збир на услови во кои нешто се случува (во смисла на дискурс), личност која може да биде посредник помеѓу нешто или некој на спиритистички или други настани, нешто што е носител на енергија било во конкретен работен процес или во духовна смисла, до средство за масовно комуницирање.

Поимот „медиум“ е поширок вид од поимот „медиуми за масовна комуникација“. Различно се толкува со оглед на научното подрачје или подрачјето на општествено дејствување. Во комуникациските науки, медиумот е во основа техничко или физичко средство за трансформација на порака во сигнал кој може да се испрати по пат на канал.

Поимот „медиум“ може да се дефинира најмалку на четири начини (Rotar, 2005):

- во физиолошка смисла, кога медиумот означува комуникација: аудитивна, визуелна, тактилна, олфактивна и нивниот меѓусебен однос (интермедијалност);

- во физичка смисла, кога медиумот е предмет со помош на кој се изразува некоја нова порака: камен, боја, тон, јазик;

- во технолошка смисла, кога медиумот означува средство за посредување помеѓу знаковно производство и потрошувачка; и

- во социолошка смисла, кога медиумот е разбран како институционално-организациска рамка за комуникација, па се зборува за стопанство, политика, наука, образование... На тој начин поимот „медиум“ се изедначува со поимот дискурс (Van Dijk, 1998) што се толкува пошироко, но е можно.

Фиске (Fiske, J., 1987) разликува презентациски медиуми (глас, лице, тело) кои се ограничени на „тука“ и „сега“ бидејќи самиот медиум е комуникатор; репрезентациски медиуми (книги, слики, фотографии) кои се користат со културни и естетски конвенции за создавање комуникациски дела и определен „дискурс“; и механички медиуми (телефон, радио, телевизија) кои се како презентациски така и репрезентациски медиуми, а категориите се изведуваат врз основа на меѓусебни разлики.

Комуникациските науки и медиумската писменост го истражуваат поимот „медиум“ и неговото значење како дел од масовното комуницирање. Јановиц (Janowitz, M., 1968) масовната комуникација ја дефинира како поим што опфаќа институции (масовни медиуми - весници, радио, телевизија, филм) и техника, со помош на која специјализирани групи (стручњаци) се служат со технолошки средства за дисеминација на симболичките содржини на широкиот, разнороден и широко распространет аудиториум (McQuail, 1994: 10).

Масовните медиуми се општествени институции кои непристрасно, моментно и јавно посредуваат информации со голема, хетерогена и разновидна јавност. Тие се форум на јавниот збор во кој се прекршува процесот на јавен консензус помеѓу власта и јавноста.

Во демократските општества, масовните медиуми како посредници помеѓу власта и јавноста, треба да ја информираат јавноста за сите релевантни теми од интерес на општествената заедница, за правилно да се формира јавното мислење на граѓаните. Треба да се имаат во предвид идеологизираност својствена на медиумскиот, како впрочем, и на секој друг општествен дискурс, како и формата на медиумите која не ја одразува, не ја отсликува стварноста, туку ја конструира.

Масовната комуникација ја интересираат изворите и корисниците, функцијата и целите, каналите и кодовите, контекстот и референците, и последиците од комуникацијата, земајќи предвид дека секој медиум ја кодира реалноста на друг начин и во таа смисла влијае, до изненадувачки степен, на содржината на комуникациската порака. Медиумот не е само обичен плик што носи некое писмо, туку е сам по себе дел од тоа писмо, вели Карпентер (Carpenter, 1991: 219) парафразирајќи ја познатата теза на McLuhan „Медиумот е порака!“ (McLuhann, M., 1967). Во секој медиум за масовна комуникација се содржат и други медиуми (презентациски медиум со глас и говор, репрезентациски медиум со слика, и механичките медиуми - радио и телевизија). Тие медиуми ги обликуваат, ги реструктурираат примарните медиуми, исто како што вајарот ги обликува и реструктурира каменот или глината од кои ја формира скулптурата. Медиумите се разликуваат во силината на експресија, но и по влијанието врз публиката. Радиото ги надмина весниците, телевизијата - филмот и радиото. Ниту еден медиум не истиснал целосно некој од претходните бидејќи на публиката секој медиум и е

интересен на поинаков начин и секој на различен начин ги задоволува нејзините потреби (Fiske, 1987). Најкористена и највлијателна е телевизијата.

Медиумската писменост се занимава со влијанијата на медиумските содржини како важен начин за разбирање на последиците од изложеност на медиумите. Медиумите можат да дејствуваат моментно и да всадат моментни знаења, можат да создаваат, да јакнат или да намалуваат ставови, можат да дејствуваат врз емоциите, можат да натераат на некоја акција, можат да возбудат или да смират. Тоа не е секогаш негативно. Често пати се јавуваат емоции кои изразуваат задоволство, а често се стекнуваат корисни знаења кои помагаат во однесувањето и во комуникацијата. Сепак, заради можноста од негативно дејствување, треба да се сознаат процесите и механизмите на дејствување на медиумите и нивната улога во создавање мислење за разни прашања.

За да се справи од научен аспект со сложеното влијание на медиумите, Џејмс Халоран (James Halloran, 1970) во седумдесеттите години на минатиот век излезот го видел во напуштање на навиката да се размислува за тоа што медиумите им прават на луѓето и тоа да се замени со идејата да се размислува за тоа што луѓето прават со медиумите (O’Sullivan, 2003: 118). Тој смета дека верувањето оти медиумите се семоќни треба да се замени со нивно набљудување како конструктори на општествената стварност, како извори кои на различни начини со средства, со симболички јазици и со технички средства, со помош на медиумски дискурс заснован врз идеологија на моќ, ја конструираат реалноста.

## 2. Влијание на медиумите врз консументите

Медиумите, до кои адолесцентите имаат пристап, рапидно се зголемија во последните години. Почнувајќи од книгите, весниците, магазините, филмовите, радиото, видео и аудиокасетите, па сè до телевизијата, илјадниците кабловски канали, видео- игрите и милионите интернет страници, младите луѓе се обидуваат да пливаат во „згуснат медиумски вител“. Ова не е правило само во индустријализираните земји, туку и во сите општества ширум светот. Се поставува прашањето, какво е влијанието на ваквото окружување врз адолесцентите или поточно каков ефект имаат сликите на насилство и порнографија во медиумите врз нив?

Расправите за влијанијата на медиумите врз луѓето, се стари исто колку и самите медиуми. Било тие да се здраворазумски или научни - целта е да се разбере и протолкува комуникацијата помеѓу луѓето. Научните парадигми за влијанијата на медиумите се менувале, но помеѓу научниците од различни профили не постои изрична согласност за тоа, дали влијанијата на медиумите се позитивни или негативни. Педагозите што се занимаваат со медиумите, често укажуваат на можноста од позитивни влијанија, доколку во нивните забавни и други особини, се реструктурираат наставата и образованието (Chen, 1995; McMane, 2000; Košir, 2000). Други, пак, тврдат дека медиумите се штетни за децата и за општеството во целина, бидејќи од homo sapiens создаваат homo vidensa, неспособен за апстрактно

мислење и разбирање на поими, бидејќи сликата станува поважна од зборот (Sartori, 1999).

Постмодернистот Жан Бодријар (Jean Baudrillard, 2001) во своето социолошко толкување тргнува од критичката анализа на производството, потрошувачката и размената на добра, односно од анализа на сложениот состав на социо- економските и на културните промени во развиените општества. За разлика од марксистичката критика на Франкфуртската школа која смета дека медиумите ги „затапуваат“ масите, неговата критика е посуптилна и песимистичка. Тој смета дека современиот човек под влијание на мас-медиумите нема веќе свој сопствен простор на реалност, бидејќи тие го сместиле во универзумот „симулакрум“. Во тој простор, човекот не може да одговори на медиумските содржини, медиумските слики и случувања. Тие се сами по себе стварност, па така ја дораскинуваат разликата помеѓу стварноста и илузијата. Сè е „хиперреално“ без јасно стојалиште за тоа како е, а како би требало да биде, па самиот човек е „вишок“ во сопствениот свет, неспособен да сочувствува, да страда поради сликите што му се презентираат во медиумите, на истото да одговори и мисловно да дејствува. Медиумите произвеле симултаност, симултаноста е татко на спектаклите, а спектаклите се крај на сочувствувањето и мисловноста.

Ноам Чомски (Chomsky, N. 2002), голем мислител за медиумите и медиумските влијанија, смета, пак, дека тие во современото општество имаат пресудна улога во контролата и надзорот врз масите, а со тоа управува приватниот капитал и приватните интереси. Уште полошо, смета тој, е што ниту училиштата не прават

ништо да се одбранат од тоа, туку и самите стануваат дел од тој апарат за индоктринација и дезинформација (Chomsky, 2002: 41).

Овие алтернативни парадигми (McQuail, 1994: 48), во научното истражување на медиумските влијанија се појавиле по долги периоди на истражување на медиумските влијанија што започнале уште во почетокот на минатиот век. Во тој период, се менувале мислењата на научниците и на критичарите на медиумите, за медиумите и силата на медиумските влијанија, како и за научните методи со помош на кои се правени обиди да се одговори на прашањето: како медиумите влијаат врз гледачите, како влијаат врз возрасните, а како врз децата. Зошто на тие прашања секогаш било тешко да се одговори? Затоа што истражувањето на медиумските влијанија секогаш е „лизгав“ терен и научно многу проблематичен, бидејќи, како што се истакнува (O'Sullivan et al., 2003:118) важните фактори на тие истражувања, пасивноста на публиката, конфузијата помеѓу краткорочните и долгорочните ефекти, неможноста медиумите да се исклучат од контекст, односно од останатиот дел од светот кој ги окружува примателите (гледачи, слушатели, читатели) содржат потенцијални извори на влијание. Значи, не влијае само она што се прима по пат на медиумите, туку и пасивноста на околината во која децата растат, пасивноста на семејството и на училиштето, но и личната пасивност и емоционалната и интелектуалната неподготвеност за живот со медиумите. Понатаму, влијанијата предизвикани од медиумските содржини не се секогаш јасно видливи бидејќи не дејствуваат веднаш, туку можат да имаат

одложено дејство, па е тешко да се истражи и да се докаже нивното потекло.

Џејмс Потер (James Potter, 2001: 8) ги дели влијанијата на медиумите на краткорочни и на долгорочни, врз основа на тоа кога влијанието се појавува- веднаш по консумирање на медиумот или долго време по консумирање на медиумот. Тој истакнува дека, прво, од медиумот се учи, па според тоа медиумите имаат последици за знаењето. Второ, тие дејствуваат на ставовите за некои прашања, односно создаваат мислење, го зајакнуваат, го обликуваат. Трето, дејствуваат врз емоциите и во текот на гледањето предизвикуваат страв, болка, тага, радост, веселба. Четврто, предизвикуваат физиолошки реакции како што се засилено чукање на срцето, зголемен крвен притисок, покачен адреналин, особено од содржини кои предизвикуваат страв или сексуално возбудување. Петто, медиумите влијаат врз однесувањето на гледачите, што е особено изразено кај младата популација.

## 3. Телевизијата како највлијателен медиум

Телевизијата е најмоќна сила во повторното обликување на постоечките структури на секојдневниот живот и во узурпирање на времето претходно користено преку постоечките мас-медиуми и останатите активности.

Телевизијата е медиум за угодност, кој дава забава, задоволство и исполнува многу очекувања и на

децата и на возрасните. Телевизијата е дел од семејството, така што едно дете изјавило „моето семејство, тоа сме мама, тато, телевизорот и јас!“ (Košir, Ranfl, 1996, цитирано во Rotar, Z.N., 2005: 4).

Се смета дека телевизијата преку програмските содржини во основа има позитивно влијание. Сепак несомнено е и нејзиното негативно влијание со дел од тие содржини врз целата популација, а особено врз адолесцентите, како едни од најверните консументи.

Телевизијата, како медиум, не е селективна во однос на тоа на што ги учи консументите. Таа како, впрочем, и сите медиуми, има своја добра страна, односно може да има позитивно влијание:

- дава можност да се гледаат едукативни програми;
- дава можност за запознавање со различни цивилизации и култури;
- дава можност за забава;
- придонесува кон забрзување на процесот на учење;
- придонесува за развојот на имагинацијата;
- успешно ги промовира семејните вредности;
- стимулира кон размислување.

Различните телевизиски програми можат да имаат различно влијание: образовните програми можат да влијаат врз социјализацијата како и врз вештините за учење; „документарците“ можат да развијат критичко

мислење за општеството и за светот; програмите од култу-рата можат да им го „отворат“ светот на музиката и умет-носта, филмовите може да претставаат различни култури итн. Сите горенаведени позитивни влијанија телевизијата може да ги има ако со неа „внимателно се ракува“ и ако програмската шема ја прави некој кој добро го познава развојот кај адолесцентите.

Но, според студиите (Media Awereness Network, 2006) кои се направени за влијанието на телевизијата, констатирано е дека телевизијата како медиум има поголемо негативно, отколку позитивно влијание.

Експанзијата на слободно време во индустријализираните земји е придружена со технолошка револуција, која го направи светот на слободното време исто толку важен, како што индустриската револуција го направи важен „светот“ на работата. Најмоќна сила во повторното обликување на постоечките структури на секојдневниот живот и узурпирањето на времето претходно користено преку постоечките мас-медиуми и останатите активности, е телевизијата.

Кога се појавила телевизијата, била поздравена како ново огниште кое повторно ќе го собере семејството разделено со „животот“ во време на индустриската револуција од почетокот на 20 век. Значењето на „огништето“ е многу битно и тоа секогаш имало симболична функција во домот. Покрај огништето, низ приказните на возрасните светот се запознавал во сета негова убавина и сложеност. Меѓутоа, се покажало дека заедничкото седење пред екранот придонесува само

кон уште подлабоко отуѓување на домашните. Денешниот човек е во многу нешта битие на слика. Димитријевиќ В. (2009), во текстот „Негативното влијание на телевизијата врз современиот човек“ поимот на икона, како света слика преку која на човекот му е пренесувано знаењето за божественото кое е некаде надвор, го поврзува со телевизијата која пренесува знаење за некој свет кој е надвор (надворешен свет). „Додека домашниот иконостас е прозорец во рај, телевизискиот екран е антиикона, прозорец во хаотичен, вртложен и минлив свет. Додека иконата го воспитува човекот за возвишеното, телевизијата му го нуди она што е најдостапно на сетилата, ниско, валкано... Човекот мисли со зборови, и пред иконата неговата мисла се развива во вербална и невербална молитва; телевизијата негува мечтаења и чудни претстави. Заради тоа што страстите се обликуваат во привлечни сетилни слики, православната аскеза, помеѓу другото, се бори и против пасивното фантазирање. Умот навикнат на пасивна рецепција на визуелното, станува опиен и неподвижен“.

Телевизијата е аудиовизуелен медиум со многу сложена технологија и многу сложена организација на работа, глобална по природа, каде што тешко можат да се поставaт национални граници, бидејќи како код не користи само јазик (говор) туку и слика, а таа е универзална. Заради постојана опасност од политички надзор, се спроведува широка нормативна регулација на овој медиум на меѓународно и на национално ниво. Секој медиум бира идеи, а „телевизијата е мала кутија со множество луѓе кои мора да живеат“ вели Карпентер

(Carpenter, 1991). Со оглед на тоа што на пазарот на медиумската индустрија најдобро продаван производ е забавата, за телевизијата забавата станала „супраидеологија“, или врвен закон за сите видови дискурс (Postman, 1986). Кога од група деца било побарано да се нацртаат себеси додека гледаат телевизија, на цртежите сите имале широки насмевки (Fowles, 1999). Ова ја поставува телевизијата во рамките на неидеолошка и „невина“ забава, која социјално не штети и е без вредности. За неа се смета дека е без конзистентно стојалиште и дека оперира надвор од социополитичките процеси во една култура. На гледачите им се „дава“ она што тие го сакаат, во вистински дух на културната демократија (Corcoran, 1984).

Телевизијата е само огледало на реалноста, карактеристика која често се користи во нејзина одбрана од оние кои бараат намалување на насилството и на порнографијата во програмите емитувани на телевизија.

Сеприсутното верување дека телевизијата е неидеолошка им овозможува на гледачите да и пријдат незаштитени, не чувствувајќи никаков отпор кон неа, кој на пример би го имале доколку програмата им се презентира како пропаганда или едукација, или дури и како филм кој добил Оскар (Corcoran, 1984).

Доминацијата на телевизиските програми во светот на слободното време е сама по себе, завиткана во идеолошка магла. Телевизиските програми, само како забава, не се целосно артикулирани како доктрина, туку во нив се верува и тие се бранат од страна на еми-

тувачите секогаш кога тоа е потребно. Сепак, медиумскиот критичар и комуниколог  Нил Постман (Neil Postman, 1986), уште во средината на осумдесеттите години на минатиот век, во книгата *Забавувајќи се до смрт* (Amusing Ourselves to Death) предупредил на таа преовладувачка идеологија на медиумите заснована врз угодување и забава. Според него, тоа е само еден од можните облици на општествена контрола врз поединецот. Угодноста што телевизијата ја промовира како врвно начело, може да го уништи општеството, бидејќи го деградира и обезвреднува сериозниот јавен дискурс. И прикажувањето насилство и порнографија на забавен начин ги деградира многу од човековите морални и општествени закони и правила, но го обезвреднува и самиот живот.

Еден од најголемите парадокси на дваесеттиот век кој произлегол од трансформацијата на светот на слободното време, во слободно време исполнето со технологија, е контрастот кој е забележан помеѓу нивото на гледање телевизија и степенот на незадоволство од гледањето телевизија. Иако телевизијата постигнала врв во исполнување на слободното време на луѓето во средината на '60-тите години на 20 век, во исто време истражувањата покажале и големо незадоволство од овој медиум. Халук Сахин и Џон Робинсон (Haluk Sahin & John P.Robinson, сумирано во студијата на Фарел Коркоран, Farrel Corcoran, 1984) утврдиле дека задоволството од времето поминато во гледање телевизија е помало отколку задоволството од времето поминато во читање, во рекреација, во религиозни ритуали и

социјализирање, и тоа кај сите социјални групи испитаници. Телевизијата не се смета за посебно пријатна или неопходна за секојдневниот живот - таа е во исто време и најраспространета и најмалку важна дневна активност.

Телевизијата станува помалку важна, поради чувството на грижа кое се јавува кај гледачите за времето кое го поминуваат гледајќи телевизија.

### *3.1 Телевизијата и когнитивниот развој*

Многубројни истражувачи кои се занимаваат со психичкиот развој на младите и образованието, се загрижени поради „отапувачките“ ефекти кои телевизијата ги има врз мозокот на децата. Мозокот се развива врз основа на два основни принципа: се развива во стилот „очекувано - од - средината“, што значи мозокот биолошки очекува да има одредени нормални искуства, кои треба да го воспостават социјалниот, емотивниот и когнитивниот развој , и во стилот „зависен - од - употреба“, што значи дека природата ќе влијае на архитектурата на мозокот, односно кои патишта ќе се користат, а кои ќе изумрат како недостаток на нивно користење. Кога овие два принципа заедно ќе се сретнат кај адолесцентите во средина различна од онаа која дотогаш дејствувала врз централниот нервен систем, ќе се развијат абнормални патишта и архитектура на мозокот.

Истражувањата сумирани во „Децата и насилството на телевизија“ (Аџаип, 2008: 21-23) покажуваат дека пораките од телевизиските програми, ги одминуваат критичните точки за когнитивен развој во мозокот и

завршуваат во делот од мозокот кој е одговорен за медитација и спиење. Критична страна на мозокот за когнитивен развој е левата. Додека се чита, со неа се формираат судовите, мислењата и се доаѓа до заклучоци. Без разлика дали станува збор за бесмислености или вистински спознанија, тие се резултат на β мозочните бранови. Овие бранови се активираат кога се користи левата страна на мозокот, односно центарот за логична човечка комуникација и анализа, или она што нè издвојува од мајмуните. Истражувањата на Хилари Џексон (Hillary Jackson, 2004) покажале дека со вклучување на телевизорот левата страна на мозокот, со сите свои функции, е со тенденција за исклучување. Слика од 300 000 точки од телевизорот оди во десната страна од мозокот. Доаѓа до промена од β (бета) во α (алфа) бранови, кои се поврзани со медитација и спиење. Ова не значи дека мозокот не ја прима информацијата: тој ја прима, само не е способен критички да ја евалуира, како што би ја евалуирал информацијата од некој друг извор. Ова особено се однесува на младите кои ја немаат истата моќ на расудување и процесирање на информациите како возрасните.

Група истражувачите (Reeves et al., 1988: 493-508) направиле и споредба помеѓу мозочната активност додека се чита и додека се гледа телевизија. Одговорите на мозокот биле наполно различни: одговорот на мозокот на „печатеното“ бил активен, додека на телевизијата пасивен.

Истражувањето од Националниот Универзитет на Канбера (Аџаип, 2008:23) покажало дека колку е подолго седењето пред телевизор, толку е побавна мозочната

активност. Овие истражувања покажале дека левата страна како да „оди на спиење“ кога се вклучува телевизорот, а десната страна е зафатена со складирање информации во својата „банка на податоци“. Но, ова не е свесно учење.

Загрижувачки се и ефектите врз креативноста и имагинативноста. „Здодевноста“ е празен простор кој е неопходен за креативност. Имајќи ја телевизијата, која го пополнува секој слободен момент, неопходната празнина никогаш не е искусена. Овој процес на создавање внатрешни слики е критичен за развој на дендрити и на невронските поврзувачи кои ја прават основата на интелигенцијата и на креативноста. Истражувањата, кои ги анализирала Џексон (2004), а кои биле сконцентрирани на влијанието на телевизијата врз креативното решавање на проблеми, покажуваат дека прекумерното гледање телевизија може да доведе до намалено внимание, истрајност и толеранција. Потиснувањето на можностите за решавање проблеми, може да резултира и со лимитиран репертоар на креативни решенија.

Младите гледачи прават разлика меѓу реалноста и фантазијата, но не знаат што е потребно за да ја прават разликата со прецизност на возрасните. Нивните модални судови (судови условени од она што се гледа) се со тенденција да бидат поларизирани, контрадикторни и нестабилни. Тие ги создаваат своите модални судови со текот на растењето и прават модални грешки (Hodge and Tripp, 1986: 126-130). Она што за возрасните е забавно и нештетно, на младите може да им изгледа поинаку и секако поинаку ќе го интерпретираат.

Адолесцентите, почесто од децата, ја доведуваат во прашање реалноста на телевизиските содржини и многу поретко се идентификуваат со телевизиските ликови. Мал е процентот на оние кои продолжуваат да веруваат во реалноста на телевизијата и кои се идентификуваат со насилни херои.

# Втор дел

# Насилството и порнографијата на телевизија како феномени

# 1. Теории и хипотези за насилството и порнографијата

Како што не постои согласност за влијанието на насилството и на порнографијата за примателите генерално, така не постои општа согласност ниту по прашањето за влијанијата на насилството и на порнографијата врз адолесцентите. Ова го покажуваат резултатите од многубројни истражувања (Feilitzen, 2001b; Carlsson/Feilitzen, 1998; Feilitzen/ Carlsson, 2000). Во тие истражувања се издвојуваат 4 основни хипотези за влијанието на насилството од медиумите врз децата, а тоа се:

*- стимулациска хипотеза или имитација*

Најчесто имитирањето се искажува и најлесно се воочува како директна последица на медиумското влијание кога се имитира нешто видено на малите екрани (или на филм), иако тоа имитирање во 90% случаи не е буквално. Гледајќи телевизија, се добиваат многу модели за однесување. Со оглед на тоа дека „лошите“ се многу често привлечни, а и во медиумите убијците и насилниците многу често се прикажуваат на забавен и симпатичен начин, а имајќи ја предвид и моќта и привлечноста на самите мадиуми како модел, имитирањето на насилство од медиумите не мора да биде буквално и директно, но секогаш е потенцијално можно.

*- хипотеза на вознемирување*

Испитаниците во истражувањата многу често зборуваат дека медиумите ги користат за забава бидејќи им е здодевно и за да се одморат (Ilišin, 2001: 152; Erjavec, 1999: 130). Медиумите, значи, се користат за да забавуваат, а не да вознемируваат. Сепак, влијанието на медиумите е често токму вознемирувачко. Насилството, порнографијата, филмовите на страв и ужас и слични содржини предизвикуваат емоционална возбуденост и страв. Научниците утврдиле дека врската помеѓу возбуденоста на гледачот и доживувањето искуства се засилува (Zillmann, 1991 според Potter, 2001), а исто така е поверојатно и дејствување во текот на возбуденоста.

*- хипотеза на катарза*

Според оваа хипотеза, филмското насилство предизвикува редукција на насилно однесување, го намалува насилното однесување, па насилството во медиумите се прифаќа во функција која постоела во грчките трагедии. Заради тоа, некои автори денес, застануваат во одбрана на медиумското насилство и не го сметаат за толку опасно колку што за тоа се говори (Fowles, 1999). Насилството во спортот, музиката и музичките спотови, во детските цртани филмови, има, сметаат тие, претежно таква функција. Насилството во спортот станува „составен дел од спортскиот настан, кој го надминува самиот настан“ и на тој начин гледачите на спортскиот настан добиваат „емоционална награда“ каква што добиваат и гледачите на криминалистички драми. И, заедно со тоа, некој вид празнење (Fowles, 1999).

Насислството како дел од масовната индустрија на музика и музички спотови, создава зголемен адреналин, па така и зголемен интерес за музичките ѕвезди (Caplan, 1983, спрема Fowles, 1999).

*- хабитуација или хипотеза за нечувствителност*

Хипотезата за нечувствителност како последица од прекумерното гледање насилство се заснова врз секојдневното искуство, кое покажува дека изложеноста на еден извор на дејствување - позитивно или негативно, дејствува така што се навикнуваме на тоа како дејство и како содржина, и стануваме помалку чувствителни. Прекумерното гледање насилство предизвикува емоционална и когнитивна „затапеност“ и го зголемува прагот на толеранција кон насилството во животот (Bašić-Hrvatin, 1995: 38). Оваа теза, кога станува збор за влијанието на медиумите, не е лесно научно да се докаже или да се негира, иако постојат некои истражувања кои се обид во тоа (Osborn & Endsly, 1971: 321-331), но сè уште за тоа има почесто искуствени заклучувања и оценки.

И покрај различните теории и хипотези, сепак сите- и научниците и обичните гледачи, а особено родителите, се сложуваат во едно: насилство и порнографија има не само премногу во медиумите, туку секој ден ги има сè повеќе насекаде. Прикажувањето насилство и порнографија не е ниту невино, ниту неутрално, туку секогаш е дел од некоја и нечија идеологија (Frau- Meigs, 1997) и станува најзабавниот и најпродаваниот дел од медиумската индустрија.

Како што целиот универзум се состои од бинарни опозиции, секое добро со себе повлекува и зло, така и

неизмерниот придонес на медиумите на луѓето им донел и несреќа. Несреќа со која сè уште не знаат како да се справат. Медиумите во текот на својот развој во потполност презеле некои човекови активности и функции, а човекот тоа воопшто не го забележал, ниту го одобрил (некритички го прифатил и го практикува). Медиумите незабележително се вплеткуваат во социјалниот живот на луѓето; ја преземаат улогата на трансмитери на човековите вредности кои порано се пренесувале лично, лице в лице, директно, без посредници или какви било пречки; успеале да се вовлечат во општествено-социјалните активности, индиректно да влијаат врз нив, да ги креираат и да ги организираат. Телевизијата нуди примери на човековиот социјален живот, примери на интеракција меѓу луѓето, презентираат разни животни стилови и наводно ја претставуваат и отсликуваат природата на меѓучовечките односи. Ова би било во ред, доколку медиумите по својата природа немаат една девијантна потреба да привлекуваат внимание и да го задржуваат што е можно подолго. За да се привлече внимание неопходно е да се понуди нешто несекојдневно, што за примателот би било интересно. Сите војни кои САД ги воделе против малите земји биле ТВ-шоу! Зошто? Затоа што војната е „потелевизична“ од мирот, страста и стравот од смиреноста, злото од доброто. Внимание привлекува занимливоста која се маскира и се презентира по пат на искривување на вистината (реалноста), за подоцна, таа искривена вистина да се оправдува како сосем природна, креирана според „евидентни природни факти“. Медиумите тежнеат да ја

„натурализираат" техничката природа. Сакаат да создадат впечаток дека реалноста што ја нудат е идентична имитација на реалноста, додека всушност, за да биде шокантна и интересна мора да се разликува од реалноста каква што ја познаваме во секојдневниот живот. Медиумите ја креираат стварноста и ја претставуваат како копија на вистинската реалност. Заради својот пренесувачки, хипнотизирачки ефект, медиумите во човековата свест создаваат забуна помеѓу реалноста и фантазијата. Најподложни на вакви измами се оние на кои секојдневната реалност не им е наполно јасна или доволно позната, т.е. децата, што живеат на границата помеѓу фантазијата и реалноста, и адолесцентите кои немаат сѐ уште доволно искуство со вистинската реалност. Тие „реалноста" која (примарно) телевизијата ја нуди, можат да ја разберат како реалност и да ги следат примерите што таа ги нуди. Телевизијата нуди основи за, и влијае врз, формирање на личноста, а тие основи се многу често погрешни и неприфатливи.

Тргнувајќи од конструктивистичкиот пристап, телевизијата ја конструира нашата реалност. Таа е медиум кој има најголемо социјализирачко влијание врз младите. Самиот факт дека телевизијата не е интерактивен агент, има големо влијание. Таа ја задоволува социјализацијата до одреден степен, но не создава општествени вештини, односно практика која може да се постигне само во вистинскиот живот. Со оглед на големиот просек на гледање телевизија, очигледно е дека креативното време поминато со врсниците и во учењето општествени вештини, драстично е намалено и ограничено.

Мас-медиумите се, понекогаш, позначајни образовни институции од училиштата, бидејќи ги надминуваат во обемот на публиката, времето и интересот кој го посветуваат на својата публика, како и разновидноста на содржините кои ги нудат. Токму заради тоа, „ние мора да ги подготвиме младите луѓе за живот во свет на силни слики, зборови и звуци“ (UNESCO, 1982). Телевизијата како мас-медиум може дури да се изедначи со влијанието на образовните институции и во разумна мерка може да има и позитивно влијание.

Во академските кругови паралелно кружат два одговора. Првиот е, дека гледањето телевизија нема врска со реалното агресивно однесување. Ова е покажано во истражувањето направено во Велика Британија во средината на 90-тите години на 20 век. Било испитувано однесувањето на млади престапници за кои се покажало дека имале помалку можност да гледаат телевизија, бидејќи деликвентите со криминално досие всушност поголем дел од времето го поминувале на улица, а не пред телевизија гледајќи ултранасилни содржини, што би можеле да влијаат врз нивното однесување. Вториот став е дека, насилството и порнографијата на телевизија дефинитивно предизвикуваат реакција во реалниот живот. Застапник на овој став е Џорџ Гебнер (George Gerbner цитирано во Veljković, 2009: 2), кој со своите колеги направил истражување кое траело од 1967 до 1989 година. Студијата опфаќа проекција од ударни термини на телевизијата и покажала дека дури 80% од нив содржат некој елемент на насилно однесување. Во 30% случаи насилството се користи за лична корист, во 58% не е прикажана жртвата што трпи последици од

насилство. Во 37% случаи насилниците поминале неказнето, а во 39% случаи имале хумористичен контекст, со што се тривијализира самото влијание и последиците од насилството. Збирот на овие проценти зборува дека насилството, неговите причини и последици на телевизијата се прикажуваат како нешто сосема прифатливо. Во сликата на светот која ја креира телевизијата како медиум, насилството е прифатливо и беспоследично, додека во реалната слика за светот, вака прикажаното насилство е наполно лажно. Гледано од друг агол, аголот на насилство, овие две слики на реалноста се во целосен расчекор.

Шахтер и Сингер (Schachter & Singer, 1962: 379-399) ја поставиле теоријата за трансфер на возбудувањата, според која преносот на возбудувања доаѓа кога адреналинот произведен со возбудливи сцени, се пренесува на подоцнежна активност. Меѓутоа, насилните сцени во медиумите не се неопходно највозбудливите стимуланси на кои се изложени гледачите. Резултатите на спроведената студија на Зилман (Zillman, 2000: 41-44) од 1971 година, кај учениците на кои им се прикажувале еротски филмови, покажале поголемо физиолошко возбудување, отколку при прикажување насилни или неутрални филмови. Всушност, студиите што користат комбинација од еротски и насилни стимуланси, предизвикале најагресивни реакции (Paik & Comstock,1994: 516-546).

Влијанието од насилството и порнографијата прикажано на телевизијата може да биде веднаш видливо во однесувањето или може да „излезе на површина“ по изведен период. Тоа може да се појави и кај адолесценти кои

растат во семејства во кои нема насилство. Насилството и порногафијата прикажани на телевизијата влијаат негативно врз развојот и однесувањето на младите што е потврдено и преку многу психолошки истражувања.

Според мислењата на стручњаците од Националниот иститут за национално здравје на САД, изложеноста на насилство ги доведува децата во состојба, насилството да го разбираат како прифатливо средство за решавање на недоразбирањата. Во денешно време количеството насилство во медиумите е во значителен пораст. Во многу програмски содржини, па дури и вестите на телевизијата се полни со црна хроника, што според повеќето медиумски истражувања е најинтересна рубрика ширум светот.

Иако влегувањето во пубертет со себе носи интерес за сексуалноста, улогата на медиумите во сексуалната социјализација започнува во раното детство. Многу од проблемите кои ѝ се припишуваат на порнографијата им биле припишувани и на други видови програми. На пример, изложеноста на сексуални програми на телевизија се поврзува со либерални сексуални ставови, поголемо прифаќање на сексуални неправилности, прифаќање предбрачен секс, гледање на сексот како на рекреација, повисоки очекувања во однос на сексот кај врсниците (Ward & Rivadeneyra, 1999). Импликациите се дека ефектите на медиумите, комбинирани со претходната изложеност на сексуализирани програми ја зголемува веројатноста за гледање порнографија. Прелиминарните истражувања покажуваат дека интеракцијата помеѓу сексуализираните програми се комплексни и може да зависат од специфични ставови и

однесувања. Ефектот на изложеност на адолесцентите на сексуализирани програми врз нивните намери да имаат секс изгледа дека е кумулативен, односно поголема изложеност значи и поголема намера. Но, порнографијата може да биде влијателна и во обликувањето на сфаќањата за жената како сексуален објект (Valkenburg & Peter, 2007).

Покомплексни патишта по кои изложеноста, менувањето на ставовите и однесувањата можат да бидат фацилитирани од страна на телевизијата и енвиронменталните интеракции остануваат за истражување. Изложеноста на сексуализирани програми на телевизијата можат да ја зголемат перцепцијата на сексуална активност кај врсниците, што во комбинација со виденото, преку рекламите или од притисокот на врсниците, ги зголемува намерите за секс. Порнографијата тогаш може да се бара во формирањето сексуален идентитет, како фацилитатор во раните сексуални активности. Порнографијата кај адолесцентите може да биде проблематична, но намалувањето на штетите од неа бараат вклучување на комплексни фактори кои довеле до проблематично и штетно користење на порнографијата. Со прикажување на порнографијата, кај адолесцентите се создава искривена претстава за интимните меѓучовечки односи. Chomsky тврди дека ова секогаш е во нечиј интерес – било политички или економски.

## 2. Насилството на телевизија како појава

Сликите со насилство се појавуваат уште од времето на пештерскиот човек, кој ги цртал ваквите слики на ѕидовите од пештерите. Без оглед дали се верува или не во тоа дека насилното однесување е вродено, насилството во почетокот игра важна улога пред сè во приказните. Египетските, Сумериските, Вавилонските артефакти отсликуваат насилни случки, а истото се среќава и во класичните дела во Грција пред 3000 години (Trend, 2007).

Египќаните се забавувале со игри во кои го претставувале убивањето на нивниот бог Озирис, а овој спектакл довел до многу имитирани убиства. Римјаните биле импресионирани со смртоносната игра на гладијаторите, па св. Августин се пожалил дека неговото општество станало зависно од гладијаторските игри и опиено со заслепеност по пролевањето крв (Media Awareness Network, 2008).

Многумина се потпирале на насилството во својата нарација. Хомеровата Илијада изобилува со неуморни набројувања на воени конфликти, убиства, масовни егзекуции, сексуални напади и природни катастрофи. Истото важи и за Одисеја, Орестија на Есхил, Кралот Едип на Софокле и многу други. Книгите од Стариот завет, напишани во истиот период се исполнети со слики на геноцид, војни, жртвување и различни други зла. И, како што Мел Гибсон ги потсети гледачите во својот хит Пасија (*The passion of the Christ*), најголемата приказна во Новиот завет кулминира со побуна, ритуална тортура и јавна егзекуција. Треба да се нагласи дека со години

токму овие приказни им се раскажувани на децата и на возрасните, како важни дела за историјата и религијата.

Насилството е присутно и во приказните кои ги раскажува Западната цивилизација. Во Пеколот на Данте има детални описи на насилни напади и смрт. Најпознатите драми на Вилијам Шекспир, Хамлет, Јулие Цезар, Макбет, Отело и Ромео и Јулија, се потпираат на таткоубиство, братоубиство, убиството како мотив во приказните. Во свое време, драмите на Шекспир биле она што се денес Истрага на местото на злосторството (Crime Scene Investigation- CSI). Сите можеле да ги видат драмите, од неписмените кои седеле на под во јавните театри, до високата класа за која овие изведби биле на дворот на Кралицата.

Печатените медиуми овозможиле овие приказни да се прошират и подалеку од театарската сцена. Со Гутенберговиот изум во 1452 година и следствениот развој на хартијата, до средината на 1500 година низ Европа биле отворени преку 1000 печатници. И, како што напредувало печатарството, така и книгите за „вистински злосторства“ го наоѓале својот пат до луѓето, опишувајќи криминални дејствија и казни кои ги следеле. Книгите ја разбудиле желбата за крв кај публиката, а во исто време претставувале и предупредување за потенцијалните престапници. Треба да се нагласи дека во овој период честа била и јавната егзекуција, која привлекувала огромна публика, жедна да ја види насилната надмоќ на власта. Интересен е податокот дека во средината на 18-тиот век со појавата на модерната новела Памела на Семјуел Ричардсон, се јавуваат и првите „повикувања“ на ефектите од медиумите. Текстот, кој

кружел низ Лондон, бил осуден за тоа дека промовира разврат и оти е штетен за моралните принципи. Грижите за деградирачките ефекти на насилството од печатените материјали станале уште поголеми во годините на појавата на плочките во 1801 година, со кои започнала и масовната продукција на книги, памфлети и брошури. Со појавата на телевизијата во 1920 година, медиумите добиваат уникатна улога во општеството како примарни раскажувачи и информатори кои испраќале и насилни пораки во општеството.

### *2.1 Насилството во содржините на телевизиските програми*

Се проценува дека 50% од телевизиската програма содржи насилство кое психолошки може да штети (Аџаип, 2008: 40).

The National Television Violence Study, направена на University of California, Santa Barbara (1998) е најголемото истражување за прибирање податоци за анализа на содржината на телевизиските програми, вклучувајќи три консекутивни ТВ-сезони од 1994 до 1997 година. Заклучено е дека речиси две од три телевизиски програми содржеле некаков вид насилство или околу 6 насилнички дејствија во еден час; помалку од 5% од овие програми промовирале антинасилни теми или просоцијални пораки со акцент на алтернативи на насилството или последици од истото; просечното гледање цртани филмови два часа дневно прикажува приближно 10.000 насилни сцени годишно, од кои истражувачите оценуваат дека најмалку 500 се со висок ризик за учење

и имитирање агресија или доведување до десензитација за насилството (TV Violence, 2003).

Испитувањата покажале дека тинејџерското насилство на 19-годишна возраст е поголемо, доколку гледаноста на ТВ-насилството до 8-та година е често. Истражувачите забележале насилство во 85% од филмовите кои секојдневно се прикажуваат на телевизија. Тие ова насилство го нарекуваат „психолошки штетно“ и во таа насока ги издвоиле цртаните филмови и детските програми кои често „нереално“ прикажуваат насилство без последици или казни. Американската лекарска комора го обвинува насилството на телевизиските екрани како делумно одговорно за големиот пораст на малолетничкото насилство помеѓу 1976 и 1992 година. Се смета исто така, дека телевизијата го осиромашува чувството за заедништво. Децата што гледаат телевизија помалку им веруваат на други луѓе и помалку учествуваат во организирани детски активности надвор од домот.

Сцените на ужас, страв и насилство доминираат на телевизиските екрани. Така, во САД насилството се прикажува во повеќе од 2/3 од целокупната програма. Еден 17-годишник присуствувал на сцени за 18.000 убиства. Прикажувањето на ова насилство е присутно и во кината, во стриповите и во многу други средства за јавно информирање. Сцените на насилство, ужас и страв дејствуваат многу посилно врз младите отколку врз возрасните, бидејќи тие многу се сoживуваат и се внесуваат во ликовите и во нивните судбини, а освен тоа децата ги прифаќаат настаните на екранот како да се реална вистина. Додека авторите на добрите приказни

воделе сметка дури и при описот на злосторството или на казните крвта воопшто да не се спомнува, дотогаш на телевизиските екрани злосторството се прикажува во детали.

Се поставува прашањето дали насилството на телевизија го зголемува или го активира агресивното однесување кај гледачите или пак доаѓа до редукција на агресивноста. Додека Платон тврдел дека „страшните“ претстави (парчиња) се опасни за гледачите, Аристотел (а подоцна и Фројд) тврделе дека таквите искуства можат да бидат можност за празнење (ослободување) од сите потиснати или неискажани чувства, па човекот по тоа се чувствува многу помалку агресивен. Денес, (иако сè уште постои дискусија), сè повеќе преовладува мислењето дека насилството на телевизија, сепак, го засилува и го активира агресивното однесување кај гледачите.

Врз основа на досегашните истражувања (Krilić, 2010) идентификувани се 4 типа претставување на насилства за кои се смета дека им отежнуваат на децата да ја разберат сериозноста на вистинското насилство кај луѓето:

- неказнето насилство: се смета дека дури една третина од насилничките програми во САД вклучува негативни влијанија што не се казнети или се казнуваат на самиот крај од програмата;

- безболно насилство: жртвите во речиси половина чинови (сцени) на насилство не покажуваат болка, па се верува дека овој вид претставување насилство содржи

порака дека насилството не предизвикува болка, повреди, па и смрт;

- весело насилство: овој вид насилство често се појавува во цртаните филмови, каде што ликовите што постојано се повредуваат, претставуваат хумор. Овие пораки ги прават децата нечувствителни за сериозноста на насилството и им порачуваат дека насилството е смешно;

- херојско насилство: околу 40% од сите чинови (сцени) на насилство на американската телевизија иницираат ликови што се претставени како позитивни (примери). Се смета дека таквото портретирање на хероите ги охрабрува децата за насилно однесување. Насилството кое го прави „доброто момче" за да заштити некого, може дури да претставува и поголем проблем отколку насилниот акт на „лошото момче".

Не треба да се инсистира за наполно исфрлување на насилството во медиумите, бидејќи тоа не би било разумно и пожелно. Со тоа не би се решил проблемот на насилство кој е присутен во реалниот живот на современиот човек. Но, претераното нудење насилство како разонода треба, секако да се осуди. Ова особено заради фактот што многу сцени упатуваат порака дека насилството е добар начин за решавање на проблемите и за постигнување определени цели. Врз младите, особено негативно дејствува насилството кое не е казнето, а уште повеќе ако на некој начин е наградено. Од ова треба да се изземе насилството насочено кон рушење на некој авторитарен режим (како што се

праведните ослободителни војни), бидејќи некогаш само на таков начин е можно да се оствари правдата.

*2.2 Изложеност на адолесцентите на насилството на телевизија*

Телевизијата не е замена за средбите, дружењето и интеракцијата со вистинските луѓе во вистински ситуации. Адолесцентот не може да го развие чувството за себе, ако нема контакт со околината. Додека се гледа телевизија, не се остварува релација со другите и не се стекнува искуство за решавање на интерперсонални проблеми. Повеќето проблеми на телевизијата се прикажани во поедноставени форми, со црно-бело размислување и нивното решавање, а честопати и решенијата, се насилни.

Истражувањата за влијанието од прикажување насилство известуваат за различни исходи за младите. Истражувачите примарно се фокусирале на агресивноста, исход кој психолозите го дефинирале како, „секое однесување, физичко или вербално, кое има намера да повреди друга личност“. Физичката агресија може да варира од помалку сериозни напади, како што е туркањето, преку посериозни физички контакти и тепање, до многу сериозни насилни дејствија и чинови кои носат ризик за повреди и смрт, како што се грабежи, силувања и убиства. Некои студии се фокусираат на тоа како насилството влијае на агресивното размислување, вклучувајќи верувања и ставови. Други студии се фокусирале на влијанието врз агресивните емоции - т.е. на емотивните реакции од типот на бес, лутина кои се поврзани со

агресивно однесување. Доминираат докази кои покажуваат дека насилното однесување често потекнува од една причина, а не од различни фактори кои се конвергираат со текот на времето и придонесуваат за вакво однесување. Според тоа, влијанието без разлика колку е силно или слабо, најдобро се разгледува како еден од многуте потенцијални фактори кои го обликуваат агресивното однесување.

Развојната перспектива е суштествена за разбирање на тоа како насилството влијае на однесувањето на младите. Голем дел од младите кои се агресивни и се вклучени во некоја форма на антисоцијално однесување не стануваат насилници. Како и да е, добро е познато дека многу насилни адолесценти биле многу агресивни, па дури и насилни во детството. Дете кое е многу агресивно е изложено на поголем ризик да порасне во агресивен адолесцент (Nagin & Tremblay, 1999: 1181-1196). Влијанието кое промовира агресивно однесување кај некои деца може да придонесе за пораст на агресивноста, па и на насилно однесување во подоцнежните години. Важно е да се разберат факторите кои во раните години можат да играат улога за подоцнежните исходи во однесувањето.

Сѐ повеќе истражувања ја поддржуваат теоријата која објаснува дека изложеноста на насилство го активира агресивното однесување или прифаќање на ваквите ставови. Малите деца учат многу моторни и социјални вештини набљудувајќи и имитирајќи го однесувањето на другите, особено на возрасните (Bandura, 1977). Социјалните интеракции ја обликуваат шемата за однесување која децата ќе ја стекнат, но учењето преку

набљудување е моќен механизам за воспоставување на социјални шеми во детството (Huesmann, 1998). Најголем број истражувачи се сложуваат дека опсервациското учење е најверојатно главниот психолошки процес кој ги дава основите за влијанието на насилството врз агресивното однесување. Овој процес може да објасни и како просоцијалните однесувања можат да поттикнат позитивно однесување (Mares, 1996).

Иако истражувачите се поделени на оние кои веруваат во долготрајни негативни ефекти од прикажувањето насилство врз мозокот на младите и на оние кои веруваат дека влијанијата се занемарливи, родителите остануваат загрижени дека нивните деца се соочуваат со негативни последици како резултат на изложеноста на прикажување насилство.

Според истражувањето направено врз основа на снимки од мозоците на млади кои штотуку играле насилна видеоигра се открива активност поврзана со зголемена возбуда (емоционален одговор) и намалена самоконтрола. Иако студијата не заклучува дали овие хемиски промени во мозокот ќе резултираат со агресивно однесување, тие покажуваат поврзаност меѓу прикажаното насилство и промените во мозокот. Исти резултати се добиени и во друга студија во која адолесцентите биле изложени на сцени од филм со насилство.

Во, можеби, првата лонгитудинална студија на оваа тема, иницирана и реализирана во 1960 година, со 856 млади во државата Њујорк, Хусман со своите

соработници (Eron, Lefkowitz & Walder цитирано во Huesmann et. al., 2003) откриле дека гледањето насилство на телевизија кај момчињата во раното детство е во статистичка корелација со нивното агресивно и антисоцијално однесување 10 години подоцна, дури и кога почетната агресија, социјалните класи, образованието и други релевантни варијабли биле контролирани. Повторното истражување на истите деца по 22 години, покажало дека нивната агресија во младоста „предвидела“ криминални активности во нивните 30-ти години од животот (Huesmann et al., 2003).

Како што покажуваат многу истражувања во последните децении, очигледна е корелацијата помеѓу гледањето насилство на телевизија и агресијата во детството и во адолесценцијата. Потврдено е дека изложеноста на насилство предизвикува пораст на агресивното однесување веднаш по гледањето. Овие ефекти се потврдени во неколку наврати и за момчињата и за девојчињата. Неколкуте претходно споменати лонгитудинални студии сугерираат дека постои и долготраен ефект од изложеноста на насилство во раното детство врз агресијата во младоста.

### *2.3 Ефекти од гледањето насилство на телевизија*

Заедничко за студиите кои се направени за насилството на телевизија и неговите ефекти (Аџаип, 2008) е што од нив може да се заклучи дека насилството

на телевизија е еден од многуте фактори кои придонесуваат за агресивно однесување. Различните типови на истражувања можат да се групираат како:

- *Лабораториски експерименти* кои се спроведуваат во контролирано окружување со цел да се манипулира изложеноста на медиумот и да се оценат краткотрајните ефекти. Учесниците се случајно назначени да гледаат насилен или ненасилен видеоклип и се набљудува нивното однесување потоа;

- *Теренски експерименти* кои се одвиваат во поприродно окружување. Како и кај лабораториските експерименти, и тука се покажуваат видеоклипови и се набљудува краткотрајниот ефект врз нивното однесување по гледањето;

- *Cross-sectional истражувања* кои претставуваат преглед на голем и репрезентативен примерок на гледачи во еден момент;

- *Лонгитудинални студии* кои нудат најдобар начин за истражување на долготрајните ефекти од изложеноста на насилни ТВ-содржини. Овие истражувања ја проучуваат истата група на индивидуи во неколку различни периоди низ годините за да се открие дали гледањето насилство е поврзано со следственото агресивно однесување. Овој метод е дизајниран за да открие каузални видови и статистички да ги контролира окружувањето, семејството и личните карактеристики кои во друг случај може да бидат причина за агресивност;

- *Мета-анализи* кои користат статистичка постапка за да ги комбинираат резултатите од неколку различни студии.

Сознанијата добиени од серија класични лабораториски експерименти (Аџаип, 2008:51) во 60-тите години од минатиот век, ги обезбедиле најраните докази за поврзаноста помеѓу насилството на телевизија и агресијата.

Од 1970 година, направени се голем број *cross-sectional* студии, кои покажале дека постои поврзаност помеѓу гледањето насилство на телевизија и агресивното однесување. Овие студии се корелациски и не докажуваат каузалност, па тешко е да се заклучи дали гледањето насилство на телевизија предизвикува пораст на агресивноста или гледачите се веќе агресивни, па преферираат да гледаат емисии со агресивни содржини. Во едно од истражувањата биле вклучени 2300 ученици од средното образование и биле замолени да направат листа на четирите најомилени програми, кои потоа биле анализирани во однос на агресивната содржина, и да направат листа на свои активности која ќе ја рангираат од тепање во училиште до деликвентно однесување. Истражувачите откриле дека оние кои сакале програми со повеќе насилство, имале и повеќе инциденти кои вклучувале и агресивно и деликвентно однесување (TV Violence, 2003).

Лонгитудиналната студија на Хусман за стабилноста на агресивноста низ времето и генерациите (сумирано во TV Violence, 2003) од '60-тите години на минатиот век, покажала дека навиките за гледање

телевизија биле значаен предзнак за агресивноста во возрасните години, без разлика на иницијалната агресивност на децата, коефициентот на интелигенција (IQ), социјалниот статус или родителствувањето. Изложеноста на телевизија за време на адолесценција-та, исто така, е поврзана со агресија во помладите години. Студијата која траела 17 години, заклучила дека тинејџерите кои гледаат телевизија повеќе од еден час дневно, биле во четирипати поголема опасност да извршат агресивен чин (22%  наспроти 6%), кога ќе се земе обѕир и поранешната агресивност, психичките пореметувања, приходите на семејството, образованието на родителите, негрижата за децата и насилството во соседството (TV Violence, 2003).

Најголемата метаанализа за насилството на телевизија, спроведена од Haejung Paik & George Comstok (1994) анализирала 217 студии направени помеѓу 1957 и 1990 година, и открила дека гледањето насилство било значајно поврзано со агресивното и антисоцијалното однесување, особено помеѓу помладите гледачи.

Мал број критичари на научните докази (Jonathan Freedman, Jib Fowles; 2003) заклучиле дека насилството на телевизија не придонесува за насилство во реалниот живот. Најголем дел од нив не ги базираат своите заклучоци врз основа на свои студии со спротивни заклучоци од досега презентираните, туку велат дека направените студии имаат грешка. Група на истражувачи извршила две лонгитудинални студии во период од три години во 80-тите, и заклучиле дека резултатите не ги

потврдиле нивните востановени критериуми за откривање на документиран ефект од насилството на телевизија врз однесувањето. Низ годините, некои истражувачи претпоставиле дека гледањето насилство на телевизија треба да ги намали чувствата на лутина и агресивните акции во реалниот живот. Неколку студии направиле обид да ја докажат оваа поврзаност, наречена „катарзичка хипотеза“, (Brad Bushman, Rowell L. Huesmann), но не дошле до докази кои би ја поткрепиле. Мета на критичарите бил методот кој се користел за проучување на насилството на телевизија. На пример, експерименталните студии биле критикувани поради вештачките ситуации на гледање телевизија, нереалните мерки за агресија и краткотрајните ефекти. Корелационите студии биле отфрлани поради тоа што не докажувале каузалност, а лонгитудиналните студии биле критикувани поради тоа што не нуделе цврсти и конзистентни резултати (Аџаип, 2008).

### *2.3.1 Поврзаност на возраста и полот со насилството на телевизија*

Карактеристиките како што се возраст, пол, искуство, когнитивен развој и темперамент треба да се сметаат за индивидуални фактори кои можат да бидат во интеракција со гледањето насилни содржини на телевизија.

Во периодот од 12 до 17 години, младите стануваат способни за апстрактно мислење и заклучување, но ретко ги користат своите способности кога гледаат телевизија, продолжувајќи да вложуваат малку напор

во следење на телевизиските програми. Тие гледаат помалку телевизија отколку кога биле помали, но поминуваат и помалку време гледајќи телевизија со родителите. Нивниот интерес на оваа возраст се врти околу независноста, сексот и љубовта, и тие се ориентираат кон музички спотови, хорор-филмови, порнографски филмови, кои обично ги вклучуваат овие теми, но на негативен начин. Адолесцентите го доведуваат во прашање реализмот на телевизијата и помалку се идентификуваат со ликовите од телевизијата. Малиот процент на оние кои продолжуваат да веруваат дека телевизијата е реална и да се идентификуваат со насилните ликови, поверојатно е да бидат поагресивни, особено ако фантазираат за теми кои се агресивно-херојски. Нивното апстрактно резонирање и нивната тенденција на оваа возраст да ги доведуваат во прашање конвенционалните авторитети, ги прави адолесцентите особено осетливи на имитирање одредени видови насилство прикажано на телевизијата, како што е криминалот или приказите на самоубиства. Сепак само мал процент на адолесценти ги имитира ваквите насилни чинови (Josephson, 1995).

Истражувањата за лонгитудиналната поврзаност помеѓу изложеноста на насилство на телевизија и подоцнежното агресивно и насилно однесување спроведени од Ровел Л. Хусман (Rowell L. Huesmann, 2003) и соработниците во два наврата, во 1960 и во 1977 година, покажале разлики во однос на полот на испитаниците. Додека првата студија покажала дека агресивното однесување во младоста, како резултат на изложеноста на насилството на телевизија, е

карактеристика само за момчињата, подоцнежното истражување од 1977 година, покажало дека изложеноста на насилството на телевизија во детството предвидува агресивно однесување и за двата пола. Лонгитудиналната студија за поврзаноста помеѓу гледањето насилство на телевизија и подоцнежното агресивно и насилно однесување придонесува со значајните, дополнителни емпириски докази, ефектите од гледањето насилство во детството да траат и продолжуваат во младоста, и го зголемуваат агресивното однесување и кај машките и кај женските деца (Huesmann et al., 2003: 201-221).

Друго истражување, спроведено од Хусман, кое вклучувало само девојчиња, покажало дека девојчињата кои често гледале емисии во кои станувало збор за агресивни хероини од 70-тите, пораснале во поагресивни жени кои се конфронтирале, мечувале, се бореле со ножеви, за разлика од другите девојчиња кои вакви емисии гледале ретко или не гледале воопшто (Abelard, 2006).

Истражувањето за насилството во медиумите од страна на UNESCO покажало дека агресивните машки ликови ги фасцинираат момчињата од сите култури. Момчињата ги одбираат акционите херои како свои примери, почесто од која било друга категорија на ликови. За разлика од нив, девојчињата како модел за идентификација избираат поп-ѕвезди. Студијата открила дека сликите во медиумите го поткрепуваат искуството на децата во нивното реално окружување (Groeber,1995: 20).

Речиси половина од момчињата и од девојчињата потврдиле дека постои поистоветување помеѓу она што го сметаат за реалност и она што го гледаат на телевизија. Многу млади исто толку реално го доживуваат и медиумското окружување во кое насилството изгледа природно, и во однос на тоа имат мислење како за најефикасно решение за животните проблеми. Таму каде што насилството не е одлика на секојдневниот живот, тоа е прикажано од медиумите како возбудливо, особено кога се прикажува вон контекст (Groeber,1995: 25).

### *2.3.2 Насилството на телевизија и агресивното однесување*

Насилството на телевизија сигурно не е одговорно за сите случаи на агресија кај малолетниците. Вистина е дека некои од нив можат да потпаднат под поголемо влијание за разлика од други, но ефектот од насилството на телевизија прави и ризичната категорија малолетници да бидат поагресивни во однесувањето од вообичаено (Josephson, 1995: 3).

Во студијата „Влијанието од насилството во медиумите врз децата и врз адолесцентите" (Feilitzen, C. Von, 2001) истражувачите откриле значајна корелација помеѓу постојаната изложеност на насилство и антисоцијалното однесување, како што се агресивни напади, навреди и грабежи. Студијата покажала и намалување во однос на желбата за помагање и соработка.

За да се објасни поврзаноста помеѓу гледањето насилство на телевизија и подоцнежното однесување (насилно, агресивно и др.) потребно е да се направи разлика помеѓу долготрајните и краткорајните ефекти од гледањето насилство на телевизија (Huesmann et al., 2003). Долготрајните ефекти од гледањето насилство на телевизија се објаснуваат преку неколку теории.

Во едни теории (сумирано во Huesmann et al., 2003: 202), поврзаноста се опишува преку опсервациско учење на три социјално-когнитивни структури: шеми за свет кој е непријателски; шеми за решавање на социјални проблеми кои се фокусирани на агресија и нормативни верувања дека агресијата е прифатлива. Со еден збор, овие социјално-когнитивни теории и теории за учење преку набљудување, ги постулираат долготрајните ефекти од изложеноста на насилството на телевизија врз развојот на шеми за агресивно решавање проблеми, предрасуди за светот кој се смета за непријателски и нормативни верувања кои ја оправдуваат агресијата (Huesmann et al., 2003).

Постојат уште две теории (сумирани во Huesmann et al., 2003: 202) кои ја објаснуваат долготрајната поврзаност помеѓу изложеноста на насилството на телевизија и агресивноста, без претпоставка за директен ефект од гледањето насилство врз агресивното однесување. Едната теорија, теоријата на намалување на осетливоста, се базира на фактот дека повеќето луѓе изгледа дека имаат вроден негативен емоционален одговор на гледањето крв и насилство – забрзан пулс, забрзано дишење и искази за нелагодност кои често ја придружуваат непријатноста од изложеност на вакви

стимулуси. Како и да е, со повторувана изложеност на насилство, овој негативен ефект се намалува и набљудувачот станува неосетлив. Другата теорија, претпоставува дека агресивното однесување, или однесување слично на тоа, стимулира изложеност на насилство и оттаму произлегува вооченатa релација меѓу нив.

Алтернативната теорија која е широко дискутирана, е „теоријата на трета варијабла“. Оваа теорија не треба да се меша со развојните перспективи на теоријата за учење преку набљудување и на теориите за намалување на осетливоста кои, исто така, важна улога им придаваат на родителствувањето, интелектуалните способности и социјалниот статус како варијабили кои придонесуваат и кон изложеност на насилството на телевизија и кон прифаќање на агресивно однесување. Според истражувањата на Хејунг Паик и Џорџ Комсток (Haejung Paik & George Comstok, сумирани во Huesmann et al. 2003), широк е спектарот на демографски, семејни и лични карактеристики, како што се социјалниот статус и коефициентот на интелигенција, кои се поврзуваат како со гледањето телевизија, така и со агресијата. Овие теории на трета варијабла, велат дека забележаната долгорочна поврзаност помеѓу агресијата и изложеноста на насилството во медиумите е лажна и е изведена од поврзаноста на овие две варијабли (агресивното однесување и насилството на телевизија), со една или повеќе од овие трети варијабли. Овие фактори не се сметаат за „отстранувачи“ на ефектот од насилството врз појавувањето на агресијата, туку како објаснувачи во однос на индивидуалните разлики во изложеноста на насилство и на индивидуалните разлики во силината на

ефектот кој го има прикажаното насилство (Huesmann et al., 2003).

Според „Теоријата на ефект“ која ја застапуваат многу истражувачи (N. Hawthorne, J. Stephen, H. Peterson etc.), насилството на телевизија има непосредно влијание врз публиката, а истражувањата кои поаѓаат од оваа теорија, дошле до заклучок дека се издвојуваат три штетни ефекти од гледањето насилство на телевизија, и тоа: 1) учење агресивни однесувања; 2) бесчувственост за програми со насилство и 3) зголемување на стравот дека гледачот би можел да биде потенцијална жртва на насилство (сумирано во Шиков, 2007).

Било кој од овие процеси може да придонесе за појавата и на краткотрајни ефекти од гледањето насилство на телевизија. Како и да е, се смета дека процесите на условување и на возбудување имаат улога кај овие ефекти. Набљудувањето на стимулус кој во минатото бил поврзан со видено насилство, или кој неминовно води кон насилство (оружје) ги активира запомнатите агресивни шеми и верувања доволно за да ја направи нивната утилизација поверојатна. Провокацијата која го следи стимулусот, поверојатно е да стимулира агресија, како резултат на условување. За сметка на тоа, што набљудуваното насилство го возбудува набљудувачот, агресивното однесување може да биде на кратки патеки и од две други причини: трансфер на екситација и генерална возбуда.

Важно е да се знае дека овие различни теоретски приоди не се заемно исклучиви. Само, теоријата на катарза е инкомпатибилна со сите претходни. Таа

предвидува дека гледањето насилство на телевизија треба да биде проследено со намалување на агресијата, но емпириски докази за ваква поврзаност речиси и не постојат (Huesmann et al., 2003: 203).

## 3. Порнографијата како феномен на модерното време

Луѓето станале толку навикнати на идејата за порнографијата како модерен феномен што лесно ја забораваат нејзината долга уметничка традиција. Првите примери на порнографска литература се креирани од италијанскиот автор Петро Аретино во 16 век, како дијалог помеѓу сексуално искусна и невина жена во *Рагионаменти* и во серија сонети како придружба на еротските слики (Hunt, 2000). Со порастот на печатарската индустрија ваквите текстови станале достапни низ Европа. Во 17-ти век порнографската литература се појавува како жанр. Во 18-ти век, модерната порнографија се јавува во текстовите на Маркизот де Сад, кој ја „истражувал крајната логичка можност на порнографијата, уништувањето на телото, центарот на задоволството, во име на желбата“ (Hunt, 2000). Се разбира, Маркизот бил исклучителна фигура за своето време и тој вистински ги преживувал своите фантазии за силување и убиство. Сепак, неговата работа ги срушила сите табуа, и од гледна точка на порнографијата како уметност, неговата работа требала да биде крај на сите жанрови. Фактот што порнографските текстови продолжиле да се пишуваат, прераснувајќи во голема мултимедијална индустрија, сугерира дека „уметноста“

немала голем удел во тоа. Всушност, Маркизот треба да се смета за точка на пресек помеѓу порнографијата како литература и порнографијата како функционален медиум. По 1800-тата година, сексуално експлицитната литература била пишувана само со цел да предизвика сексуална возбуда.

Слејд Џозеф (Slade Joseph, 1984:148-163) потеклото на порнографската медиумска индустрија го лоцира во раните години на 20-иот век, кога се снимени првите филмови со експлицитен секс. Раните црно-бели сцени на сексуален однос биле високо ценет материјал, гледан во тајни групи на мажи по клубови или по братства. За време на 20-тите години од минатиот век, кога ваквите материјали почнале да се шират, се појавил јаз помеѓу хетеросексуалната публика, од една и хомосексуалната и фетишистичката публика од друга страна. Хетеросексуалната публика собирајќи ги искуствата низ вековите, се инфилтрира во филмската киноиндустрија, со јавно прикажување на првата хард-кор сцена во 1968 година во Њујорк. Од тој момент порнографската индустрија зема замав. Од 60-тите години започнуваат и дебати околу легализација на порнографијата. Ставот во повеќето земји бил дека експлицитна содржина од каков било вид треба да биде забранета. Промена во ставовите се појавува со укинување на забраните за еротска литература (Љубовникот на лејди Четерли, книгите на Хенри Милер). Во 1969 година, Данската влада ја декриминализира порнографијата, и станува „кошница“ на порнографски активности, собирајќи ги под свое англиските филмаџии кои го „поплавуваат“ филмскиот пазар со порнографски филмови со

насилство. И покрај стравувањата од можна врска помеѓу порнографијата и сексуалното насилство врз жените, во годините по декриминализација на порнографијата во Данска всушност се намалил бројот на сексуални престапници (Kutchinsky,1973, 162-181; 1991, 147-164).

Во раните 70-ти години на минатиот век, филмови како *Длабоко грло* (1972), постигнуваат светска слава, а откривањето на видеорекордерот профитабилната индустрија ја претвора во бизнис со висок бруто домашен производ (БДП) за земјата. Веќе се забележува и разлика во навиките за гледање порнографија, бидејќи се до појавата на видеорикордерите порнографските филмови се прикажувале само во кината (Hebditch & Anning, 1988). Во истиот период, Британската влада потпаѓа под притисок на аргументите за и против порнографијата. Иако данското искуство со декриминализирање на порнографијата било позитивно, голем број антипорнографи изразиле остри забелешки за порногарфијата, наведувајќи дека таа има ниски стандарди во обликување на сликата за сексот наменета за публиката. Националната Асоцијација на гледачи и слушатели, под водство на Мери Вајтхаус (Mary Whitehouse) станала особено влијателна по овие прашања во своите кампањи. Порногафијата била само врвот на ледениот брег, а се обрнувало внимание на други „неморални" содржини како што се пцуењето и насилството на телевизија.

Во 1977 година Комитетот за цензура (Williams Committee) расправа за понатамошни рестрикции на

порнографијата во Велика Британија, врз основа на доказите кои ги собрале некои психолози за ефектите на медиумите. Тие сугерирале оти постојат различни докази дека порнографијата, или насилството во медиумите, ќе продуцираат штетни антисоцијални ефекти (Howitt & Cumberbatch, 1975). Следствено на ова Комитетот известил дека порнографијата претставува мала пречка за општеството. Како и да е, во следната декада под водството на Маргарет Тачер, владата вовела построги рестрикции на порнографската индустрија, кои произлегувале од претпоставката дека порнографијата е одговорна за антисоцијално однесување.

Спротивна ситуација се појавила во САД во 80-тите години на минатиот век, кога Комисијата за порнографија на Јавното обвинителство ги прифатила експерименталните лабораториски откритија за каузална поврзаност помеѓу изложеноста на сексуално насилни содржини и агресивно однесување кон жените (Einsiedel, 1988, 116). Иако Комисијата ги прифатила откритијата, Владата на САД одбивала да интервенира со закон кој би ја забранил продукцијата на ваков материјал, сметајќи дека со тоа се нарушува правото на слободен говор (Linz, Malamuth, & Beckett, 1992).

Прашањето за порнографијата во медиумите не е едноставно, но, не може да опстане тезата дека ограничувањето на порнографијата во медиумите е повреда на слободата на медиумите, и дека е исто што е и цензурата, бидејќи политички е рационален дискурс меѓу возрасните луѓе, а порнографијата е напад на возрасните врз детската психа и детската душа. Возрасните имаат начини на борба за своите права, а децата ги

немаат - тие се само објекти на медиумската индустрија врз која не можат да влијаат, а немаат развиени одбранбени механизми на критичен, когнитивен однос.

### *3.1 Порнографијата во содржините на телевизиските програми*

Според извештајот *Sex on TV 4* на Kaiser Family Foundation (2005) бројот на сексуални сцени на телевизија од 1998 година е речиси двојно поголем. И додека бројот на сцени кои го допираат прашањето за сигурен секс (одложување на првиот сексуален однос, користење заштита и можните последици од незаштитен секс) се зголемиле по 1998 година, во последните години оваа појава рапидно опаѓа.

Студија на Kaiser Family Foundation (2005) покажува дека преку 70% од емисиите (5.0 сцени во час) во 2005 година имаат некаква сексуална содржина, во споредба со 56% од емисиите (3.2 сцени во час) во 1998 г., и 64% од емисиите (4.4 сцени во час) во 2002 година. Овие резултати покажуваат речиси двојно зголемување на сексуалните содржини од 1998 година, и тоа од 1930 сцени во програмскиот примерок од 1998 година на 3780 сцени во програмскиот примерок од 2005 година. Но, и покрај генералните зголемувања на сексуалните содржини, бројот на емисии во кои се прикажува сексуалниот однос или тој се подразбира, има благо намалување од 2002 година кога бил 14%, на 11 % во 2005 година, што е сепак повеќе во однос на 1998 година кога бил само 7%.

Претходната студија утврдила дека во 2005 година во емисиите со некаква сексуална содржина 14% се со сцени кои се однесуваат на сексуален ризик или одговорност. Скоро ист е случајот и во 2002 година (15%), во споредба со 9% такви сцени во 1998 година.

Во емисиите во кои се прикажува сексуален однос (2005 г.) 27% се со сцени кои се однесуваат на сексуален ризик или одговорност, и приближно ист е процентот во 2002 година (26%), што е двојно повеќе од 1998 година, кога нивниот број бил 14% сцени кои се однесуваат на сексуален ризик или одговорност во емисиите во кои се прикажува сексуален однос.

Потпретседателката на Kaiser Family Foundation, Вики Рајдаут (Vicky Rideout,2005) вели: „Имајќи предвид колку е висок влогот, пораките кои ги испраќа телевизијата за сексот се важни. Телевизијата има моќ да зборува за сексуалните ризици и одговорности, на начин на кој тоа не можат да го остварат ниту сексуалното образование ниту брошурите од здравствените организации“.

„Порастот на телевизиски емисии кои прикажуваат некаква сексуална содржина, во комбинација со зголемен број сексуални сцени по емисија, доведува до драматичен пораст на сексуални содржини по 1998 година. За време на истиот период, бројот на емисиите кои вклучувале пораки за безбеден секс значајно се зголемил, но во последните години рапидно паѓа“, вели главниот истражувач (Kunkel et al., 2005г.).

Од дваесетте најгледани емисии помеѓу тинејџерите, 70% вклучуваат сексуални содржини, а скоро половина или 45% од нив, некакво сексуално однесување. За време на емисиите кои се даваат во ударните термини, сексуалните содржини се уште почести (8 од 10, или 77%) со дури 5.9 сексуални сцени во еден час. Околу 68% од сите емисии вклучуваат разговори за секс, а 35% од сите емисии презентираат сексуално однесување. Реалните шоуа се единствениот жанр во кој сексуалните содржини се застапени со 28%. Во филмовите овој процент е 92%, во комедиите 87%, во серијалите 87% и во сапунските опери 85%. Во однос на сцените кои ги обработуваат сексуалните ризици и одговорности, две третини се минорни или недоследни, во споредба со една третина кои се значајни или примарни, и овој процент е доследен од 1998 година (Kunkel et el., 2005).

### *3.2 Изложеност на адолесцентите на порнографијата на телевизија*

Феноменалниот раст на мас-медиумите во доцните години на 20-тиот век, а особено промовирањето на интернетот, опасно го зголеми пристапот до порнографијата и до информациите поврзани со сексот. Ова создава пречки во здравиот развој на сексуалноста, особено кај младите луѓе.

Иако многу родители се загрижени за пристапот на нивните деца до порнографски материјал, не сите тинејџери се подготвени да влезат во оваа „сексуализирана“ култура. Многу од нив се чувствуваат неудобно, вознемирено или засрамено при секое прикажување

порнографија (C. Von Feilitzen and U. Carlsson, 2000), со реакции кои одат од страв, преку срам до гнев и фасцинација (J. Cantor, M.L. Mares, and J.S. Hyde, 2003).

Според една анкета на американски студенти, 51% од мажите и 32% од жените признале дека за прв пат гледале порнографски филм пред да имаат 13 години (Perry,D., 2016).

Cross-sectional истражување направено во Австралија покажало дека 87% од Австралијците на возраст од 15 до 29 години некогаш гледале порнографија (Lim, M. et al., 2017: 438-443).

Адолесцентите често случајно „налетуваат“ на порнографски сцени. Студијата на Henry J. Kaiser Family Foundation открила дека 70% од младите на возраст од 15-17 години, случајно налетале на порнографски материјал (Henry J. Kaiser Family Foundation Report, 2002). Иницијалните реакции на одвратност рапидно се губат, па постарите адолесценти се со тенденција почесто да гледаат порнографија од помладите и двапати повеќе ќе признаат дека намерно гледаат порнографски содржини отколку помладите. Честото гледање порнографија, со време, ги заменува срамот и одвратноста со чисто уживање (Weaver, 1991). Се чини дека ненамерното изложување на порнографија има ефект на повторно враќање по „уште“, што е секако еден од стравувањата на родителите.

Гледањето порнографија ги дезориентира тинејџерите за време на нивниот развој кога тие треба да учат како да се справат со својата сексуалност и кога се

најранливи и несигурни во однос на нивните сексуални верувања и морални вредности. Студијата направена со 2343 адолесценти открила дека сексуално експлицитните содржини значајно ја зголемуваат сексуалната несигурност кај адолесцентите (Peter, J. and Valkenburg, P., 2008: 581).

Студијата на Тод Морисон (Todd G. Morrison, et al. 2006: 209-222) професор по психологија на Универзитетот Саскатчеван, со колегите открила дека адолесцентите кои се често изложени на порнографија имаат пониско ниво на сексуално самопочитување. Постои значајна поврзаност и помеѓу фреквентното гледање порнографија и чувството на осаменост, вклучувајќи и депресија. Конечно, гледањето порнографија може да предизвика чувство на срам. Во студија во која биле вклучени адолесценти, поголем дел од оние кои гледале порнографија чувствуваат одреден степен на срам поради гледањето. Како и да е, 36% од машките и 26% од женските испитаници одговориле дека никогаш не биле засрамени од гледањето порнографија. Но, честото гледање порнографија кај адолесцентите влијае и врз нивното однесување. Момчињата кои често гледаат порнографија, почесто влегуваат во сексуални односи со пријателки кон кои немаат романтични чувства (E. Häggström-Nordin, U. Hanson, and T. Tydén, 2005).

### *3.3 Ефекти од гледањето порнографија на телевизија*

Порнографијата како визуелна репрезентација на сексуалноста, го искривува концептот на индивидуата за

сексуални врски, објективизирајќи ги, што за возврат ги менува сексуалните ставови и однесување. Порнографијата е голема закана за бракот, семејството, децата и за индивидуалната среќа. Социолозите, клиничките психолози и биолозите почнале да разјаснуваат некои од социјалните и психолошките ефекти од порнографијата, а невролозите да ги опишуваат биолошките механизми преку кои порнографијата предизвикува моќни ефекти врз луѓето.

Моќта на порнографијата да го поткопа индивидуалното и социјалното функционирање е силна и длабока.

Порнографијата значајно ги искривува ставовите и перцепциите за природата на сексуалниот однос. Мажите кои често гледаат порнографија имаат поголема толеранција за абнормално сексуално однесување, сексуална агресија, промискуитет, па дури и силување. Мажите почнуваат да ги гледаат жените, па дури и децата како сексуални објекти, како инструменти за нивно задоволство, а не како личности со свое инхерентно достоинство.

Порнографијата може да создаде зависност. Аспектот на зависност има биолошка основа во излачување на хормонот допамин, како еден од механизмите за формирање пат до центрите на задоволство во мозокот. Зголемената сексуална слобода предизвикана од порнографијата го зголемува и ризикот од добивање сексуално преносլива болест или несакано родителство.

Адолесцентите кои се изложени на прикажано насилство покажуваат покачен крвен притисок, забрзан

пулс и покачен кортизол кој е одговорен за реакции во мозокот од типот „се тепам или бегам“.

Порнографијата ја погодува и емоционалноста на луѓето. Женетите мажи кои гледаат порнографија се чувствуваат помалку задоволни од својата брачна сексуална врска и помалку емотивно врзани за своите жени. Жените кои се во брак со мажи кои се зависни од порнографија чувствуваат предавство, недоверба и бес. Гледањето порнографија може да доведе до неверство, па и до развод. Адолесцентите кои гледаат порнографија покрај срамот чувствуваат и намалена самодоверба и сексуална несигурност.

Во мета анализа на лонгитудинални и cross-sectional истражувања, кои опфаќаат дваесет и две студии, Пол Рајт и неговите колеги објавиле дека “конзумирањето” на порнографија - и насилна и ненасилна - е поврзано со вербална и физичка сексуална агресија. Заклучокот важи, и за мажи и за жени, и за адолесцентите и за возрасните (Wright, P. 2016: 183-205).

### *3.3.1 Експериментални откритија*

Експерименталните лабораториски студии за ефектите од гледањето порнографија, во голема мера покажале различни откритија затоа што стимулусот и мерките варираат. Раните студии како стимулус ја користеле еротската литература во печатена или во аудио форма. Подоцна, истражувачите почнале да користат и видеоматеријали, најчесто комерцијални и достапни порнографски филмови. Речиси секогаш испитаниците

биле студенти. Мерењето на одговорите вклучувало „мерење на пенисот“ со направа за мерење на обемот (Malamuth, Check, & Briere, 1986: 330-340); агресијата се мерела преку варирањата на примерок на симулирани електрични шокови (Donnerstein & Berkowitz, 1981); и пополнување прашалници за ставовите кон жените, силувањето, расположенијата и сексуалното возбудување.

Најраната студија која сугерира поврзаност помеѓу порнографијата и антисоцијалното однесување е студијата на Зилман од 1971 година, за пренос на возбудувањето. Користејќи ја Милграмовата постапка, тој доаѓа до главниот заклучок дека, учесниците покажуваат најсилни ефекти по гледањето еротски филм; тие биле посилни дури и од оние ефекти на учесниците во истражувањето по гледањето на сцена со насилство. Во своите откритија тој сугерира дека негативните ефекти од порнографијата се едноставно покачување во агресивноста, едноставен физиолошки одговор. Подоцнежните истражувања ги анализирале ефектите на специфични типови на содржини врз когнитивните одговори на порнографија, особено ставовите кон силувањето. Користејќи литература како стимулус (Malamuth et al., 1980: 399-408) откриле дека испитаниците известиле за поголема сексуална возбуда по слушањето приказни за доброволен секс, отколку од приказните во кои имало присилен секс, иако овој ефект се намалува доколку жената која е вклучена во присилен секс постигне оргазам. До слични откритија дошле и други научници (Donnerstein & Berkowitz, 1981: 710-724) користејќи ја Милграмовата постапка.

Честа тема во литературата е онаа која го анализира ефектот од гледање порнографија врз прифаќањето на „митот за силување“ (Burt, 1980: 217-230). Типични митови поврзани со силувањето се:

- „само лошите девојки ги силуваат“ (жртвата е делумно одговорна);

- „жената може да го избегне силувањето ако навистина сака“;

- „силувачите се или гладни за секс или луди“.

Овие митови се чести во порнографијата и се главен фактор кој придонесува мажите да го гледаат силувањето како прифатливо однесување (Russell, 2000).

Во една метаанализа на 24 студии (Allen, M., Emmers, T., Gebhardt, L., & Giery, M. A. , 1995: 5-26) истражувачите откриле позитивна поврзаност помеѓу изложеноста на порнографија и прифаќањето на овие митови. Овие студии се одликуваат со широк опсег на мерења, но ниту еден од ефектите не бил пронајден во студии надвор од лабораториите, дури некои неекспериментални студии покажале високи негативни корелации.

Користејќи индиректно мерење, Зилман и Брајант (Zillman & Bryant, 1984:115-138) откриле дека по 5 дена од гледањето порнографија, учесниците во истражувањето во симулиран судски случај на силување, на престапниците им одредуваат пониски казни. До слични заклучоци дошла и група истражувачи (Linz, D., Donnerstein, E., & Penrod, S., 1984: 130-147) во студијата која ги споредувала ставовите кон жртвите на силување, но откриле дека ефектите се исти само кога станува збор

за насилни порнографски содржини. Ова наведува на заклучокот дека експерименталните истражувања во врска со порнографијата се резултат на „барани карактеристики“ (учесниците се приспособуваат на очекувањата на експериментаторот). Една од критиките на експерименталните истражувања за ефектите на порнографијата е дека учесниците се често ограничени во одговорите (Gunter, 2002). Во многу студии кои покажале корелација меѓу гледањето порнографија и антисоцијалното однесување, агресијата била единствениот одговор кој им бил достапен на учесниците. Во една студија (Fisher, W. A., & Grenier, G., 1994: 23-38) на учесниците како одговор им се нуди и неагресивна опција. Тие откриле дека голем дел од испитаниците ја одбираат токму таа опција, дури и по гледањето насилни секс-сцени.

Во научно-истражувачките кругови се дебатирало за десензитацијата како ефект од порнографијата, исто како и за насилството во медиумите. Гледањето експлицитни сексуални материјали во подолг период ги зајакнува митовите за силувањето и отвора апетит за уште поекстремни материјали, затоа што на гледачите со време им станува здодевно да гледаат „меки“ содржини. Зилман и Брајант (Zillman & Bryant, 1986: 560-578) го тестирале ова во својот експеримент во кој учесниците биле изложени на порнографија еден час неделно, во текот на 6 недели и потоа биле оставени сами во просторија со колекција на филмови за гледање. Учесниците кои гледале порнографија почесто бирале „XXX“ филмови, за разлика од контролната група. Тоа ги навело авторите да заклучат дека гледањето порнографија ги разгорува апетитите за хард-кор материјали. Сличен е

аргументот и во студиите кои ги испитувале ефектите од порнографијата на ставовите на учесниците кон своите партнери. Група истражувачи (Weaver, J. B., Masland, J. M., & Zillmann, D., 1984: 929-930) откриле дека машките учесници кои гледале порнографски содржини со атрактивни модели пониско ги рангираат своите партнерки од вистинскиот живот, за разлика од оние кои гледале содржини со неатрактивни модели. Зилман и Брајант (1988: 438-453) користејќи ја истата методологија на гледање порнографски материјал во тек на 6 недели, откриле дека и машките и женските учесници се изјасниле за пониско сексуално задоволство од своите партнери. До истиот заклучок дошле и група истражувачи (Kenrick, D. T., Gutierres, S. E., & Goldberg, L. L., 1989: 159-167) кои велат дека изложеноста на атрактивни модели со или без облека на себе, е доволно да ги направи луѓето незадоволни од партнерите.

### *3.3.2 Нееkспирементални откритија*

Еден од главните проблеми кај овие истражувања, дури и повеќе отколку од оние за насилството во медиумите, е тешкотијата во генерализирање на резултатите од користењето на порнографија во реалниот живот. Експерименталните истражувања за насилството во медиумите се критикувани поради нереалноста на условите во лабораториите со оние во релниот живот. Кога станува збор за истражувањата за порнографијата критиките се продлабочуваат, особено заради зачестеноста на употребата на порнографските материјали од средината на 80-тите години на минатиот век наваму,

откако видеоматеријалите и порнографските списанија го нашле својот пат во домовите, често користејќи се за самозадоволување. Катарзата која ја овозможува порнографијата, често прави на неа да се гледа како на алтернатива за сексот. Маламут (Malamuth, 1996: 8:31), тврдел дека порнографијата за мажите е како биолошки „трик“. Самозадоволувајќи се гледајќи разголен модел, мажот може да фантазира дека „постигнал погодок“ и на тој начин тој доживува катарза. Постојат многу добри работи во овој биолошки „трик“ - спречува каква било можност за добивање сексуално преносливи болести (СПБ), нема можност мажот да биде одбиен и е корисен кога има мал избор на жени, а голема конкуренција. Жените од друга страна немаат ваква корист како мажите. Затоа, тие преферираат еротика во која машките модели демонстрираат дека ќе бидат лојални и добри партнери. Без оглед на тоа дали еволуциските аргументи се прифатливи во однос на полот, изгледа нормално да се дискутира дека постојат и некои добивки од порнографијата. Впрочем, гледајќи го финансискиот успех на порнографската индустрија, тешко е да се претпостави дека порнографијата ја консумираат само девијантни индивидуи.

Многу автори ги анализирале придобивките од порнографијата: брачните советници и психосексуалните терапевти сметаат дека порнографијата може на двојките да им понуди стимулации, физички и ментални, за да ја обноват гаснечката сексуална врска (Malamuth & Billings, 1984: 117-129). Порнографијата генерално може да обезбеди информации поврзани со сексот (Trostle, 1993: 407-412) Истражувањето покажало дека иако

студентите не ја рангирале порнографијата високо како информатор за сексот, 50% од нив ја одбрале како извор на информации за орален и анален секс, а 43% ја одбрале како извор на информации за предиграта. Ова е изненадувачки аргумент, бидејќи се смета дека порнографијата тежнее да ги занемари аспектите на водење љубов, а да го нагласи самиот чин на сексуален однос. И покрај сликата која се појавува при помислата на гледање порнографија (сам маж во соба со палома до себе) ретки се истражувањата за секојдневно гледање порнографија. Еден од ретките примери е студијата (Demare, D., Lips, H. M., & Briere, J., 1993: 285-300) која испитувала 422 студенти, од кои 86% одговориле дека гледале порнографија најмалку еднаш во изминатиот месец, што е висока бројка имајќи на ум дека повеќето од нив веројатно биле во романтична врска. Вознемирувачки е што во истиот период 25% од нив гледале порнографија која го прикажувала силувањето како чин, а 36% гледале филмови во кои жените биле присилувани на секс. Студијата ги испитувала и ставовите на студентите кон силувањето, и нивните искуства во сексуалните односи, и открила дека 28 % од студентите веројатно би употребиле некоја форма на присилување за да постигнат сексуални односи, а 11% одговориле дека се способни да го направат самиот чин на силување. Во однос на искуствата, 16% употребиле некаков вид на принуда за да имаат сексуални односи, а 12% употребиле сила. Овие податоци внесени во модел кој ги анализирал предикторите за силување, покажале дека гледањето насилни порнографски содржини е значаен фактор.

### *3.3.3 Поврзаност на возраста и полот со порнографијата на телевизија*

Пролиферацијата на порнографски материјал и едноставниот и лесен пристап до него, веќе не го доведуваат во прашање тоа дали младите ќе бидат изложени на порнографски содржини, туку кога тоа ќе се случи. Изложеноста може да биде ненамерна или намерна. Постои загриженост дека младите луѓе се преплавени со сексуални информации пред да бидат развојно способни за нивно интегрирање во здрав сексуален идентитет, со последици за нив како индивидуи, но и за општеството. Иако изложеноста на порнографија е раширена помеѓу адолесцентите, степенот и ризикот од изложеност варираат во однос на демографските, социјалните и личните карактеристики. Момчињата, не само што се ненамерно изложени на повеќе порнографија, се дружат во средини кои ги ставаат на поголем ризик, туку исто така и поактивно ќе бараат сексуално експлицитни содржини од девојчињата, и ќе го консумираат во поголема мера од нив. Момчињата се разликуваат од девојчињата и во однос на тоа како преферираат да дојдат до порнографски содржини во медиумите. Иако шемата на употреба на медиумите се менува рапидно, во сите култури момчињата бараат порнографски материјали повеќе од девојчињата (Flood & Hamilton 2003; Wallmyr & Welin 2006).

Методолошките тешкотии како што се хетерогеност на примерокот, генерациски промени во социјалните норми, зголемена достапност на порнографијата и недостатокот од лонгитудиналните студии ги попречува обидите квалификувано да се опише како изложеноста

на порнографија варира низ човечкиот животен век. Во широк обем, изложеноста најверојатно е огледало на биолошките и когнитивни циклуси кои ги модулираат сексуалните интереси, желби и преземање ризици. Изложеноста е ниска кај предадолесцентите, се зголемува кај адолесцентите и најверојатно се намалува во зрелите години (Carroll et al. 2008: 6-30). Односот меѓу гледањето порнографија и возраста е сложен, а се должи на многу фактори кои го обликуваат сексуалното однесување.

Возраста на која младите биле прв пат изложени на порнографски содржини, е генерално помала кај момчињата. Достапните податоци индицираат дека многу млади под 16 години биле изложени на порнографија пред интернетот да стане секаде достапен (McKee, Albury & Lumley 2008). Иако интернетот претставува главна грижа за родителите, овој медиум не е неопходно прв или преферирна начин на изложеност на порнографија. Преферираните порнографски медиуми се менуваат со годините. Група истражувачи (Ybarra M.L. & Mitchell K.J. 2005: 473-486) откриле дека намерното изложување на порнографија расте со годините, од 8% кај млади луѓе од 10 до 13 години на 20 % кај оние од 14 до 17 години.

Разликите во полот, во однос на гледањето порнографија, произлегуваат од поширок социјален конструкт кој создава „удобен“ сексуален идентитет и изразување, прифаќање на порнографијата и концепти на „валидна употреба на порното“. Момчињата имале попозитивни ставови кон порнографијата и на помлада возраст, за разлика од девојчињата (Carroll et al., 2008;

Wallmyr & Welin 2006). Во контраст, девојчињата вообичаено имаат многу негативни ставови во однос на порнографијата, но со годините се менуваат нивните ставови и истите стануваат позитивни (или помалку негативни). До средината на своите дваесетти години, машките и женските испитаници можат да покажат слични ставови кон порнографијата (Carroll et al., 2008).

Изложеноста на адолесцентите на порнографија може да биде ненамерно и намерно. Постојат многу причини кога се појавува намерно изложување и овие причини варираат по пол и по возраст. Момчињата од 15 до 25 години (Wallmyr and Welin, 2006: 290-295) примарно гледале порнографија за да се возбудат и да мастурбираат (48.8%), од љубопитност (39.5%) или затоа што „тоа е cool“ (28.5%). Возбудувањето и мастурбирањето кај момчињата се клучни без оглед на возраста, и постои тенденција порнографијата да ја користат за фацилитирање во сексуалните врски. Во контраст, девојчињата примарно гледале порнографија од љубопитство, а подоцна ја користеле за да го зачинат својот сексуален живот.

Разликите во полот во однос на прифаќањето на порнографијата, причините за нејзино гледање и нејзината улога во процесот на сексуална социјализација се манифестираат во половите разлики, во патиштата и во социјалниот контекст на изложеност. Момчињата (Wallmyr & Welin 2006) почесто искажуваат дека гледаат порно-филмови сами или во група, за разлика од девојчињата, истакнувајќи ја важноста во мастурбирањето (кај момчињата) и сексуалната социјализација (кај

девојчињата). Пропорционално, висок степен на намерно изложување на порнографија има кога момчињата се на гости кај свој пријател (Wolak, Mitchell & Finkelhor, 2007: 247-257). За разлика, употребата на порнографијата кај девојчињата е повеќе сконцентрирана на врската и тие почесто гледаат телевизија со партнерот отколку со пријателите (e.g. Wallmyr & Welin 2006).

Адолесцентите кои имаат високи потреби насочени кон барање сензации, кои со своите однесувања ги кршат правилата или кои се деликвенти често известуваат за високи дози намерно изложување на порнографија (Bjørnebekk 2003; Wolak, Mitchell & Finkelhor, 2007). Деликвентите биле изложени на порнографија во младите години, често и на возраст под 10 години, и известуваат за поекстремна употреба на порнографијата од своите врсници (Bjørnebekk, 2003). За поголема изложеност на порнографија известуваат и незадоволните и депресивни млади луѓе, веројатно поради врската со импулсивноста, со слаботo социјално функционирање, и со „офлајн“ и „онлајн“ виктимизацијата (Peter & Valkenburg, 2006; Wolak, Mitchell & Finkelhor, 2007; Ybarra & Mitchell, 2005).

Сепак, иако некои персонални фактори можат да го зголемат ризикот од изложеност на порнографија, не сите млади луѓе кои се изложени на неа имаат психолошки проблеми. Употребата на „ризична“ порнографија нужно не значи и можност за идентификување на проблематично однесување.

Земајќи ја предвид високата изложеност на адолесцентите на порнографија, постои загриженост

дека младите луѓе се „поплавени“ со несакани и сакани, сексуални информации пред да бидат развојно способни конструктивно да се соочат со нив. Ова може штетно да ги трансформира сексуалните ставови и однесувања, како и сексуалноста и интимните врски. Грижите се фокусираат на потенцијалот на порнографијата за да:

- го попречи нормалниот сексуален развој (поттикнувајќи рана сексуална активност);

- поттикнува „отворен“ сексуален живот (прифаќање повремен и вонбрачен секс, повеќе партнери);

- поттикнува „неприродни“ практики (анален и орален секс, хомосексуалност);

- ја поткопува физичката, емоционалната и психичката благосостојба (генерира срам, вина, анксиозност, конфузија, слаби социјални врски и зависност); и

- ги поткопува социјалните врски и го поттикнува сексуалното насилство.

Постои разлика во причините за барање порнографски материјал помеѓу девојчињата и момчињата, разлики кои се паралелни со различните форми на користење порнографија од страна на возрасен маж и жена. Момчињата бараат порнографски материјали иницијално, бидејќи се љубопитни или сакаат да се возбудат, додека девојчињата се со тенденција да следат не-порнографски но сексуално ориентирани програми за сексуално здравје или за романтични врски (Cameron, et al., 2005: 535-540).

Влијанијата се различни за момчињата и за девојчињата. Момчињата велат дека имаат позитивни сеќавања на сексуално експлицитните материјали за разлика од девојчињата, и попозитивен однос кон необврзувачки секс, како што се зголемува нивната изложеност на порнографијата.

### *3.3.4 Порнографијата на телевизија и насилното однесување*

Адолесцентите не се немоќни жртви на медиумите. Дури и децата демонстрираат капацитет да гледаат вакви содржини и да ја проценат штетноста, земајќи ги предвид возраста, полот, развојниот капацитет, способноста да разграничат помеѓу реалност и фикција, природата на медиумските содржини и нивната модалност - забавна или информативна (Nightingale, Dickenson & Griff 2001: 212-224). Откако биле изложени на порнографски содржини децата покажуваат подготвеност да се вклучат или да се ослободат од овие содржини во однос на своите капацитети и желби (Livingstone & Bober 2003). Грижите произлегуваат бидејќи младите луѓе често го потценуваат потенцијалниот ефект на медиумите врз себе, иако многу од нив подоцна искажале дека биле многу мали кога првпат гледале порнографија. (Livingstone & Bober 2003; Nightingale et al. 2001).

Дебатите околу порнографијата се многу комплексни, контроверзни и силно емотивни. Иако научните истражувања можат да помогнат во разбирањето на порнографијата, концепцијата за нејзината штетност на

крај достигнува пошироки, истовремено филозофски грижи за сексуалната етика, слободата за сексуално изразување, поимите за идеализиран развој на човекот, и како овие сегменти се или треба да бидат договорени во и помеѓу различни култури. Рефлектирајќи го филозофскиот диверзитет во општествата, литературата е поделена во однос на штетноста и мерливоста на ефектите, со континуирана дебата во однос на валидноста на истражувачките методи и применливоста на резултатите. Невозможно е да се сумираат сите овие аргументи, или да се дефинираат сите штетни влијанија на порнографијата кај адолесцентите во еден труд. Научните истражувања се борат да останат во чекор со брзото темпо на менување на употребата на медиумите и окупираноста на малолетните лица со нив. Истражувањата за ефектите од изложеноста на порнографија во детството остануваат лимитирани, бидејќи се попречени како од етиката во истражувањата, така и од неможноста да се истражи таа изложеност во детството и во адолесценцијата. Иако мислењата за штетноста на порнографијата остануваат поделени, постои консензус заснован на истражување за возрасни, дека ефектите од порнографијата најверојатно нема подеднакво да се манифестираат во општеството. Оваа хетерогеност произлегува од негативните ставови и однесувања манифестирани од комплексните интеракции помеѓу медиумските содржини, постојните персонални фактори (искуство, карактеристики, знаења) и пошироки процеси на сексуална социјализација (Malamuth, Addison & Koss 2000:26-91).

Неколку фактори кои можат да влијаат на врската помеѓу изложеноста на порнографија и сексуалното насилство кај адолесцентите се евидентни:

- порнографијата значајно варира во однос на содржината, од голотија до сексуална експлицитност, од ненасилна до насилна. Ригорозна квантификација на тоа како содржината варира низ медиумите е тешка; и

- во однос на штетноста, содржината не е важна. Експерименталните истражувања покажуваат дека иако изложеноста на голотија може да ја намали агресијата, насилната порнографија е поврзана со зголемен ризик за агресија (Allen, D'Alessio & Brezgel 1995: 258-283). Загрижувачка е изложеноста на адолесцентите на насилна порнографија. Малку се знае за опсегот на материјали на кои младите луѓе се изложени и како тоа варира во однос на полот, годините и типот на изложеност.

Намерниот контакт со порнографија е саморегулиран. Сепак, многу адолесценти поставуваат стандарди за тоа кои сексуални содржини ги сметаат за непристојни и поверојатно одбираат содржини во согласност со нивните диспозиции (Bogaert 2001). Изложеноста на насилна порнографија може да биде почеста кај индивидуи кои се карактеризираат со прифаќање на интерперсонално насилство или антисоцијално однесување (Bjørnebekk 2003; Malamuth et al. 2000).

Останува грижата дека помалку експлицитна, ненасилната порнографија промовира нездрави сексуални ставови и однесувања, охрабрувајќи ги момчињата да ги гледаат девојчињата како сексуален потенцијал, а не како целина достојна за почит (Zillman, 2000). Се смета

дека во порнографијата сексот е силно одвоен од интимноста, љубовта и од човечките релации. Жените се најчесто нимфоманки, кои сакаат секс со сите мажи и уживаат во сè што мажите им прават (Jensen & OkrinaAustralian Institute of Criminology 2004). Но, феминистките се поделени по ова прашање. Некои порнографијата ја сметаат за штетна во однос на концепциите за тело, пол, сексуалност и интимност, за други таа потенцијално нуди позитивни ефекти за женската сексуалност. Критичен неуспех на овие истражувања, својствени на психолошките истражувања, е што ја игнорираат комплексната улога која ја играат емоциите и намерите, како и во употребата на порнографијата и во сексот, улога која може да ја зголеми или намали штетноста.

Според социјалната теорија на учење, не содржината сама по себе, туку потенцираните вредности се она што луѓето одбираат да го сметаат за потенцијално штетно. Врските помеѓу порнографијата и сексуалните ставови и однесување се посредувани од перцепираната реалност на материјалното и вклученоста на индивидуата во неа (Peter & Valkenburg 2006; Ward & Rivadeneyra 1999). Она што индивидуата одбира да го прифати од медиумите е обликувано од социјалните рамки, воспоставени преку искуството на индивидуата во интеракциите со семејството, врсниците, културата и со општеството. Изложеноста на насилство, сексизам и дискриминација во детството може да има длабоки ефекти на овие рамки.

Евидентно е дека личните фактори, како што се личните карактеристики, искуството и развојот во детството, играат голема улога во тоа како индивидуите

се вклучуваат во средината. Поекстремната употреба на порнографијата (изложеност во раните години, почесто гледање, насилна содржина) е најчесто поврзана со однесувања на преземање ризик и на рушење правила. Овие индивидуи почесто се вклучуваат во сексуални односи, кои историски гледано се или моментално се табу. Не е за изненадување што позитивните ставови кон повремен секс, и вклучувањето во него е почест кај индивидуи кои се карактеризираат со: потрага по возбуда, хипермаскулинитет (претераност во концептите на машки секс-улоги, со нагласување на доминација, сила и агресија), психотизам (антисоцијален персоналитет) и еротофилија (чувствување помалку вина и поотворено зборување за сексот) (Bogaert 2001: 29-53).

Најдена е значајна статистичка поврзаност помеѓу гледањето порнографија и некои специфични сексуални однесувања, но досегот на каузалната улога на порнографијата е во расправа. Се претпоставува дека нејзината улога во сексуалното насилство е посредувана од персонални фактори како што се генерално непријателство, непријателство кон жените, хипермаскулинитет, недостаток на емпатија, безлична сексуалност, рани сексуални односи, тешкотии во однесувањето како што се интерперсонални тешкотии, хиперактивност, импулсивност, деликвенција и антисоцијално однесување (Seto, Maric & Barbaree, 2001: 35-53). Начините на кои се расправа дека порнографијата е посредувана се делат на:

- гледањето порнографија предизвикува сексуално навредување преку посредувачки фактори (антисоцијална персоналност);

- гледањето порнографија и сексуалното навредување се поврзани со трет фактор (антисоцијална личност, хипермаскулинитет); и

- сексуалното навредување е предизвикано од трет фактор во комбинација со гледањето порнографија (сексуалната девијантност се влошува со изложеност).

Според последните две хипотези штетните ефекти на порнографијата ги експлоатираат постоечките фактори како што се непријателство и проблематично однесување, кои се манифестираат од искуствата во детството, а не од порнографијата како таква. Ова не значи дека гледањето порнографија не е штетно, туку дека не е извор на штетни ефекти.

Други извори на сексуална социјализација, кои вклучуваат други медиуми, семејство, врсници, култура и општество можат да ги зголемат или да ги моделираат ефектите од изложеност на порнографија.

# Трет дел

# Ставови на адолесцентите за насилството и порнографијата на телевизија

## 1. Основи на истражувањето за ставовите на адолесцентите кон насилството и порнографијата на телевизија

Основната цел на ова истражување е да се утврдат ставовите на адолесцентите од Република Македонија кон насилството и порнографијата на телевизија преку длабинска анализа на навиките на адолесцентите за гледање телевизија. Притоа, од интерс е да се откријат нивните омилени телевизиски жанрови, времето кое го поминуваат гледајќи телевизија, мислењето кое тие го имаат за насилството и за порнографијата на телевизија, како и мислењето за тоа какво влијание имаат овие репрезентации во нивниот живот.

Ова истражување има цел да ги утврди ставовите на адолесцентите кон телевизијата како медиум, како и кон програмите кои промовираат насилство и порнографија, зашто телевизиските продуценти се свесни дека овие две телевизиски содржини ја прават телевизијата најексплоатиран медиум за исполнување на слободното време.

Ова истражување се обиде да даде одговор на повеќе прашања:

- какви се навиките на адолесцентите за гледање телевизија?

- колку време адолесцентите поминуваат гледајќи телевизија и дали имаат ограничувања во однос на тоа?

- каков е пристапот на адолесцентите до телевизијата?

- какви се ставовите на адолесцентите во однос на почитување на системите за сигнализација?

- какво е мислењето на адолесцентите за насилството и за порнографијата на телевизија?

- дали има разлики во однос на полот за она што адолесцентите сакаат да гледаат на телевизија?

- дали постојат разлики во ставовите на децата (Аџаип, 2008) и адолесцентите во однос на насилството на телевизија?

### *1.1 Поимно категоријален апарат*

Во рамките на истражувањето особен акцент е ставен на насилството и порнографијата кои се прикажуваат во рамките на телевизиските програми и на ставовите на адолесцентите во врска со тоа. Оттука и потребата од дефинирање на поимите „насилство на телевизија“, „порнографија“, „став“.

*Насилство на телевизија*, се дефинира како „секое отворено прикажување на уверлива закана со физичка сила или употреба на физичка сила, со или без оружје, со намера да се повреди или заплаши живо суштество или група живи суштества. Насилството може да биде извршено или да е направен обид за извршување, и може или не мора да предизвика повреда. Насилството, исто така, вклучува каков било приказ на штетни последици врз живо суштество или група живи суштества, кои се јавуваат како резултат на насилство кое е прикриено“ (Joint Industry Group, 1997).

Во буквален превод *порнографија* значи „опис на актите на проститутките“ (Linz & Malamuth, 1993). Нема сомневање дека вакви описи егзистирале во сите комуникациски медиуми низ историјата. Се чини дека еден од првите одговори на која било нова форма на технологија е, таа да се искористи за да се создадат подобри сексуални слики. Порнографијата, се дефинира преку една широка дефиниција која вели дека печатените материјали, сликите и видеоматеријалите кои не го сместуваат сексуалното однесување во социјален контекст се сметаат за порнографски. Чести се дебатите помеѓу оние кои порнографијата ја опишуваат како „издувен вентил“ (припадниците од машки пол како најчести конзументи на порнографија) и оние кои сметаат дека порнографијата има бихејвиорален елемент, односно таа влијае на односите/однесувањата помеѓу половите. Важно е да се истакне дека дефинициите за порнографија и порнографско се менувале низ годините. Она што во еден одреден временски период се сметало за порнографско, во некој друг период може да го изгуби тоа обележје. Самиот поим „порнографија“ е од модерно потекло и потекнува од средината на 19 век, кога во викторијанска Англија е кованица од грчките зборови „порне“ и „грапхос“ за да означи „прикажување ʼкурвиʻ од најнизок ранг“ (Tang, 1997). Како наратив, порнографијата е утописки проект, израз на неостварливи тежнеења за ослободување од стегите на културата и на цивилизацијата и достигнување апсолутно задоволство. Како мас-медиумски визуелен и аудитивен производ, порнографијата е израз на баналност и кич, „хистерија на

видливото" (Williams, 1990). Идеолошки, порнографијата може да се толкува и како столб на патријархатот или барем како најексплицитен израз на неговото уредување (Dworkin, 1997). Без оглед на етимолошкото потекло на порнографијата, постојат различни дефиниции на овој поим бидејќи тој се поврзува со реални содржини. Расправата околу дефинирањето на порнографијата е исто толку комплексна како оние за цензурата или „ефектите", што е разбирливо кога се очекува да се знае што треба да предизвика што, а што треба да се забрани ако воопшто треба. Зборот порнографија вообичаено е погрден. Често се користи со спротивно значење од зборот *еротика*, за кој се смета дека алудира на одреден степен на уметност, во спротивност со сексот и голотијата во порнографијата. Бидејќи различните вкусови се фактор и внесуваат елемент на субјективност во процесот на дефинирање, многу истражувачи од оваа област преферираат склоп на термини за да ја дефинираат порнографијата како *сексуално експлицитни содржини* (Check & Guloine, 1989:159-184). Во рамките на оваа дефиниција има и операционални дефиниции - како што се софт-кор и хард-кор, термини кои се користат за да се направи дистинкција помеѓу ненасилна еротика и садомазохистички материјали и други „специјални" жанрови.

Дефинирањето на порнографијата е важно затоа што постои поделеност кај истражувачите за вистинските ефекти од различни типови порнографски содржини. Како и да е, интересно е дека прашањата околу ефектите се поистакнати во истражувањата за порнографијата, отколку во оние за насилството во медиумите. За

почеток таа како просоцијална алатка на медиумите е креирана со посебна причина. Некои дефиниции за порнографијата ги користат токму ефектите како клучни во дефинирањето:

Вилијамсовиот комитет за порнографија во Велика Британија (1977) ја одвоил порнографијата од еротиката за сметка на нејзината „намера сексуално да ја предизвика публиката“, додека еротиката „изразува сексуална возбуда, а не предизвикува... и може да има други заслуги кои ги намалуваат ефектите“ (Einsiedel, 1988: 108-121).

Давид Гилес (2003) во својата книга *Психологија на медиумите* зборот порнографија го користи како генерички термин. Тој смета дека може да се зборува за „порнографска индустрија“, еротика - која е помал проблем, бидејќи содржината е направена да биде погодна и за жените и за мажите, ја потенцира предиграта како и нежноста по сексуалниот однос и сексот го става во функција на врската.

*Ставот* е поим кој се користел и се користи од социолозите, социјалните психолози, комуниколозите и др., а најчесто се поистоветува со „мислење“. Ставот се дефинира како научена предиспозиција конзистентно да се реагира кон даден објект (Fishbein and Ajzen, 1975), а мислењето се дефинира како вербализиран став (Trommsdorff, 1998). Според Томас  В. И. (Thomas W.I) ставот е: „тенденција да се дејствува; желба за дејствување; можност за дејствување; вербално несогласување; идеал; стандард; разбирање на...; мислење за... и др.“.

Истражувањето за ставовите на адолесцентите кон насилството и кон порнографијата на телевизија се задржува на дефиницијата за *ставот како мислење за...* (Thomas W.I. and Znaniecki F., 1998), односно на вербализираните ставови на адолесцентите кон насилството на телевизија (Trommsdorff, 1998).

## *1.2 Методолошки приод*

Во многу дебати и научни расправи, често се тргнува од здраворазумското сознание за тоа дека телевизијата врши големо влијание врз оние што ја гледаат, а особено врз децата и младите. Она што најчесто недостасува се реални и детални сознанија за различните навики на употреба на телевизијата или со други зборови, за различните методи на употреба на телевизијата како медиум, вклучувајќи ги и преференциите на публиката кон одделни видови програми.

### *1.2.1 Методи на истражувањето*

Во ова емпириско истражување, се користи анкетата, и во фазата на анализа на податоците се применува квантитативна и квалитативна анализа на податоците. Таа се состои од: анализа на податоците добиени преку прашалникот и идентификување на ставовите на адолесцентите кон насилството и порнографијата на телевизија. Потоа следи и споредбена анализа на овие ставови, со ставовите на децата кон насилството на телевизија од основните училишта во Скопје.

### *1.2.2 Постапки, техники и инструменти на истражувањето*

Во фазата на собирање податоци е применета анкетата како истражувачка постапка, која се однесува на ставовите на адолесцентите (учениците од средните училишта во Република Македонија) кон насилството и порнографијата на телевизија.

Анкетата е постапка со која на испитаниците им се поставуваат прашања во врска со факти од научен интерс или прашања преку кои ќе се добијат мислења, односно ставови на испитаниците.

Инструмент на анкетата е прашалникот. За составување на прашалникот најважно е да се знае какви податоци треба да обезбедат одговорите на прашањата кои се вклучени во него. Со оглед на тоа што анкетните листови можат да се пополнуваат по пат на интервју и од страна на самите испитаници, важно е да се напомне дека во ова истражување испитаниците сами ги пополнуваат анкетните листови.

Прашалникот се состои од серија прашања или тврдења, со чии одговори треба да се добијат информации од анкетираните лица. Иако, прашалникот е често дизајниран за статистичка анализа на одговорите, тоа не мора секогаш да биде така. За разлика од анкетните листови преку кои може да се добијат фактички податоци, во ова истражување се користи прашалник (со прашања) чии одговори треба да дадат податоци за ставовите, во овој случај, кон насилството и порнографијата на телевизија.

Анкетата има предност во однос на другите истражувачки постапки затоа што е евтина постапка и не бара од истражувачот ангажман како за вербалните или телефонските истражувања. Еден од основните услови за користење на прашалникот како истражувачка техника е испитаниците да бидат способни да го прочитаат прашалникот и да можат да одговорат на прашањата.

Користењето на фокус-групите како истражувачка техника, го ограничува примерокот кој овде може да биде вклучен. Затоа ставовите на децата од основните училишта во Скопје кон насилството на телевизија е само прелиминарна фаза во истражувањето. Со користењето анкета како истражувачка постапка, се очекуваат резултати од поголем и порепрезентативен примерок од популацијата на ниво на Република Македонија.

Прашалникот е моделиран врз основа на чек-листата на прашања според кои се водени фокус-групите во истражувањето во основните училишта во Скопје, дополнет и доразработен, и приспособен на потребите на истражувањето, со вклучување прашања на навиките за гледање телевизија, за омилените телевизиски жанрови, за насилството и за порнографијата на телевизија итн.

Вообичаено анкетирањето започнува со претставување на прашалникот и со објаснување дека нивното училиште не е единствено во кое се реализира ова истражување, дека тоа се спроведува со цел да се открие што сакаат, а што не сакаат адолесцентите да гледаат на телевизија и какви се нивните ставови во однос на прикажувањето насилство и порнографија на телевизија, со

можност, доколку се чувствуваат непријатно, да не учествуваат во истражувањето. Ниту еден ученик не одби да учествува во истражувањето.

### *1.2.3 Извор на податоци*

Извор на податоци се добиените одговори на прашалникот на адолесцентите кои учествуваа во истражувањето.

Во истражувањето беа вклучени 468 адолесценти од III и IV година, од 19 средни училишта во Република Македонија од предвидените 20 средни училишта. Истражувањето беше спроведено во периодот мај/јуни 2011 година. Учениците ги пополнуваа анкетите за време на училишната недела, и тоа за време на часовите, во просторија одвоена од останатите училници, во која пополнувањето можеше непречено да се одвива.

Учениците прво ги пополнуваа демографските податоци од кои беа добиени податоци за родителите, кое укажува на различниот степен на образование (4,50% од родителите се со низок, а 30,87% се со висок степен на образование и најголем дел од родителите се со средно образование 64,63%). Најголем дел од учениците имаа по еден брат или една сестра (87,26%), а само 2,12% имаа по три сестри или браќа.

*1.2.4 Рамка на примерокот*

Рамката на примерокот се определи според податоците од регистрираните средни училишта во Република Македонија. Од средните училишта (јавни и приватни - вкупно 103) по случаен избор беа избрани 20 средни училишта во кои се спроведе анкетата (со исклучок на специјалните училишта). Избирајќи го случајниот примерок, како начин за формирање на примерок за ова истражување, се зголемува можноста на сите училишта и ученици да имаат еднаква веројатност да бидат вклучени во примерокот, а се зголемува можноста за генерализација на податоците на целокупната средношколска популација.

Од сите регистрирани, во примерокот на средни училишта, по случаен избор, односно со користење на Табелата на случајни броеви (Николовски, 2001: 363-367), беа избрани следните 20 средни училишта:

*Табела 1.* Листа на средни училишта вклучени во истражувањето

| | **Средно училиште** | **Град** |
|---|---|---|
| 1. | Марија Кири Склодовска | Скопје |
| 2. | Методија Митевски - Брицо | Скопје |
| 3. | Јован Калаузи | Битола |
| 4. | Орце Николов | Скопје |
| 5. | Илија Николовски - Луј | Скопје |
| 6. | Арсение Јовков | Скопје |
| 7. | Раде Јовчевски - Корчагин | Скопје |
| 8. | Моша Пијаде | Тетово |
| 9. | Гоце Делчев | Куманово |
| 10. | Перо Наков | Куманово |
| 11. | Миле Јаневски - Џингар | Македонска Каменица |
| 12. | Јане Сандански | Штип |
| 13. | Оксиа | Штип |
| 14. | Димитар Влахов | Струмица |
| 15. | Гоце Делчев | Валандово |
| 16. | Киро Спанџов - Брко | Кавадарци |
| 17. | Коле Неделковски | Велес |
| 18. | Орде Чопела | Прилеп |
| 19. | Крсте Мисирков | Демир Хисар |
| 20. | Наум Наумовски - Борче | Крушево |

Изборот на паралелките е направен по претходно укажување на лицата за контакт во училиштата, односно по предлог на директорот, педагошко-психолошката служба или наставниците. Учениците изненадија со својата одговорност во пополнувањето на анкетните листови, како и со своите размислувања на отворените прашања. За потребите на истражувањето прашалникот беше преведен и на албански јазик.

## 2. Резултати од истражувањето

Во ова истражување е користена анкетата како истражувачка техника. Резултатите од истражувањето се анализирани преку статистичка обработка на податоците добиени од одговорите на 468 испитаници (242 женски и 226 машки) на 55 тврдења во прашалникот изготвен за потребите на истражувањето.

Анализата на одговорите, со добиените резултати е прикажана на 41 график, 29 графикони и 21 табела.

### *2.1 Пристап на адолесцентите до телевизија*

За да се добие целосна слика за тоа колку адолесцентите се изложени на телевизијата и колку таа е присутна во нивното секојдневие, тие одговараа на серија тврдења во прашалникот поврзани со овој проблем.

Податоците за бројот на телевизори во домаќинствата на адолесцентите се прикажани на графикот 1.




*График 1.* Број на ТВ- приемници во домот

Податоците за бројот на телевизори во домаќинствата покажуваат дека најголем дел од испитаниците имаат по два телевизора во домаќинствата (50,64%), додека 38,46% од испитаниците имаат по три или повеќе телевизори во домаќинствата. За споредба, во САД 79% од домаќинствата имаат 3 или повеќе телевизори. (Kaiser Family Foundation, 2010: 16). Истражувањето за „Ставовите на децата кон насилството на телевизија“ (Аџаип, 2008: 112) покажало дека постои приближно ист процент на 3 или повеќе телевизори во домаќинствата (41,23%) што се совпаѓа со податоците од ова истражување. Резултатите од истражувањето на публиката на медиумите во Македонија (ИСППИ, 2000: 84), покажале дека во 2000 година 74,6% од домаќинствата имале по 1 телевизор, 19,3% имале по 2, а само 2,9% имале по 3 телевизори. Ниту еден телевизор немале дури 1,8%.

Најголем дел од семејствата на адолесцентите вклучени во ова истражување се приклучени на кабловска телевизија (60,56%). Во споредба со истражувањето на медиумите во Македонија (ИСППИ, 2000: 84), кога

само  6,3% од домаќинствата биле приклучени на кабловска телевизија, ова е значително зголемување на пристапот до ТВ-програмите од 2000 година до денес. Според истражувањето на Kaiser Family Foundation (2010: 16), 84% од домаќинствата во САД се приклучени на кабловска телевизија. ТВ-сигналот преку сателитска телевизија или преку антена го добиваат најмал дел од домаќинствата на адолесцентите во Република Македонија (8,56%).




*График 2.* Прием на ТВ-каналите

Во однос на прашањето дали имаат телевизор во својата соба, ДВД и компјутер со интернет пристап, сумирањето на одговорите на адолесцентите ги даде податоците прикажани на графиконот 1.




*Графикон 1.* Пристап до телевизор, ДВД, интернет

Во однос на прашањето за тоа дали имаат телевизор во својата соба, ДВД и компјутер со интернет пристап, сумирањето на одговорите на адолесцентите во ова истражување покажа дека момчињата се во предност кога станува збор за телевизорите во својата соба во однос на девојчињата (78,31% наспроти 65,70%). Истото се однесува и за податоците за компјутерите со интернет пристап (92,47% наспроти 88,84%). Процентот на адолесценти во Република Македонија (71,79%) кои имаат телевизор во својата соба е далеку помал од оној на учениците од основните училишта, кој изнесува 90,72% (Аџаип, 2008: 112). Оваа разлика може да се протолкува преку високиот процент на адолесценти кои имаат компјутер со интернет пристап во своите соби, а со самото тоа и можност за гледање на телевизиската програма „online“.

За да се добие целосна слика за тоа колку адолесцентите се изложени на телевизијата и колку таа е присутна во нивното секојдневие, испитаниците одговараа на серија тврдења во прашалникот направен за ова истражување.

### *2.2 Навиките на адолесцентите за гледање телевизија*

Споредбените податоци за следењето на телевизиските програми на момчињата и девојчињата се прикажани на графиконот што следи (графикон 2).




*Графикон 2.* Следење на ТВ-програмите

Во одговорите од прашалникот во однос на следењето на телевизиските програми, адолесцентите во најголем дел одговорија дека телевизиските програми најчесто ги следат преку ТВ-приемникот (93,80%), додека телевизиска програма преку интернет (online) следат само 6,20%. Споредбените податоци во ова истражување за следењето на телевизиските

програми од страна на момчињата и девојчињата покажуваат дека нема разлики во однос на полот. Преку ТВ-приемник телевизиските програми ги следат 90,7% од момчињата и 90,08% од девојчињата. Телевизиските програми преку интернет ги следат 9,29% од момчињата и 9,92% од девојчињата.

Адолесцентите најчесто гледаат телевизија кога тие сакаат. Така се однесуваат 97,34% од момчињата и 96,69 % од девојчињата. Добиените податоци за ова тврдење се прикажани на графикот 3 и во табелата 2.




*График 3.* Можност за гледање ТВ-програми

*Табела 2.* Споредбени податоци за можноста за гледање ТВ-програми

| **Телевизија можам да гледам** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| сам/а одлучувам | 97.34% | 96.69% |
| родителите ми определуваат кога ќе гледам телевизија | 1.76% | 1.24% |
| имам строго определено време за гледање телевизија | 0.88% | 2.07 |

На многу мал дел од адолесцентите родителите им определуваат кога да гледаат телевизија, односно имаат строго определено време за тоа (1,76% од момчињата, и 1,24% од девојчињата). Од страна на родителите построг критериум во однос на гледањето телевизија се покажува за девојчињата (2,07%) во однос на момчињата (0,88%). На овие адолесценти родителите им го определуваат времето за гледање телевизија. За споредба, истражувањето на Kaiser Family Foundation (2010: 17) покажало дека на 26% од адолесцентите во САД родителите им определуваат кои емисии ќе ги гледаат, а на 16% строго им определуваат колку време може да поминат гледајќи телевизија.

Ова истражување покажа дека најголем дел од адолесцентите, телевизија гледаат сами понекогаш (54,27%). Процентот на девојчињата кои никогаш не гледаат телевизија сами (8,27%) е поголем од оној на момчињата (1,32%). Овој процент ги репрезентира адолесцентите кои изјавиле дека дома имаат по еден телевизор во домаќинството, и најголем дел од оние кои

немаат телевизор во својата соба. Сумираните и споредбените податоци за тврдењето „Телевизија гледам сам/а“ се прикажани на графикот 4 и графиконот 3.




*График 4.* Сумирани податоци за тврдењето: Телевизија гледам сам/а




*Графикон 3.* Споредбени податоци за тврдењето: Телевизија гледам сам/а

Истражувањето исто така покажа дека најголем дел од адолесцентите (57,59%) телевизија можат да гледаат сами. Тоа го прават најчесто навечер (момчињата - 64,94% почесто од девојчињата - 50%), кога родителите заспиваат.

Поголем дел од девојчињата, според ова истражување, телевизија гледаат во попладневните часови (35,11%), кога се емитуваат и најголем дел од сериите „сапуници“, кои се нивна најомилена телевизиска програма. За разлика од нив момчињата (19,58%) преферираат спорт. Мал е процентот на оние адолесценти кои телевизија гледаат цел ден (4,25% девојчиња, односно 3,09% момчиња).

Графикот 5 и графиконот 4 ги прикажуваат сумираните и споредбените податоци за ова тврдење.




*График 5.* Сумирани податоци за одговорот на прашањето: Во кое време од денот најчесто гледате телевизија сами?




*Графикон 4.* Споредбени податоци за одговорот на прашањето: Во кое време од денот најчесто гледате телевизија сами?

Податоците добиени во однос на гледањето програми во доцните вечерни часови се прикажани на графикот 6 и графиконот 5.




*График 6.* Сумирани податоци за тврдењето: Најдоцна сум останал да гледам телевизија до _________




*Графикон 5.* Споредбени податоци за тврдењето: Најдоцна сум останал да гледам  телевизија до _________

Со оглед на тоа што најголем дел од адолесцентите телевизија гледаат навечер, се забележува дека најголем дел од нив останувале гледајќи телевизија по 1 часот по полноќ (график 6), а голем дел од нив и до раните утрински часови. Ова особено се однесува за момчињата. Генерално, процентот на момчиња кои останале по 1 часот по полноќ гледајќи телевизија е поголем од оној на девојчињата (графикон 5). Индикативен е податокот за гледање ТВ-програми до наутро, за што се изјасниле 23,89% од момчињата и 10,74% од девојчињата. Овој процент можеби се должи на фактот дека најчесто во доцните часови се емитуваат спортските натпревари од светски ранг (тенис, кошарка и др.).

Поголем дел од адолесцентите на тврдењето дека ТВ-програмите ги следат со некој од семејството, одговорија дека тоа го прават понекогаш. Сумираните и споредбените податоци за ова тврдење се прикажани на графикот 7 и графиконот 6.




*График 7.* Сумирани податоци за тврдењето: Телевизија гледам со некој од семејството




*Графикон 6.* Споредбени податоци за тврдењето: Телевизија гледам со некој од семејството

Поголем дел од адолесцентите на тврдењето од прашалникот дека ТВ-програмите ги следат со некој од семејството, одговорија дека тоа го прават понекогаш (47,65%). Истражувањето покажаа дека 57,52% од момчињата понекогаш гледаат телевизија со некој од семејството за разлика од девојчињата (38,43%). Од друга страна пак, 47,11% од девојчињата се изјасниле дека често гледаат телевизија со некој од членовите од семејството, во однос на момчињата (33,62%). Изборот на програмата која се гледа со семејството е различна, но најчесто заедно се гледаат серии (34,65%) и филмови (32,01%). Девојчињата со семејството најчесто гледаат серии (37,95%), а момчињата филмови (29,62%).

Изборот на програмата која се гледа со семејството е различна, но најчесто семејството заедно гледа серии (34,65%) и филмови (32,01%). Момчињата за разлика од девојчињата повеќе гледаат спорт со семејството (13,88%), а девојчињата вести и информативни емисии (14,36%). На графикот 8 и во табелата 3 се прикажани сумираните и споредбените податоци за тоа што најчесто гледаат адолесцентите со семејството.




*График 8.* Сумирани податоци за тврдењето: Со семејството најчесто гледам

*Табела 3.* Споредбени податоци за тврдењето: Со семејството најчесто гледам

| **Со семејството најчесто гледам** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| филмови | **29.62%** | 33.33% |
| серии | 28.70% | **37.95%** |
| фудбал | 6.48% | |
| спорт | 13.88% | 4.62% |
| документарни емисии | | 4.10% |
| забавни емисии | 5.55% | 3.08% |
| квизови | 5.55% | 2.56% |
| вести / информативни емисии | 10.18% | 14.36% |

Со цел да се направи релација помеѓу времето кое родителите го поминуваат посетувајќи културни настани или читајќи книги, а со тоа давајќи им пример на своите деца за користење на слободното време, и гледањето телевизија, во прашалникот беа вметнати тврдења за посетеност на културни настани и за читање книги. Во графиците 9 и 10 се прикажани сумираните резултати добиени од адолесцентите.




*График 9.* Сумирани податоци за тврдењето: Моето семејство посетува културни настани




*График 10.* Сумирани податоци за тврдењето: Во моето семејство се читаат книги

Со оглед на тоа што адолесцентите растат во семејства во кои генерално ретко се посетуваат културни настани (најголем процент односно 24,79% тоа го прават еднаш во три месеци) и ретко се читаат книги (најголем процент односно 50,85% тоа го прават понекогаш), може да се претпостави дека и адолесцентите ретко го прават истото, а почесто се насочени кон телевизијата како кон верен информатор. Загрижува податокот што голем број од адолесцентите времето за активен одмор го поминуваат пред ТВ-приемникот. Оттука и грижата која треба да се поведе за програмската шема и за она што како програма им се нуди на младите луѓе.

### *2.3 Време кое адолесцентите го поминуваат гледајќи телевизија и ограничувањата во однос на тоа*

Очекувано е со текот на годините адолесцентите помалку време да поминуваат гледајќи телевизија, а повеќе социјализирајќи се со своите врсници. Најголем дел од адолесцентите вклучени во ова истражување ја потврдија претпоставката дека со текот на годините помалку време поминуваат гледајќи телевизија. Учениците од основните училишта (Аџаип, 2008: 116) гледајќи телевизија поминувале 6-7 часа дневно. Сумираните и споредбените податоци за времето кое адолесцентите го поминуваат гледајќи телевизија во текот на училишната недела се прикажани на графикот 11 и графиконот 7.




*График 11.* Сумирани податоци за тврдењето: За време на училишната недела гледајќи телевизија поминувам




*Графикон 7.* Споредбени податоци за тврдењето: За време на училишната недела гледајќи телевизија поминувам

Податоците добиени за времето кое адолесцентите го поминуваат пред ТВ-екраните во текот на училишната недела покажа дека најголем процент од нив (29,06%) поминуваат од 3 до 4 часа дневно гледајќи телевизија. Овој податок добиен во истражувањето е

приближно ист со оној кој е добиен според истражувањето на Kaiser Family Foundation (2010: 5) во кое адолесцентите на возраст од 15 до 18 години гледајќи телевизија поминуваат 4:22 часа. Сепак, не е занемарлив и процентот на адолесцентите кои пред телевизиските екрани, според ова истражување, во Република Македонија поминуваат и по 5-6 часа, па и повеќе (13,46%).

Истражувањето на Kaiser Family Foundation (2010: 4) покажало дека младите кои имаат телевизор во своите соби поминуваат околу 12 часа дневно гледајќи телевизија. Оние кои немаат телевизор во своите соби, гледајќи телевизија поминуваат околу 8 часа дневно.

Во истражувањето во Република Македонија се добија податоци и за времето (дневно) кое адолесцентите го поминуваат гледајќи телевизија за време на викендите и празниците. Не е забележана значителна разлика во однос на гледаноста, односно времето поминато пред ТВ-екранот за време на викендите. Податоците за ова тврдење се прикажани на графикот 12 и графиконот 8.




*График 12.* Сумирани податоци за тврдењето: За време на викендите или празниците гледајќи телевизија поминувам




*Графикон 8.* Споредбени податоци за тврдењето: За време на викендите или празниците гледајќи телевизија поминувам

Податоците добиени во истражувањето во однос на временската рамка на гледаност на ТВ-програмите покажуваат дека во семејствата на адолесцентите во просек се гледа телевизија од 3-5 часа дневно (27,14%). Треба да се забележи дека е голем процентот на семејства (26.07%), во кои ТВ-приемникот е вклучен цел ден. На графикот 13 и во табелата 4 се прикажани сумираните и споредбените податоци за времето кое семејствата го поминуваат гледајќи телевизија.




*График 13.* Сумирани податоци за тврдењето: Во моето семејство во просек се гледа телевизија

*Табела 4.* Споредбени податоци за тврдењето: Во моето семејство во просек се гледа телевизија

| **Во моето семејство во просек се гледа телевизија** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| помалку од 1 час дневно | 0.88% | 2.89% |
| од 1 до 3 часа дневно | 22.12% | 14.88% |
| од 3 до 5 часа дневно | **26.10%** | 28.10% |
| од 5 до 7 часа дневно | 17.69% | 14.88% |
| повеќе од 7 часа дневно | 15.04% | 5.78% |
| ТВ приемникот е вклучен во секое време | 18.14% | **33.47%** |

За тврдењето „На телевизија можам да гледам се што сакам", 44,51% од адолесцентите се изјасниле дека тоа го прават секогаш или скоро секогаш (график 14 и графикон 9). И момчињата (47,34%) и девојчињата (43,80%) во најголем процент се изјасниле дека можат да гледаат се што сакаат на телевизија, секогаш или скоро секогаш. Тоа зборува дека адолесцентите самите прават избор, односно селекција на содржините што ги гледаат.




*График 14.* Сумирани податоци за тврдењето: На телевизија можам да гледам сè што сакам




*Графикон 9.* Споредбени податоци за тврдењето: На телевизија можам да гледам сè што сакам

Во однос на тоа дали адолесцентите сами одлучуваат што ќе гледаат од телевизиските програми 59,40% од нив се изјасниле дека тоа го прават секогаш

или скоро секогаш. Сумираните и споредбените податоци за ова тврдење се прикажани на графикот 15 и графиконот 10.




*График 15.* Сумирани податоци за тврдењето: Сам/а одлучувам што ќе гледам




*Графикон 10.* Споредбени податоци за тврдењето: Сам/а одлучувам што ќе гледам

Нема разлика во однос на тоа помеѓу момчињата (59,29%) и девојчињата (59,50%). Ова е можно бидејќи поголемиот дел од адолесцентите имаат телевизор во својата соба. Фактот дека најголем процент од адолесцентите сами одлучуваат што ќе гледаат од ТВ-програмите, упатува реално да се очекува мало влијание на некој друг од семејството во однос на тоа што адолесцентите ќе гледаат на телевизија.

Најголем дел од адолесцентите (58,76%) потврдија дека никогаш или скоро никогаш, некој друг од семејството не одлучувал што ќе гледаат на телевизија. Сумираните и споредбените податоци во однос на ова тврдење се прикажани на графикот 16 и графиконот 11 и покажуваат дека нема разлика во однос на тоа помеѓу момчињата (58, 84%) и девојчињата (58,68%).




*График 16.* Сумирани податоци за тврдењето: Некој друг од семејството одлучува што ќе гледам




*Графикон 11.* Споредбени податоци за тврдењето: Некој друг од семејството одлучува што ќе гледам

Во табелата што следи се прикажани споредбените податоци за тоа дали адолесцентите ги препознаваат знаците за предупредување.

*Табела 5.* Споредбени податоци за тврдењето: На телевизија ги препознавам знаците за предупредување

| **На телевизијата ги препознавам знаците за предупредување** | **Машки** | | **Женски** | |
|---|---|---|---|---|
| | ДА | НЕ | ДА | НЕ |
| | 89,82% | 10,18% | 95,87% | 4,13% |

Односот кон знаците за предупредување на телевизија, адолесцентите го искажаа преку следните генерални тврдења прикажани на графикот 17 и

графиконот 12. Најголем процент на испитаниците (31,84%) се изјаснија дека знаците за предупредување не се почитуваат. Но висок е процентот и на оние кои се изјасниле дека не знаат дали овие знаци се почитуваат (22,65%), од кои 35,12% биле девојчиња, а 28,31% момчиња.




*График 17.* Сумирани податоци за тврдењето: Според мене знаците за предупредување се почитуваат




*Графикон 12.* Споредбени податоци за тврдењето: Според мене знаците за предупредување се почитуваат

Личниот однос кон знаците за предупредување покажа неизедначен однос помеѓу момчињата и девојчињата кон ова прашање. Добиените резултати во однос на ова се прикажани на графиконот 13. Најголема разлика се забележува во однос на тврдењето: Јас ги почитувам знаците за предупредување никогаш или скоро никогаш, за што се изјасниле 34,95% од момчињата и 20,66% од девојчињата.

Според резултатите од истражувањето, иако најголем дел од адолесцентите (92,05%) ги препознаваат знаците за предупредување, најголем дел од нив истите не ги почитуваат (55,56%). Многу е мал процентот на адолесценти кои тврдат дека секогаш или скоро секогаш ги почитуваат овие знаци. Младите луѓе, исто така, сметаат дека генерално знаците за предупредување понекогаш, и никогаш или скоро никогаш не се почитуваат. Поубедливи се девојчињата од кои 43,39% сметаат дека овие знаци понекогаш се почитуваат, во однос на момчињата (33,62%). За разлика од ова тврдење, момчињата се подецидни дека овие знаци никогаш или скоро никогаш не се почитуваат (34,95%) за разлика од девојчињата (20,66%).




*График 18.* Сумирани податоци за тврдењето: Јас ги почитувам знаците за предупредување




*Графикон 13.* Споредбени податоци за тврдењето: Јас ги почитувам знаците за предупредување

Генерален став на адолесцентите е дека треба да им биде дозволено на телевизија да гледаат сè што сакаат (77,57%). Оттука можеби е и толку висок процентот на оние кои не ги почитуваат знаците за

предупредување (график 19 и графикон 14). „Наполно се согласувам дека треба да ми биде дозволено да гледам сè што сакам на телевизија“ е став на 43,08% од момчињата и 33,06% од девојчињата. Приближно ист процент се однесува и за ставот „главно се согласувам“, со тоа што овој став е поддржан повеќе од девојчињата (43,39%). Оние адолесценти кои сметаа дека треба да им биде дозволено да гледаат сè, како причина за тоа наведуваат дека се свесни што е добро, а што лошо од она што се прикажува на телевизија (60,61%). Оние кои сметаат дека не треба да гледаат сè, велат дека сè што се прикажува на телевизијата не е за гледање (60%).




*График 19.* Сумирани податоци за тврдењето: Треба да ми биде дозволено да гледам сè што сакам на телевизија




*Графикон 14.* Споредбени податоци за тврдењето: Треба да ми биде дозволено да гледам сè што сакам на телевизија

## *2.4 Разлики во однос на полот за она што адолесцентите сакаат да гледаат на телевизија*

Истражувањето покажа дека адолесцентите се разликуваат во однос на тоа што сакаат да гледаат на телевизија. Разликите се изразени и во проценките за она што сакаат да гледаат адолесцентите од спротивниот пол. Адолесцентите наполно или главно се согласуваат дека на телевизија се емитуваат програми кои не се соодветни за нивна возраст. Ова го мислат 64,74% од испитаниците. Очекувано, многу подецидни во овој однос се девојчињата (79,75%) во споредба со момчињата (48,66%), што е покажано на графикот 20 и графиконот 15. Одговорите на прашалникот прикажани во табела 6, покажуваат дека момчињата најмногу сакаат да гледаат спортски програми (26,22%), а девојчињата (26,50%) музичка програма. Девојчињата ги

издвоија романтичните филмови како посебно посакуван дел од играната програма, додека дел од момчињата наведоа дека сакаат да гледаат научни емисии. Во однос тоа што најмногу сакаат да гледаат децата (Аџаип, 2008: 107), се констатира дека времето пред ТВ-приемникот истите најчесто го поминуваат гледајќи филмови и слушајќи музика. Забележително е дека овој интерес не се менува и во периодот на адолесценцијата.




*График 20.* Сумирани податоци за тврдењето: На телевизија има некои програми кои не се соодветни за моја возраст




*Графикон 15.* Споредбени податоци за тврдењето: На телевизија има некои програми кои не се соодветни за мојa возраст

Во табела 6 се прикажани сумираните и споредбените податоци за омилените телевизиски програми на адолесцентите.

*Табела 6.* Сумирани и споредбени податоци за тврдењето: На телевизија најмногу сакам да гледам

| **На телевизија најмногу сакам да гледам** | **Вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| информативни програми | 13.84% | 14,46% | 13,32% |
| забавни програми | 23.34% | 20,79% | 25,47% |
| спортски програми | 16.05% | 26,22% | 7,63% |
| играна програма | 17.18% | 15,55% | 18,41% |
| музичка програма | 21.54% | 17,72% | 26,50% |
| игри (игри на среќа, наградни игри, квизови...) | 5.65% | 4,70% | 6,44% |
| друго | 1.47% | 0,54% | 2,24% |

На графикот 21 и во табелата 7 се прикажани сумираните и споредбените податоци за тоа, зошто адолесцентите сакаат да гледаат одредени емиси. Адолесцентите, најчесто ги гледаат саканите емисии затоа што им се интересни, забавни и ги расположуваат (35,18%). Девојчињата повеќе од момчињата имаат за цел емисиите кои ги гледаат да ги користат за да се информираат, и да научат нешто ново (28,24%) за разлика од момчињата (17,59%).




*График 21.* Сумирани одговори на прашањето: Зошто адолесцентите сакаат да гледаат одредени емисии?

*Табела 7.* Споредбени податоци за прашањето: Зошто одредени емисии им се допаѓаат на младите?

| **Затоа што** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| се интересни и забавни | 32.16% | 37.96% |
| можам да научам нешто ново, да се информирам | 17.59% | 28.24% |
| ме интересираат | 22.61% | 11.11% |
| можам да се релаксирам, да си го пополнам слободното време | 13.57% | 14.81% |
| ми се допаѓаат, уживам гледајќи ги | 14.07% | 7.87% |

Според девојчињата, најголем процент, односно 66,67% од момчињата сакаат да гледаат спортски програми, по што следи интересот за играна програма (12,5%). Мислењето на девојчињата се совпадна со вистинската слика за она што момчињата сакаат да го гледаат, односно тие не погрешија во тврдењата за ова прашање. Момчињата не беа толку вешти во погодување на интересот за ТВ-програмите на нивните врснички. Тие претпоставија дека тоа е играната програма, додека девојчињата тврдеа дека омилени им се музичките програми.

*Табела 8.* Сумирани податоци за тврдењето на момчињата: Девојчињата најмногу сакаат да гледаат

| **Девојчињата најмногу сакаат да гледаат** | % |
|---|---|
| информативни програми | 4.02 |
| забавни програми (шоу-програми, хумористични емисии...) | 29.30 |
| спортски програми | 5.49 |
| играна програма (филмови, серии, анимирани филмови...) | **37.36** |
| музичка програма | 21.97 |
| игри (игри на среќа, наградни игри, квизови...) | 1.83 |

*Табела 9.* Сумирани податоци за тврдењето на девојчињата: Момчињата најмногу сакаат да гледаат

| **Според девојчињата, момчињата најмногу сакаат да гледаат** | % |
|---|---|
| информативни програми | 3.20 |
| забавни програми (шоу-програми, хумористични емисии...) | 9.29 |
| спортски програми | **66.67** |
| играна програма (филмови, серии, анимирани филмови...) | 12.5 |
| музичка програма | 4.81 |
| игри (игри на среќа, наградни игри, квизови...) | 3.20 |
| друго | 0.32 |

Во ова истражување е дојдено до интересни податоци за тоа што адолесцентите не сакаат да гледаат на телевизија. Сумираните и споредбените резултати за ова се прикажани во табелата 10. Момчињата и

девојчињата се единствени во тврдењето дека најмногу не сакаат да гледаат игри на среќа и наградни игри (42,34%) бидејќи, како што велат тие во описите, игрите се наместени, и наменети „да лажат народ“. По нив следат спортските програми (22,31%) и информативните програми (21,74%).

*Табела 10.* Сумирани и споредбени податоци за тврдењето: На телевизија не сакам да гледам

| **На телевизија не сакам да гледам** | **Вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| информативни програми | 21,74% | 16,47 | 12,77 |
| забавни програми (шоу-програми, хумористични емисии...) | 3,40% | 5,09 | 1,82 |
| спортски програми | 22,31% | 8,62 | 35,04 |
| играна програма | 6,24% | 7,84 | 4,74 |
| музичка програма | 5,67% | 9,01 | 2,55 |
| игри (игри на среќа, наградни игри, квизови...) | 42,34% | 48,62 | 36,50 |
| друго | 5,48% | 4,30 | 6,57 |

На графикот 22 се прикажани анализираните причини поради кои адолесцентите не сакаат да гледаат определени програмски содржини. Најголем дел од адолесцентите (46,75%) не сакаат да гледаат некои програми бидејќи им се здодевни. За разлика од адолесцентите, децата најмногу не сакаат да гледаат вести, политички емисии, трибини и политички кампањи (Аџаип, 2008:108).




*График 22.* Сумирани одговори на прашањето: Зошто адолесцентите не сакаат да гледаат одредени емисии?

*Табела 11.* Споредбени податоци за причините поради кои адолесцентите не сакаат да гледаат одредени програми

| **Затоа што** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| се здодевни | 42.21% | 48.81% |
| не ми се допаѓаат | 10.55% | 17.53% |
| не ме интересираат | 17.59% | 14.23% |
| ме нервираат | 3.52% | 8.06% |
| лажни се, глупави и наместени | 17.59% | 11.37% |
| сè сакам да гледам | 8.54% | |

Во истражувањето е анализиран и интересот на адолесцентите за гледање содржини преку ЦД/ДВД. Од она што можат да гледаат на ЦД/ДВД и момчињата и девојчињата искажаа дека најмногу сакаат да гледаат комедии (32,84%). По нив следат, акции (18,81%) и

хорор-филмови (15,28%) кои најчесто се исполнети со многу насилство (график 23 и табела 12). И за децата, од истражувањето за насилството на телевизија, омилени филмови се комедиите и хорор-филмовите (Аџаип, 2008:108), што покажува дека интересот за овие содржини не се менува и во периодот на адолесценцијата.




*График 23.* Сумирани податоци за тврдењето: На ЦД/ДВД најмногу сакам да гледам

*Табела 12.* Споредбени податоци за тврдењето: На ЦД/ДВД најмногу сакам да гледам

| **На ЦД/ДВД најмногу сакам да гледам** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| комедии | 30.27% | 35.37% |
| драми | 5.96% | 12.02% |
| акции | 25.45% | 12.24% |
| порно-филмови | 11.69% | 1.81% |
| концерти | 2.75% | 8.16% |
| научнофантастични филмови | 7.79% | 5.89% |
| хорор-филмови | 13.76% | 16.78% |
| анимирани филмови | 2.29% | 6.58% |
| друго | | 1.13% |

## *2.5 Ставот на адолесцентите кон прикажувањето насилство на телевизија*

За да се утврди ставот на адолесцентите кон насилството на телевизија, испитаниците одговараа на серија прашања поврзани со прикажувањето насилство на телевизија и со присуството на насилството во реалниот живот.

Адолесцентите од двата пола „насилната програма“ ја дефинираа како програма во која се прикажува самиот чин на насилство врз некоја личност (29,81%). Потоа следеше тврдењето дека тоа е програма со навредлив говор, со многу тепање и со многу оружје (20,51%). Сумираните и споредбените резултати од дефинирањето на насилната програма се прикажани во табелата 13.

*Табела 13.* Сумирани и споредбени податоци за дефинирањето на насилната програма

| **Насилна програма според мене е:** | **Вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| програма во која се прикажува намерата за извршување насилство | 10,42% | 11,11 | 9,86 |
| програма во која се прикажува самиот чин на насилство врз некоја личност | 29,81% | 31,18 | 28,69 |
| програма во која се прикажува насилство врз некое друго живо суштество | 13,62% | 13,26 | 13,91 |
| програма во која се прикажуваат последици од извршено насилство | 10,74% | 12,18 | 9,57 |
| програма во која се прикажува психичко малтретирање | 14,90% | 10,03 | 18,84 |
| програма со навредлив говор, многу тепање, оружје | 20,51% | 22,22 | 19,13 |

Адолесцентите од двата пола кои го дефинираа семејното насилство, насилството најчесто го препознаваат во формите на физичко или психичко малтретирање на членовите од семејството од страна на член од семејството (41,12%). Потоа следи дефинирањето на семејното насилство како физичко

малтретирање, тепање и бруталност (19,95%). Останатите дефиниции за семејното насилство се прикажани на графикот 24 и во табелата 14.




*График 24.* Сумирани податоци за дефинирање на семејното насилство

*Табела 14.* Споредбени податоци за дефинирање на семејното насилство

| **Семејно насилство според мене е:** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| физичко или психичко малтретирање | 37.51% | 44.29% |
| физичко малтретирање, тепање, бруталност | 17.19% | 22.37% |
| насилство на родителите врз децата или меѓу себе | | 5.94% |
| нешто што не му го посакувам никому, лошо, противзаконско | 11.97% | 10.04% |
| најголема казна за еден човек | 21.36% | |
| прекршување на правата | 11.97% | |
| малтретирање | | 11.42% |
| друго | | 5.94% |

За ова истражување од интерес беше искажувањето на адолесцентите во смисла на тоа дали биле сведоци на семејно насилство. Според анализираните податоци многу мал дел од адолесцентите често и секогаш или скоро секогаш биле сведоци на семејно насилство (3,63%) и биле удрени од своите родители (0,85%). Никогаш или скоро никогаш 81,41% од испитаниците не биле сведоци на семејно насилство. Тие најчесто биле вербално искарани од своите родители (89,32%). Податоците за тоа дали адолесцентите биле сведоци на семејно насилство се прикажани на графикот 25.




*График 25.* Сумирани податоци на тврдењето: Сум бил сведок на семејно насилство

Прикажувањето содржини со многу насилство на телевизија беше исто така од интерес за ова истражување. Најголем дел од адолесцентите главно се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат содржини со многу насилство (42,73%). Девојчињата повеќе го препознаваат насилството во телевизиските содржини (41,32%) наспроти момчињата (26,54%). Исто така, поголем процент од девојчињата (6,61%) воопшто не се согласува дека на телевизија се прикажуваат содржини со многу насилство, наспроти момчињата (4,55%). Резултатите покажаа дека не е за занемарување процентот на оние кои сметаат дека во телевизиските програми нема содржини со многу насилство (23,07%). Сумираните и споредбените податоци за прикажувањето содржини со многу насилство на телевизија се претставени на графикот 26 и на графиконот 16.




*График 26.* Сумирани податоци за тврдењето: На телевизија се прикажуваат содржини со многу насилство




*Графикон 16.* Споредбени податоци за тврдењето: На телевизија се прикажуваат содржини со многу насилство

Најголем дел од адолесцентите (56,84%) не сакаат да гледаат програми со многу насилство. Во однос на желбата/потребата за гледање содржини со многу насилство, резултатите покажуваат значителна разлика во однос на половите. Имено, како што е и за очекување,

девојчињата помалку од момчињата сакаат да гледаат содржини со насилство (72,31% од девојчињата наспроти 40,26% од момчињата). Не е за занемарување процентот на оние кои сакаат да гледаат вакви содржини често и секогаш или скоро секогаш (7,05%). На графикот 27 и графиконот 17 се прикажани сумираните и споредбените податоци за ова тврдење.




*График 27.* Сумирани податоци за тврдењето: Сакам да гледам програми со многу насилство




*Графикон 17.* Споредбени податоци за тврдењето: Сакам да гледам програми со многу насилство

Податоците во истражувањето што се добиени во однос на искажувањето за тоа дали на телевизија треба да има содржини со насилство покажуваат дека најголем процент од адолесцентите (41,24%) главно не се согласуваат дека вакви содржини треба да има на телевизија. Потоа следи процентот на оние кои воопшто не се согласуваат со ова тврдење (32,48%). За разлика од момчињата (26,10%), девојчињата (38,43%) воопшто не се согласуваат на телевизија да се прикажуваат содржини со насилство. Младите луѓе кои сметаат дека прикажувањето насилство на телевизија е оправдано (26,28%), својот став го поткрепуваат со тврдењата дека со оглед на возраста треба да знаат што е добро, а што лошо (43,91%). Дека насилството е реално сметаат 27,64% од испитаниците. Дека насилството е забавно и некои го сакаат сметаа 22,76%, додека 5,69% мислат

дека на телевизија треба да има сè. Оние кои сметаат дека насилството не треба да се прикажува на телевизија (73,72%) тоа го коментираат од аспект на неговото влијание врз децата. Тие сметаат дека прикажувањето насилство на телевизија влијае негативно врз децата кои истото може да го применуваат во реалноста (58,26%), затоа што е штетно и има негативни последици (31,30%), затоа што се мисли дека тоа што се прикажува е правилно и точно (6,67%), и затоа што гледајќи насилство се станува агресивен и насилен (3,77%). На графикот 28 и на графиконот 18 се прикажани сумираните и споредбените податоци за тоа дали на телевизија треба да има содржини со насилство.




*График 28.* Сумирани податоци за тврдењето: Содржини со насилство треба да има на телевизија




*Графикон 18.* Споредбени податоци за тврдењето: Содржини со насилство треба да има на телевизија

Последното прашање од сегментот за анализа на ставот на адолесцентите кон прикажувањето насилство на телевизија се однесуваше на возраста, односно дали на адолесцентите на нивна возраст треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија. За ова главно се согласуваат 37,82% од испитаниците. Сумираните и споредбените податоци за тоа дали на адолесцентите треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство се прикажани на графикот 29 и графиконот 19.




*График 29.* Сумирани податоци за тврдењето: На млади на моја возраст треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија




*Графикон 19.* Споредбени податоци за тврдењето: На млади на моја возраст треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија

Респектабилен е процентот на испитаници кои воопшто не се согласуваат со ова тврдење (18,16%) или главно со него не се согласуваат (36,11%). Кога станува збор за тоа дали на младите луѓе треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на

телевизија, адолесцентите се поделени. Кај девојчињата (39,26%) ист е процентот на оние кои главно се согласуваат да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија, и на оние што главно не се согласуваат со тоа. И кај момчињата овие проценти малку се разликуваат (главно се согласуваат 36,28%, а главно не се согласуваат 32,74%). Најголем дел од младите луѓе (повеќе момчињата од девојчињата) сметаат дека треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија, затоа што се свесни што е добро, а што лошо (53,74%), потоа затоа што сметаат дека се доволно возрасни (30,84%), и затоа што ваквите програми не влијаат на нив (15,42%)

Оние кои сметаат дека не треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство (повеќе девојчињата од момчињата), сметаат дека насилството може да стане облик на однесување (50%), може да добијат идеи за некои работи кои не се во ред (42,91%) и затоа што може да почнат да размислуваат стереотипно (7,09%)

### *2.6 Ставот на адолесцентите кон прикажувањето порнографија на телевизија*

Ова истражување, како што се очекуваше, покажа дека помеѓу момчињата и девојчињата постојат значајни разлики кога станува збор за порнографијата.

Многу од аргументите и дебатите во врска со порнографијата се слични на оние за насилството во

медиумите, освен што кога станува збор за порнографијата се акцентираат два клучни елементи: прашањето на вкус, каде што моралноста е доведена во прашање и се меша со пристојното и валканото, и прашањето на пол. Некои научни работници сметаат дека е подобро порнографијата да се изучува во определени дисциплини, како што се феминистичките и половите студии, а не на студиите за медиуми или психологија. Тие понекогаш се во право.

За многу ставови адолесцентите се приближуваат со размислувањата, додека за некои наполно се разидуваат. Ставовите кон порнографијата помеѓу момчињата и девојчињата најчесто се со тенденција да одржуваат традиционален полов баланс, но, сепак може да се забележи совпаѓање во одредени размислувања. Денес е поверојатно дека младите девојки гледаат порнографски содржини, и дека се возбудени од нив. Но, од друга страна девојките се и „први“ кои го критикуваат прикажувањето порнографија на телевизија (Johansson, T. & Hammaren, N., 2007: 61).

Во табелата 15 се прикажани сумираните и споредбените податоци за дефинирање на порнографската програма. Адолесцентите, и од двата пола, порнографската програма ја препознаваат во експлицитното прикажување на сексуален однос (35,07%). Потоа следи релативно висок процент на искажување (22,28%) дека порнографска програма е прикажување сцени со самозадоволување. Не е за потценување ниту процентот на оние кои порнографската програма ја дефинираат како програма

во која се прикажува силување (11,09%), за што се изјасниле 18,58% од момчињата.

*Табела 15.* Сумирани и споредбени податоци за дефинирањето на порнографската програма

| **Порнографска програма според мене е:** | **вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| прикажување сцени на бакнување и прегрнување | 5,65% | 6,71% | 4,74% |
| прикриено прикажување сексуален однос | 20,15% | 23,37% | 17,39% |
| експлицитно прикажување сексуален однос | 35,07% | 35,64% | 34,58% |
| прикажување сцени со самозадоволување | 22,28% | 18,51% | 25,49% |
| користење вулгарен говор | 5,76% | 6,01% | 5,53% |
| прикажување сцени со силување | 11,09% | 18,58% | 12,25% |

Адолесцентите се прилично сложни кога станува збор за прикажувањето порнографија на телевизија. Најголем дел од адолесцентите во ова истражување (61,75%) наполно или главно се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат многу порнографски содржини. Девојчињата (41,32%) главно се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат многу порнографски содржини за разлика од момчињата (34,07%). Но, голем дел од адолесцентите воопшто не се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат многу порнографски

содржини (12,82%), од кои 13,64% се девојчиња, а 11,94% се момчиња (график 30 и графикон 20).




*График 30.* Сумирани податоци за тврдењето: На телевизија се прикажуваат многу порнографски содржини




*Графикон 20.* Споредбени податоци за тврдењето: На телевизија се прикажуваат многу порнографски содржини

Анализата на прашалникот овозможи да се дојде до сознание каков е ставот во однос на тоа, како другарите на адолесцентите гледаат порнографски филмови и да се согледа разликата во однос на

искажувањата на момчињата и на девојчињата. Овие резултати се прикажани на графикот 31 и графиконот 21. Воочлива е разликата во однос на искажувањето на момчињата и девојчињата. Поголем дел од адолесцентите сметаат дека нивните другари понекогаш гледаат порнографски филмови (44,66%), но релативно висок е процентот на оние што сметаат дека нивните другари ова го прават секогаш или скоро секогаш (10,04%). Момчињата, повеќе од девојчињата, сметаат дека нивните пријатели гледаат порнографски содржини често (32,33%), и скоро секогаш (14,15%).




*График 31.* Сумирани податоци за тврдењето: Моите другари гледаат порнографски филмови




*Графикон 21.* Сумирани податоци за тврдењето: Моите другари гледаат порнографски филмови

Ова истражување покажа многу висок процент на адолесценти кои гледале порнографски филм. Процентот на млади луѓе кои гледале порнографски содржини е скоро еднаков кај момчињата (97,78%) и девојчињата (95,04) ), што се гледа од графиконот 22. Во споредба со истражувањето на Johansson (2007) се воочува дека процентот на девојчиња кои гледале порнографски филм е значително помал (93,6% момчиња и 73,6% девојчиња).




*Графикон 22.* Споредбени податоци за тврдењето: Сум гледал/а порнографски филм

Генерално адолесцентите сакаат да гледаат порнографски филмови, но кога станува збор за желбата за гледање порнографски филмови постојат значајни разлики помеѓу девојчињата и момчињата. Сумираните и споредбените податоци за тоа колку често адолесцентите сакаат да гледаат порнографски филмови се прикажани на графикот 32 и графиконот 23.



*График 32.* Сумирани податоци за тврдењето: Сакам да гледам порнографски филмови




*Графикон 23.* Споредбени податоци за тврдењето: Сакам да гледам порнографски филмови

Најголем процент од адолесцентите (43,59%) сакаат понекогаш да гледаат порнографски филмови. Во ова истражување за ова се произнеле 57,96% од момчињата и 30,16% од девојчињата. Интересен е податокот дека 40,17% од испитаниците не сакаат да гледаат порнографски филмови. Девојчињата се изјасниле дека не сакаат да гледаат вакви филмови никогаш или скоро никогаш (66,12% девојчиња наспроти 12,38% момчиња).

Ова истражување дојде до многу интересни сознанија за реакциите на адолесцентите при нивната прва средба со порнографски филм (график 33 и табела 16). Најмногу (25,11%) од адолесцентите се изјасниле

дека кога првпат виделе сцена од порнографски филм, помислиле дека е интересно, 23,40% мислеле дека е одвратно и на 20,85% не им се допаѓало. За разлика од момчињата кои се изјасниле дека кога првпат виделе сцена од порногрфски филм, таа им била интересна (43,42%), девојчињата во најголем дел сметале дека ваквите сцени се одвратни (35,95%).

Адолесцентите гледале порнографски филм од различни причини, при што доминира љубопитноста.




*График 33.* Сумирани податоци за тврдењето: Кога првпат видов сцена од порнографски филм

*Табела 16.* Споредбени податоци за тврдењето: Кога првпат видов сцена од порнографски филм

| **Кога првпат видов сцена од порнографски филм** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| не ми се допаѓаше | 9.64% | 31.40% |
| мислев дека е одвратно | 10.08% | 35.95% |
| посакав никогаш да не го видев | 3.50% | 18.18% |
| помислив дека е интересен | 43.42% | 7.85% |
| уживав | 31.14% | 1.65% |
| друго - не сум гледал/а | 2.19% | 4.96% |

Резултатите од ова истражување покажаа дека постои разлика помеѓу момчињата и девојчињата во причините поради кои гледале порнографски филм. На графикот 34 и на табелата 17 се прикажани сумираните и споредбените резултати за причините поради кои адолесцентите гледале порнографски филм.




*График 34.* Сумирани податоци за тврдењето: Гледав порнографски филм

*Табела 17.* Споредбени податоци за тврдењето: Гледав порнографски филм

| **Гледав порнографски филм** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| затоа што ме натераа пријателите | 3.09% | 3.31% |
| од љубопитност | 47.78% | 41.32% |
| случајно налетав на него | 29.20% | 46.69% |
| затоа што имам таков канал, па можев да гледам | 17.69% | 3.72% |
| друго - не сум гледал/а | 2.21% | 4.96% |

Резултатите од ова истражување покажаа дека помеѓу момчињата и девојчињата постои разлика во причините поради кои гледале порнографски филм. Најголем дел од девојчињата случајно налетале на порнографски филм (46,69%), за разлика од момчињата (29,20%). Според истражувањето на Kaiser Family Foundation од 2002 (цитирано во Fagan, P., 2009: 21) дури 70% од младите луѓе во САД на возраст од 15 до 17 години случајно налетале на порнографска содржина на интернет. Најголем процент од момчињата (47,78%) гледале порнографски филм од љубопитност, што е случај и со девојчињата (41,32%). Релативно висок процент (17,69%) од момчињата гледале порнографски филм затоа што имале таков канал.

Најголемата разлика во овој дел од истражувањето се појави кај одговорите на адолесцентите за тоа дали гледале порнографски филм во изминатиот месец.

Момчињата во многу голем процент (73,89%) дадоа потврден одговор дека во изминатиот месец гледале порнографски филм, наспроти девојчињата (16,53%).



*Графикон 24.* Споредбени податоци за тврдењето: Сум гледал порнографски филм изминатиов месец

Евидентна е разликата во однос на половите и кога станува збор за фреквенцијата на гледање порнографски филмови.

Најмногу од испитаниците во истражувањето се изјаснија дека никогаш или скоро никогаш не гледаат порнографски филмови (42,09%). Релативно близок е процентот на оние што понекогаш гледаат вакви филмови (39,53%). Додека девојчињата никогаш или скоро никогаш не гледаат порнографски филмови (71,49%) наспроти момчињата (10,61%), момчињата гледаат вакви филмови, понекогаш (56,63%) и често (26,10%). Во прилог на овие податоци е и истражувањето на Stack, S., Wasserman, I. и Kern, R. (2004: 85) кое покажало дека момчињата гледаат порнографија 6 пати повеќе од девојчињата.

Според едно истражување (Johansson, T. & Hammaren, N., 2007: 57), од 1970 до почетокот на 21-от

век забележан е пораст во консумирањето порнографски содржини. Годишниот обрт во порнографската индустрија во 1972 година се проценувал на околу 10 милиони долари. Оваа бројка за 1996 година изнесувала околу 8 милијарди долари. Покрај овие податоци, за споменување е и податокот дека во 1996 година биле објавени 8000 нови порно-филмови и истите биле дистрибуирани во 25 000 видеотеки во САД. Со појавата на интернетот сексот станува индустрија од 500 милиони долари (Strasurger, V., 2005: 275) со што драматично е зголемена циркулацијата на порнографски материјал. Оттука, голем дел од времето кое се поминува на интернет е посветен на гледање порнографски материјали (Månsson et al., 2003).




*График 35.* Сумирани податоци за фреквенцијата на гледање порнографски филмови




*Графикон 25.* Споредбени податоци за фреквенцијата на гледање порнографски филмови

Податоците од истражувањето за Република Македонија во овој труд, покажаа дека адолесцентите најмногу гледаат порнографски филмови преку телевизијата и интернетот. Резултатите покажаа дека е приближно ист процентот на порнографски содржини кои се следат преку телевизија (42,91%) и преку интернет (41,49%). Сумираните и споредбените резултати за медиумот преку кој адолесцентите гледаат порнографски филмови се прикажани на графикот 36 и графиконот 26. Девојчињата гледаат порнографски филмови повеќе преку телевизијата (59,50%) за разлика од момчињата (30,43%). Спротивен е односот за интернетот, при што повеќе од момчињата (53,42%) за разлика од девојчињата (25,62%) ја користат оваа можност за гледање порнографски филмови.




*График 36.* Сумирани податоци за тврдењето: Порнографски филмови сум гледал на




*Графикон 26.* Споредбени податоци за тврдењето: Порнографски филмови сум гледал/а на

Ова истражување покажа дека адолесцентите најмногу гледаат порнографски филмови сами, помалку со пријателите. Адолесцентите од двата пола, порнографски филмови најчесто гледаат сами (67,89%). Овој став го искажале 76,80% од момчињата и 58,68% од

девојчињата (график 37 и табела 18). Девојчињата за разлика од момчињата (11,2%) тоа често го прават и во друштво, со пријателите (30,16%).

Истражувањето направено за младите луѓе, порнографијата и сексуалноста (Wallmyr, G., Welin, C. , 2006: 292) покажало дека момчињата во поголем процент гледаат порнографски филмови сами (78,4%) за разлика од девојчињата (29,2%). Интересен е, исто така, податокот од ова истражување дека момчињата почесто гледаат порнографски филмови со пријателите, додека девојчињата ова го прават со своите партнери (Wallmyr, G. & Welin, C., 2006: 292).




*График 37.* Сумирани податоци за тврдењето: Порнографски филмови гледам

*Табела 18.* Споредбени податоци за тврдењето: Порнографски филмови гледам

| **Порнографски филмови гледам** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| сам | 76.80% | 58.68% |
| со пријателите | 11.2% | 30.16% |
| со некој од семејството | 0.80% | 1.24% |
| со момче/девојка | 9.20% | 4.96% |
| друго - не сум гледал/а | 2.00% | 4.96% |

За истражувањето во овој труд од интерес беше и ставот на адолесцентите за чувствата што се појавуваат кога гледаат порнографски филм.

Иако генерално резултатите покажаа дека адолесцентите се чувствуваат возбудени кога гледаат порнографски филмови (53,85%), постојат големи разлики помеѓу половите (график 38 и графикон 27). Најголем процент од испитаниците искажаа чувство на возбуда и непријатност. Додека момчињата во најголем дел се чувствуваат возбудено (78,31%) за разлика од девојчињата (30,99%), девојчињата во најголем процент се чувствуваат неудобно (41,74%) за разлика од момчињата (7, 96%). За споредба, во истражувањето на група истражувачи (Cantor, J., Mares, M.L., & Hyde, J.S., 2003), најчестите емоционални одговори на сексуално експлицитни материјали се одвратност (24,5%), шок или изненаденост (23,6%), засраменост (21,4%), интерес или љубопитство (20,9%), бес (18,4%), страв (11,2%) и тага (9,2%). Но, истражувањето на Johansson и Hammaren (2007: 64) покажало и тоа дека 36% од момчињата и 26% од девојчињата никогаш не почувствувале срам од

гледање порнографија, давајќи со тоа слика колкав степен на десензитивност има во општеството.




*График 38.* Сумирани податоци за тврдењето: Кога гледам порнографски филмови се чувствувам




*Графикон 27.* Споредбени податоци за тврдењето: Кога гледам порнографски филмови се чувствувам

Ова истражување го покажа и односот на адолесцентите, поточно нивната загриженост во врска со реакцијата на нивните родители за гледањето порнографски филмови од страна на нивните деца

(график 39 и графикон 28). Генерално, во најголем број одговори адолесцентите ги загрижува реакцијата на родителите во однос на ова прашање. Најголем дел од адолесцентите наполно се согласуваат дека би биле загрижени доколку нивните родители дознаат дека гледаат порнографски содржини (46,79%). Дури 55,37% од девојчињата и 37,61% од момчињата се загрижени од реакцијата на родителите кога би дознале дека тие гледаат порнографски филмови. Меѓутоа, не е за занемарување и процентот на оние кои главно (16,24%) или воопшто не се согласуваат (9,62%) со ова тврдење. Родителите веќе немаат никаква контрола во однос на тоа што гледаат нивните деца и колку време поминуваат во оваа „активност“. (Аџаип, 2008:118-119)




*График 39.* Сумирани податоци за тврдењето: Би ме загрижила реакцијата на родителите




*Графикон 28.* Споредбени податоци за тврдењето: Би ме загрижила реакцијата на родителите

Во колкава мерка порнографските содржини влијаат врз адолесцентите, и какви се нивните ставови за влијанието на порнографските содржини врз нив и врз другарите/пријателите беше исто така интерес во ова истражување. Добиените резултати (табела 19 и табела 20) покажуваат дека дури 48,08% од испитаниците сметаат дека овие содржини воопшто не влијаат лично врз нив. Само 29,19% сметаат дека ваквите содржини воопшто не влијаат врз нивните пријатели. Овде станува збор за феноменот познат како „ефект на трето лице". Во едно од најпознатите истражувања спроведено врз 500 тинејџери ширум светот, 6% од испитаниците се изјасниле дека сексуалната содржина на телевизија не влијаела врз тинејџерите на нивна возраст, а дури 50% од испитаниците сметале дека сексуалните содржини не влијаат лично врз нив (Kaiser Family Foundation, 2002 цитирано во Strasburger, V. 2005: 271).

*Табела 19.* Сумирани и споредбени податоци за тврдењето: Порнографските содржини на телевизија

| **Порнографските содржини на телевизија** | **Вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| влијаат во мојот однос кон спротивниот пол | 11.96% | 16.37% | 7.85% |
| влијаат во моето сфаќање на љубовните врски | 16.24% | 14.15% | 18.18% |
| влијаат во моето сфаќање на сексот и сексуалните односи | 23.72% | 30.53% | 17.36% |
| воопшто не ми влијаат | 48.08% | 38.93% | 56.61% |

*Табела 20.* Сумирани и споредбени податоци за тврдењето: Порнографските содржини на телевизија кај моите пријатели

| **Порнографските содржини на телевизија кај моите пријатели** | **Вкупно** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|---|
| влијаат во нивниот однос кон спротивниот пол | 18.81% | 23.89% | 14.05% |
| влијаат во нивното сфаќање на љубовните врски | 14.32% | 11.50% | 16.94% |
| влијаат во нивното сфаќање на сексот и сексуалните односи | 36.96% | 36.72% | 37.19% |
| воопшто не ми влијаат | 29.91% | 27.87% | 31.82% |

Одговорите на прашањето за потребата од присуство на порнографски содржини на телевизија, прикажани на

графикот 40 и во табелата 21, упатуваат кон тоа дека адолесцентите сметаат дека овие содржини треба да се прикажуваат само во одредено време ( 39,92%).




*График 40.* Сумирани податоци за тврдењето: Треба да има порнографски содржини на телевизија

*Табела 21.* Споредбени податоци за тврдењето: Треба да има порнографски содржини на телевизија

| **Треба да има порнографски содржини на телевизија** | **машки** | **женски** |
|---|---|---|
| без ограничувања (слобода на говор) | 12.50% | 1.83% |
| секогаш со знаци за предупредување | 18.14% | 16.85% |
| само на одредени канали | 19.75% | 16.48% |
| само во одредено време | 39.91% | 39.93% |
| не треба да има | 9.67% | 24.91% |

За разлика од адолесцентите, децата сметаат дека порнографски содржини воопшто не треба да има на телевизија, и дека тие треба да бидат достапни само во ДВД-теки (Аџаип, 2008: 110). Поддршка на ставот дека на телевизија не треба да има порнографски содржини

дале само 9,67% од момчињата и 24,91% од девојчињата. Во ова истражување најголем дел од адолесцентите (процентот на искажувањата и на момчињата и на девојчињата е идентичен), сметаат дека порнографските содржини треба да се прикажуваат само во одредено време (39,92%). Одговорите на прашањето дали на адолесцентите треба да им биде дозволено гледање порнографски содржини (сумирани во график 41 и графикон 29) ги доближија ставовите на момчињата и девојчињата.




*График 41.* Сумирани податоци за тврдењето: На млади на моја возраст треба да им биде дозволено да гледаат порнографски содржини




*Графикон 29.* Споредбени податоци за тврдењето: На млади на моја возраст треба да им биде дозволено да гледаат порнографски содржини

Најголем дел од адолесцентите главно се согласуваат дека треба да им биде дозволено да гледаат порнографски содржини на телевизија (35,26%). Во оваа насока се изјасниле 35,54% од девојчињата и 34,95% од момчињата. Во однос на несогласувањето за ова прашање, процентот на девојчиња кои воопшто не се согласуваат со гледањето порнографски содржини (19,83%) е поголем од момчињата кои го поддржуваат овој став (7,96%). Интересен е податокот дека, кога адолесцентите зборуваат за причините, своите одговори ги даваат во прво лице множина, како „доволно СМЕ возрасни“. Оние кои сметаат дека вакви содржини не треба да им биде дозволено да гледаат, за причините зборуваат во трето лице множина, како „сè уште се млади“. И тука се забележува „ефектот на трето лице“. Адолесцентите кои сметаат дека треба да им биде дозволено да гледаат вакви содржини, тоа го

оправдуваат со потврда на исказите: доволно сме возрасни (54,6%), заради сексуална едукација (24,77%), а дел од нив затоа што гледањето порнографски филмови им е интересно, затоа што „немаат сите девојка/момче“ (5,75%). Оние адолесценти кои сметаат дека вакви програми не треба да се гледаат, упатуваат на тоа дека *другите* се сè уште млади (43,47%), за *другите* да не го применуваат истото (6,52%), затоа што тоа не е морално (26,08%) и затоа што лошо влијае на љубовните врски (23,91%).

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Направеното истражување за влијанието на насилството и порнографијата на телевизија врз адолесцентите е единствено од ваков вид во Република Македонија. Постои истражување за влијанието на насилството на телевизијата врз децата од основните училишта (Аџаип, 2008), кое е помало по обем и кое исто така е единствено истражување од ваков вид на ниво на државата, но и во пошироки рамки.

Истражувањето во овој труд е реализирано во 19 средни училишта, по случаен избор, на целата територија на Република Македонија, со учество на 468 испитаници. Користена е анкета како истражувачка техника, при што испитаниците одговараа на тврдења срочени во прашалник како нејзин инструмент, подготвен за ова истражување. Прашалникот содржи 55 тврдења со понудени варијанти за одговор, со можност за квантификација на податоците.

Во истражувањето се добиени одговори, кои се обработени со помош на статистички методи. Резултатите се прикажани на 41 график, 29 графикони и 21 табела.

Направен е обид добиените резултати од ова истражување да се споредат со посеопфатни истражувања. Податокот дека има многу мал број истражувања погодни за споредување со добиените податоци, упати, во најголен дел, споредбите да се прават со истражувањето реализирано во Република Македонија (Аџаип, 2008).

За квалификувано презентирање на истражувањето консултирани се 163 референци, од кои 7 се од Република Македонија и 156 од странство. Обемот на консултираниот материјал, како и сумираните резултати од истражувањето можат да се преточат во следните заклучоци:

Податоците од ова истражување во однос на бројот на телевизори во домаќинствата покажуваат дека 38,46% од адолесцентите имаат по три или повеќе телевизори во домаќинствата што е приближно ист процент со податоците добиени во истражувањето за децата кој изнесува 41, 23% (Аџаип, 2008: 112)

Повеќето од адолесцентите (54,27%) во ова истражување, исто како и децата (90%) во истражувањето на Аџаип (2008: 113), секогаш или скоро секогаш гледаат телевизија сами. Адолесцентите телевизија гледаат сами навечер (57,59%), а најдоцна останале гледајќи телевизија до 3 часот по полноќ (22,01%). За разлика од децата кои речиси никогаш не гледаат телевизија со своите родители, адолесцентите тоа го прават понекогаш (47,65%) и често (40,60%). Адолесцентите со своите родители најчесто гледаат телевизиски серии (34,65%).

Времето кое адолесцентите го поминуваат гледајќи телевизија, без разлика дали станува збор за училишна недела, викенд или празници, е од 1,5 до 2 часа дневно. Со тоа се потврдува претпоставката дека, за разлика од децата кои пред телевизорот поминуваат од 6 до 7 часа на ден, адолесцентите поголем дел од своето слободно време го поминуваат во социјализација. Од

друга страна, семејствата на адолесцентите, најмногу гледаат телевизија од 3 до 5 часа дневно (27,14%).

Адолесцентите секогаш или скоро секогаш (45,51%) на телевизија можат да гледаат што сакаат. Најголем дел од нив секогаш или скоро секогаш сами одлучуваат што ќе гледаат (59,40%). Нивните родители никогаш или речиси никогаш не одлучуваат за изборот на ТВ-програми на своите деца (58,76%).

И покрај регулативата за категоризација на емисии за одредени возрасни групи гледачи, одбирањето емисии кои ќе се гледаат не зависи од забраните.

Адолесцентите сметаат дека знаците за предупредување главно не се почитуваат (31,84%). Тие самите ги почитуваат понекогаш (38,67%). Во таа насока е и податокот дека адолесцентите главно се согласуваат дека треба да им биде дозволено на телевизија да гледаат сè што сакаат (39,32%), но сметаат дека на телевизија има некои програми кои не се соодветни за нивна возраст (34,40%).

Адолесцентите, генерално, на телевизија најмногу сакаат да гледаат забавни програми (23,34%). Момчињата најмногу сакаат да гледаат спортски програми (26,22%), а девојчињата музички програми (26,50%). Овие програми адолесцентите најмногу сакаат да ги гледаат затоа што им се интересни и забавни (35,18%). Адолесцентите од двата пола, како програми кои не сакаат да ги гледаат ги издвојуваат игрите на среќа и наградните игри (42,34%), затоа што сметаат дека се лажни, глупави и наместени (14,75%). За споредба пак, на децата најнеомилени емисии им се вестите,

политичките и емисиите за земјоделие, и собранискиот канал. Причината поради која адолесцентите не ги гледаат другите програми е поради тоа што им се здодевни (46,75%). Од програмите кои сакаат да ги гледаат младите луѓе на ЦД/ДВД најзастапени се комедиите (32,84%) и акционите филмови (18,81%).

Насилството на телевизија, адолесцентите, го дефинираат како програма во која се прикажува самиот чин на насилство врз некоја личност (29,81%). Во однос на насилството на телевизија постои значајна разлика за неговото прикажување во однос на полот. Девојчињата наполно се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат програми со многу насилство (41,32%), додека со ова тврдење се согласуваат само 26, 54% од момчињата. Генерално, адолесцентите никогаш или скоро никогаш не сакаат да гледаат програми со многу насилство (56,84%). Ова е контрадикторно, со исказите дека едни од нивните омилени филмови се акциите, во кои насилството е експлицитно. И тука постои значајна разлика во однос на полот. Процентот на девојчиња кои никогаш или скоро никогаш не сакаат да гледаат програми со насилство е 72,31%, за разлика од тој на момчињата кој е 40,26%. Мал дел од адолесцентите кој наполно се согласува (5,13%), или главно се согласува (21,15%) дека треба да има вакви содржини на телевизија, својот став го поткрепува и со тврдењето дека знаат што е добро, а што е лошо. Дел од нив, исто како и децата, го искажуваат тврдењето дека насилството е реално и неизбежно во секојдневниот живот.

Многубројните истражувања (сумирани во Аџаип, 2008: 61-64) покажуваат дека постојаното гледање филмови, во кои има премногу насилство, е во позитивна корелација со агресивното однесување на младите луѓе. Гледањето агресивни модели кај нив провоцира имитација на вакво однесување и е во корелација со нивните агресивни реакции, прво со родителите, а потоа и во нивното поведение во општеството (Стојаноски во СРД, 2000).

Адолесцентите сметаат дека насилството на телевизија може да има негативно влијание врз други, но, не и врз нив и/или нивните соученици/другари. Адолесцентите главно се согласуваат дека на млади луѓе на нивна возраст треба да им биде дозволено да гледаат програми со насилство на телевизија (37,82%). Оние кои воопшто не се согласуваат со ова (18,16%) сметаат дека гледајќи насилство на телевизија, насилството може да се прифати како начин на однесување (50%). Проучувањето на влијанието на филмовите со насилство покажува дека тие може да имаат и катарзична улога, но само доколку тие филмови се соодветни на возраста на гледачите (Huesmann et al. 2003: 203). Од друга страна, сцените со тортура, киднапирање, грабежи, порнографија, со многу убиства се погубни за психата, и играат многу негативна улога врз младите луѓе. Постојаното гледање такви спектакли оневозможува адекватна адаптација, фикциите стануваат реалност, се прифаќаат негативни ставови и се прави идентификација со патолошки обрасци. Тоа се случува поради недоволната зрелост на младите луѓе, недоволната можност за критичко размислување, и сè уште недоволно

развиениот капацитет фикцијата да се одвои од реалноста (Аџаип, 2008: 85-90).

Реално, насилството постои. Дали насилството се раѓа во општеството, па телевизијата го рефлектира, или телевизијата го создава па поединци во општеството го реплицираат, е прашање секогаш отворено за дискусија. Но, заситеноста со насилството, како на телевизијата, така и во реалниот живот, ја потенцира потребата од едукативни емисии и исто такви филмови со едукативни содржини.

Адолесцентите во најголем дел порнографската програма ја дефинираат како програма во која експлицитно се прикажува сексуалниот однос (35,07%). Најголем дел од адолесцентите главно се согласуваат дека на телевизија се прикажуваат многу порнографски содржини (37,82%). Дури 44,66% од адолесцентите сметаат дека нивните другари понекогаш гледаат порнографски филмови. Но, постои значајна разлика во однос на полот. Девојчињата (23,55%) повеќе од момчињата (7,52%) мислат дека нивните другари никогаш или скоро никогаш не гледаат порнографски филмови.

Степенот до кој изложеноста на порнографија за време на адолесценцијата го инхибира развојот на позитивни врски, и до кој во краен случај придонесува за сексуално насилство, останува да се оценува (Bryant, C., 2009).

Момчињата можат да бидат најранливи од штетните ефекти заради типично раната и позачестена изложеност на порнографија (97.78%). Фокусирањето на сексуалноста во машката хомосоцијализација поттикнува гледање порнографија и прифаќање на нејзините проблема-

тични аспекти. Иако забраната за прикажување порнографија останува приоритет, претераното потпирање на овој приод за да се спречи видливото штетно влијание од порнографијата е проблематично, затоа што не успева да ја препознае реалноста на достапноста и на високиот степен на прифаќање на порнографијата меѓу младите луѓе. Уште повеќе овој приод не успева да го испита холистичкиот начин на кој се обликувани адолесцентните сексуални очекувања, ставови и однесувања во општеството и комплексноста на факторите кои ја зајакнуваат наведената штетност (Bryant, C, 2009: 6).

Податоците од истражувањето во овој труд покажаа дека адолесцентите сакаат да гледаат порнографски филмови понекогаш (43,59%). Најголемата разлика помеѓу момчињата и девојчињата се јавува во однос на фреквентноста на гледање порнографски филмови. Додека девојчињата во најголем процент (66,12%) се изјасниле дека никогаш или скоро никогаш не сакаат да гледаат порнографски содржини, за ова се изјасниле само 12,38% од момчињата.

Во основа, првичната реакција на сцена од порнографски филм кај адолесцентите била дека „тоа е одвратно“ (23,40%). Овој процент е релативно висок поради одговорите на девојчињата (35,95%). Меѓутоа, 43,42% од момчињата се произнеле дека сцената е интересна.

Адолесцентите, генерално, гледаат порнографски филм понекогаш (42,09%). Овој процент во голема мера е висок поради одговорите на момчињата (55,63%). Меѓутоа дури 71,49% од девојчињата вакви филмови не сакаат да

гледаат никогаш или скоро никогаш. Порнографските филмови најчесто се гледаат од љубопитство (44,44%). Иако овој процент е голем кај адолесцентите од двата пола, за забележување е и процентот на девојчињата (46,69%), кои случајно налетале на „него“. Машката хомосоцијалност (социјализирање со други од ист пол) е концентрирана на два елемента: идентификација и натпревар. Групното гледање порнографија е често средство за зближување меѓу момчињата (Flood, 2008:339-359). Но, во ова истражување, адолесцентите генерално порнографски филмови гледаат сами (67,89%), а девојчињата се оние кои групно гледаат порнографски филмови (30,16%).

Во последните години интернетот ја зголеми циркулацијата на порнографски материјал, па затоа не изненадува податокот дека, покрај на телевизија (42,91%), голем дел од адолесцентите порнографски содржини гледаат на интернет (41,49%).

Друга значајна разлика која се појави во однос на порнографските филмови е во тврдењето за гледање порнографски филм во изминатиот месец. За разлика од момчињата, од кои дури 73,89% се изјасниле дека гледале порнографски филм во изминатиот месец, тоа го направиле само 16,53% од девојчињата. Во прилог на овие податоци е и истражувањето на Stack, S., Wasserman, I. и Kern,R. (2004: 85) кое покажало дека момчињата гледаат порнографија 6 пати повеќе од девојчињата.

Емоционалните реакции на сцените од порнографски филмови се разликуваат помеѓу момчињата и девојчињата. Момчињата најчесто се чувствуваат возбудени

(78,31%), додека девојчињата гледајќи вакви филмови се чувствуваат непријатно (41,74%). Оттука и процентот на испитаници кои наполно се согласуваат дека би ги загрижила реакцијата на нивните родители доколку дознаат дека гледаат порнографски филмови (46,79%).

Заштитата на младите луѓе од порнографијата значи нивно „опремување“ со соодветни знаења, вештини и извори на информации кои ќе им овозможат успешен пат кон сексуално здрава адолесценција (Bryant, C., 2009: 6). Младите луѓе, кои главно се согласуваат дека вакви содржини треба да има на телевизија, порнографските содржини ги користат и како извор на сексуална едукација (35,26%). Фактот дека порнографијата е базирана на фантазија, обезбедува малку информации кои се конструктивни, а повеќето од нив се штетни.

Иако адолесцентите демонстрираат капацитет да размислуваат за ефектите на медиумите, не секогаш поседуваат доволно знаења или искуство да бидат наполно свесни за суптилните пораки вградени во порнографските материјали. Адолесцентите, кога станува збор за ефектите од порнографските содржини, свесно или несвесно го покажуваат „ефектот на трето лице“ (Kaiser Family Foundation, 2002 цитирано во Strasburger, V. 2005: 271), односно тие сметаат дека порнографските содржини влијаат во сфаќањата за сексот и сексуалните односи кај нивните пријатели (36,96%), меѓутоа ним лично воопшто не им влијаат (48,08%).

И, иако адолесцентите најчесто поседуваат силна желба за истражување на сопствената сексуалност, тие

често имаат недоволно сфаќање за важноста на прашањата поврзани со сексот, а кои вклучуваат сигурен секс, сексуално насилство, сексуално преговарање и комуницирање, кои како фактори можат да доведат до зголемен ризик истите да искусат сексуално насилство.

Високиот степен на сексуално насилство е вообичаен во многу земји (Bryant, C., 2009: 5) кои се сретнале со голем наплив на порнографија, иако ова е често помешано и со други фактори, кои вклучуваат: нарушување на традиционалните закони и практики за сексуална социјализација, висока инциденца на фактори предиспонирачки на сексуално насилство (депресија, траума, насилство). Факторите кои можат да резултираат со штетност вклучуваат разлики во перцепираната реалност, различна сексуална социјализација и желба да се имитира западната култура.

Но, реално е да се очекува дека постои решение за сите засегнати страни, односно за општеството во целина. Од направеното истражување произлегуваат следните препораки:

Прво, здравствените работници треба да ја проучат литературата поврзана со медиумското влијание врз адолесцентите. Медиумите во суштина имаат удел во сите грижи на здравствените работници во однос на адолесцентите, поврзани со насилство, секс, дрога, самоубиство и зголемена тежина. Истражувањето на 209 акредитирани програми за обука на педијатри во САД открило дека помалку од една третина од нив нудат формална обука за медиумското влијание (Strasburger, V., 2005: 283). Оттука, организациите од областа на здравството и здравствената заштита треба да посветат поголем дел од времето за

медицинско образование во врска со прашањата поврзани со медиумското влијание, кое предизвикува многу современи здравствени проблеми. Здравствените работници мора да прифатат дека треба да ја земаат предвид медиумската „историја“, особено кога станува збор за адолесцент со: агресивно однесување во училиште, проблеми со учењето, прекумерна тежина, депресија или самоубиствени намери, или нарушени навики во исхраната.

Родителите, исто така, треба да станат свесни за влијанието на медиумите на кои се изложени нивните деца - адолесценти. Истражувањата покажуваат дека ставовите на родителите може да го „отфрлат“ она што се прикажува во медиумите, но само доколку родителите навистина го изразат своето мислење и ако ја гледаат истата телевизиска серија или филм како и нивните деца (Strasburger, 2005: 269-288). Повеќето родители не се свесни колку време нивните деца трошат на разни медиуми. Речиси половина од учениците во истражувањето во Бостон изјавиле дека родителите не им го ограничуваат времето и содржините за гледање телевизија (Strasburger, 2005: 283).

Адолесцентите, треба да бидат изложени на медиумско образование како голема придобивка од медиумите. Пред еден век, да бидеш „писмен“ значело да знаеш да читаш и да пишуваш. Во новиот милениум, писменоста, подразбира и способност за анализирање и декодирање на зачудувачки големиот број медиуми (Strasburger, 2005: 284). Медиумското образование има потенцијал да ги „имунизира“ тинејџерите од штетните медиумски влијанија. Медиумското образование треба да се вклучи

во секоја програма за сексуално и здравствено образование.

Сценаристите и продуцентите на филмови треба да разберат дека тие се фактички сексуалните воспитувачи на младите луѓе. Како такви, тие треба да бидат поодговорни во врска со сексуалниот дијалог и однесувањето кое го прикажуваат, особено во програмите наменети за адолесценти. И рекламните агенции треба да обрнат повеќе внимание на телесните форми кои ги прикажуваат. Тие не треба да создаваат рекламни кампањи кои се прекумерно провокативни, сугестивни или понижувачки.

Стимулирањето, како на децата, така и на адолесцентите да развијат критички однос кон прикажувањето насилство и порнографија на телевизија се смета за едно од најефикасните средства за нивна заштита. Но, тоа не е ниту едноставно, ниту лесно да се направи. Се додека не се постигне висока свест и синхронизирано дејствување во образованието, семејството, училиштето, медиумите, а од нив особено во телевизијата, ќе се случува затајување на одговорноста за последиците од прикажувањето насилство и порнографија на телевизија. Ова пак ја поттикнува потребата од воведување други форми и инструменти на предупредување, заштита и контрола, што пак од истите причини: (не)образование, (не)одговорност, (не)критички став, не ја постигнуваат саканата цел, а тоа е ефикасна и комплетна заштита од неоправдано емитуваната програма (Клинчарова во СРД, 2000).

Со голема сигурност може да се заклучи дека насилството и порнографијата на телевизија можат суштински да влијаат врз однесувањето на децата и младите

луѓе. Тие влијанија се однесуваат на односот, и на формирањето ставови кај нив како редовни гледачи. Ако некој постојано гледа емисии кои содржат околу 80% агресивно и насилно однесување, не може истите да не се одразат негативно врз гледачот. Повторуваната изложеност на агресивни однесувања од малите екрани, која е многу поголема отколку онаа во реалниот живот, е доволно силна да влијае врз ставовите и однесувањето на младите луѓе. Децата и адолесцентите во најдобар случај можат да развијат толеранција во однос на актите на агресија и насилство. Исто, но на поинаков начин, се одразува и прикажувањето на порнографски содржини (Стојаноски во СРД, 2000).

Сосема на крај, може да се изведе генерален заклучок дека општеството, во голема мера, ја има изгубено смислата за своја одговорност во однос на создавањето здрави, сексуално активни возрасни луѓе. Оттука во училишните програми треба да се воведат и програми за сексуално образование, исто како што се воведува и проектот „Заедно за училишта без насилство". Не може со сигурност да се тврди дека сексуалните содржини на телевизија имаат влијание врз развојот на децата и на адолесцентите, но не може да се занемари фактот дека голем дел и од децата и од адолесцентите, својата сексуална наобразба ја стекнуваат токму од нив. Денешните медиуми, а особено телевизијата, можат да бидат извонредно креативни, информативни и забавни, меѓутоа мора да бидат и финансиски обезбедени. Денес, најголемите финансиски придобивки се во светот на филмовите, особено во оние со насилство, и во порнографската индус-

трија. Во борбата за профит, односно за опстанок, медиумите и покрај можноста за промена во програмските содржини, остануваат потенцијално штетни, како за децата така и за адолесцентите, особено поради насилните и сексуални содржина кои одбираат да ги презентираат.

## БИБЛИОГРАФИЈА

AACAP American Academy for Child and Adolescent Psychiatry (2005) „Children and TV violence“, *Children and TV violence*, Vol.3.

Abelard, P. (2006) „Children and television violence“, available from: www.abelard.org/tv/tv.htm.

Abelard, P. (2006) „Television“, available from: www.abelard.org/tv/tv.htm [01.7.2006].

Aidman, A. (2000) Television Violence: Content, Context and Consequences, in*: ERIC review*, Vol.7 (online).

Allen, M., D’Alessio, D. & Brezgel, K. (1995). „A meta-analysis summarizing the effects of Pornography II: aggression after exposure.“, in: *Human communication research* 22(2): 258–283.

Allen, M., Emmers, T., Gebhardt, L., & Giery, M. A. (1995). „Exposure to pornography and acceptance of rape myths“, in: *Journal of Communication*, *45*, 5–26.

Attwood, F. (2005) „What do people do with porn? Qualitative research into the consumption, use and experience of pornography and other sexually explicit media.“, in: *Sexuality & culture* 9: 65–86.

Attwood, F. (2005) „Tits and ass and porn and fighting- Male heterosexuality in magazines for men“, in: *International Journal of Cultural Studies*, 8 (1) 83-100.

Аџаип, С. (2008) *Децата и насилството на телевизија*, Скопје: Селектор.

Bandura, A. (1977) *Social learning theory*. Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall.

Bašić-Hrvatin, S. (1995) „Otrok in nasilje v medijih"u: Košir, M. (Ur.) u: *Zbornik Otrok in mediji,* Ljubljana: ZPMS.

Baudrillard, J. (2001) *Simulacija i zbilja*. Zagreb: Jesenski i Turk.

Bjørnebekk, T. (2003) „Accessibility of violent pornography on the Internet: revisiting a study of accessibility—prevalence and effects" available from: http://www.nikk.uio.no/arrangementer/konferens/tallin03/bjornebekk.pdf (accessed May 2008).

Bogaert A.F. (2001) „Personality, individual differences, and preferences for the sexual media", in: *Archives of sexual behavior* 30: 29–53.

Boies, S. (2002) „University Students' Uses of and Reactions to Online Sexual Information and Entertainment: Links to Online and Offline Sexual Behaviour", in: *Canadian Journal of Human Sexuality*, Vol. 11.

Bryman, A. (2001) *Social Research Methods*, New York: Oxford University Press.

Burt, M. R. (1980) „Cultural myths and support for rape.", in: *Journal of Personality and Social Psychology*, *38*, 217–230.

Cameron, D. and Frazer, E., (2000) „On the Question of Pornography and Sexual Violence: Moving Beyond Cause and Effect", in *Feminism and Pornography*, D. Cornell (ed.), Oxford: Oxford University Press.

Cameron, K.A. et al. (2005) „Adolescents' Experience with Sex on the Web: Results from Online Focus Groups", in: *Journal of Adolescence* 28 : 535-540.

Cantor, J., Mares, M.L., & Hyde, J.S. (2003) „Autobiographical memories of exposure to sexual media content.“, in: *Media Psychology*, 5, 1-31.

Carey, J. (1988) *Communication As Culture,* Boston, MA: Unwin Hyman.

Carlsson, U. and von Feilitzen, C. (eds) (1998), *Children and media violence*, The UNESCO International Clearinghouse on Children and Violence on the Screen, Göteborg.

Carpenter, E.E. (1991) „The New Languages“, u: Rodman, George (ur.) Mass Media Issues. Iowa: Kendall/Hunt Publishing Company. str. 218–223.

Carroll J.S., et. al. (2008) „Generation XXX: Pornography acceptance and use among emerging adults.“, in: *Journal of adolescent research* 23(1): 6–30.

Chandler, D. (1997) „Children’s understanding of what is 'Real' on Television: A review of the literature“, in: *Journal of Educational Media*, Vol.23 (1), pp.65-80. Carfax Publishing Ltd,1997.

Check, J., & Guloine, T. (1989). „Reported proclivity for coercive sex following repeated exposure to sexually violent pornography, non-violent dehumanising pornography, and erotica“. In D. Zillmann&J. Bryant (Eds.), *Pornography: Recent research, interpretations,and policy considerations* (pp. 159–184). Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum Associates, Inc.

Chen, M. (1995) "Šest mitov o televiziji in otrocih", u: Košir, M. (ur.) Otrok in mediji.Ljubljana: Informacije ZPMS, 3/95.

Chomsky, N. et al. (2002) *Understanding Power*: *The Indispensable Chomsky*, New York: The New pressP.

Collins, R. et al. (2004) „Watching Sex on Television Predicts Adolescent Initiation of Sexual Behavior.“, in: *Pediatrics* 114 (2004): e280-9 (e284-5).

Corcoran, F. (1984) "Television as Ideological Apparatus: The Power and Pleasure", in: *Critical Studies in Mass Communication.*

Demare, D., Lips, H. M., & Briere, J. (1993). „Sexually violent pornography, anti-women attitudes and sexual aggression: A structural equation model.“, in: *Journal of Research in Personality*, *27*, 285–300.

Dimitrijević, V. (2009) „Negativni uticaji televizije na savremenog čoveka“, available from: www.vidovdan.org

Donnerstein, E., & Berkowitz, L. (1981) „Victim reactions in aggressive erotic films as a factor in violence against women“, in: *Journal of Personality and Social Psychology*, *41*, 710–724.

Dworkin, A. (1997) Life and Death: Unapologetic Writings on the Continuing War on Women, New York: The Free Press

Einsiedel, E. F. (1988) „The British, Canadian, and U.S. pornography commissions and their use of social science research, in: *Journal of Communication*, *38*, 108–121.

Erjavec, K. (1999) "Vpliv televizije na agresivno ponašanje", u: *„Zbornik reziskav o medijskih vplivih na otroke*“, Ljubljana: FDV.

Fagan, F.P. (2009) „The effects of pornography on individuals, marriage, family and community“, available from: http://www.recoverypointe.com/insights/PornoEffects.pdf

Failla, V. (2007) "Television Violence", available from www.girl.com.au/cr-tvviolence.htm

Feilitzen, C. Von (2001) *Influence of media violence: A brief research summary*, Goteborg, Sweden:UNESCO/Nordicom

Feilitzen, C. von and Carlsson, U. (2000) *Children in the new media landscape: Games, pornography, Perception,* Goteborg, Sweden:UNESCO/Nordicom

Fishbein, M. and Icek, A. (1975) *Belief, attitude, intention and behavior: An introduction to theory and research*, California: Addison-Wesley.

Fisher, W. A., & Grenier, G. (1994). „Violent pornography, antiwomen thoughts, and antiwomen acts: In search of reliable effects“, in: *Journal of Sex Research, 31*, 23–38.

Fiske, J. (1987) *Television Culture,* London: Methuen.

Flood M & Hamilton C (2003) „Youth and pornography in Australia: evidence on the extent of exposure and likely effects“, in: *Discussion paper* no. 52. Canberra: The Australia Institute.

Flood M (2008) „Men, sex, and homosociality: how bonds between men shape their sexual relations with women“, in: *Men and masculinities* 10(3): 339–359.

Fowles, J. (1999) *The Case for Television Violence*. Thousand Oaks, London, New Delhi: SAGE Publication.

Frau-Meigs, D., Jehel, S. (1997) *Les écrans de la violence: enjeux économiques et responsabilités sociales*, Paris: Economisa.

Gerbner, G., Morgan, M. i Signorelli, N. (1995) "Violence on Television: The Cultural IndicatorsProject", in: *Journal of Broadcasting and Electronic Media*, 39(2), 278-283.

Gerbner, G. (1998) *Gerbner series study guide*, Nothampton: Media Education Foundation.

Giles, D. (2003) *Media Psychology*, Mahwah, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.

Grixti, J. (2000) *Young people and the broadcasting media - the Maltese experience*, Hamrun: Offset Press Ltd.

Grobel, J. (1998) *The UNESCO's global study on media violence*, A joint project of UNESCO, the World Organization of the Scout Movement, and Utrecht University, Paris: UNESCO

Gunter, B. (2002). *Media sex: What are the issues?* Mahwah, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.

Häggström-Nordin, E., Hanson, U. and Tydén, T. (2005) „Associations between Pornography Consumption and Sexual Practices among Adolescents in Sweden,“, in: *International Journal of STD &AIDS* 16: 102-7 (104-5).

Halloran, J.D., Elliott, P., Murdock, G. (1970) *Demonstrations and Communication:A Case Study.* Harmondsworth, England: Penguin

Hartley, J. (2002) *Communication, Cultural and Media Studies,* London: Routledge.

Hebditch, D., & Anning, N. (1988). *Porn gold: Inside the pornography business*. London: Faber & Faber.

Hodge, B. and Tripp, D. (1986) *Children and Television*, Cambrige: Polity Press.

Howitt, D., & Cumberbatch, G. (1975). *Mass media violence and society*. London: Elek.

Hrnjica, S. (2000) *Opšta psihologija sa psihologijom ličnosti*, Beograd: Naučna knjiga komerc.

Huesmann et al. (2003) "Longitudinal Relations Between Children's Exposure to TV Violence and Their Aggressive and Violent Behavior in Young Adulthood: 1977-1992", in: *Developmet psychology*, Vol.35 pp: 201-221.

Huesmann, L. R. (1998) *The role of social information processing and cognitive schema in the acquisition and maintenance of habitual aggressive behavior*, New York: Academic Press.

Hunt, L. (2000) *The Invention of Pornography: Obscenity and the Origins of Modernity, 1500-1800* New York: Zone.

Ilišin, V. (2001) „Mladi na margini društva i politike." in: // *Migracijske i etničke teme*. 17, 1-2; 151-153

Ingliš,B.H. i Ingliš,A.Č. (1972) *Obuhvatni rečnik psiholoških i psihoanalitičkih pojmova*, Beograd: Savremena Administracija.

Jackson, H. (2004) „Research on the effects of television", available from:www.labouroflove.org.

Janowitz, M. (1968) „The study of mass communication", in *International Encyclopedia of the Social Sciences,* 3:41-53. NY: MacMillan Company and Free Press.

Jensen R & Okrina D (2004) *„Pornography and sexual violence", available from:* http://new.vawnet.org/Assoc_Files_VAWnet/AR_PornAndSV.pdf .

Johansson, T. & Hammaren, N. (2007) "Hegemonic Masculinity and Pornography: Young people's attitudes toward and relations to pornography, in: *The Journal of Men's Studies*, Vol. 15, No. 1, (57–70).

Johnson, S. (1999) "Strangers in Our Homes: TV and Our Children's Minds", paper presented at the Waldorf school of San Francisco, available from: www.barefootdoctor.org/children's%20minds.htm

Joint Industry Gruop (1997) *Violence on Television-pilot study*, London: Andrew irving associates.

Josephson, W. (1995) *Television violence: A Review of the Effects on Children of Different Ages*, Ottawa: Department of Canadian Heritage and Health Canada.

Kaiser Family Foundation (2002) „Henry J. Kaiser Family Foundation Report“, available from:http://www.kff.org/entmedia/loader.cfm?url=/commonspot/security/getfile.cfm&PageID=14095.

Kaiser Family Foundation (2010) „Generation $M^2$ Media in the lives of 8- to 18-years-olds“, available from: http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf

Kellner, D. (1995) *Media Culture*, London: Routledge.

Kenrick, D. T., Gutierres, S. E., & Goldberg, L. L. (1989) „Influence of popular erotica on judgments of strangers and mates“, in: *Journal of Experimental Social Psychology*, *25*, 159–167.

Key Facts (2003) "TV Violence", available from: www.kff.org

Kline, S. (1993) *Out of the garden: Toys, TV, and the Children's Culture in the Age of Marketing*, London, New York:Verso.

Košir, M. (2000) "Nastavki za slovenski model vzgoje za medije", u: Erjavec, K. Kalčina.

Košir, M., Ranfl, R. (1996) Vzgoja za medije. (Media Education) Ljubljana: DZS.

Kriegel, B. (2003) *La violence à la télévision*. Paris: Quadrige/PUF.

Krilić, A. (2010) „Djeca i mediji V - Nasilje u medijima“, available from: http://roditeljstvo.com/vijesti/djeca-i-mediji-v-nasilje-u-medijima

Kristol, I. (2004) Pornography, Obscenity, and the Case for Censorship, New York: Grove Press.

Kubey, R. and Csikszentmihalyi, M. (2004) "TV Addiction- How does television harm your children?", available from: www.labouroflove.org.

Kunczik, M. (1994) *Violence and the mass media*, Bonn: Media and communication Department of Friedrich-Ebert-Stiftung.

Kunkel et el., (2005) *Sex on TV 4*, Menlo Park: Kaiser Family Foundation.

Kutchinsky, B. (1973) „The effect of easy availability of pornography on the incidence of sex crimes: The Danish experience“, in: *Journal of Social Issues*, *29*, 162–181.

Kutchinsky, B. (1991) „Pornography and rape: Theory and practice? Evidence from crime data in four countries where pornography is easily available.“, in: *International Journal of Law and Psychiatry*, *14*, 147–164.

Lim Megan SC et al. (2017). “Young Australians' Use of Pornography and Associations with Sexual Risk Behaviours”, in: *Australian and New Zealand Journal of Public Health 41 (4):* 438-443.

Linz, D. & Malamuth, N. (1993) *Pornography*, Newbury Park, CA: Sage

Linz, D., Donnerstein, E., & Penrod, S. (1984) „The effects of multiple exposures to filmed violence against women.“, in: *Journal of Communication*, *34*, 130–147.

Linz, D., Malamuth, N., & Beckett, K. (1992). „Civil liberties and research on the effects of pornography“. In P. Tetlock & P. Suedfeld (Eds.), *Psychology and social advocacy* (pp. 149–164). New York: Hemisphere.

Livingstone S & Bober M (2003) *UK children go online: listening to young people's experiences*. London: London School of Economics and Political Science.

Malamuth NM, Addison T & Koss M (2000) „Pornography and sexual aggression: are there reliable effects and can we understand them“, in: *Annual review of sex research* 11: 26–91.

Malamuth, N. M. (1996) „Sexually explicit material, gender differences and evolutionary theory“, in: *Journal of Communication*, *46*, 8–31.

Malamuth, N. M., & Billings, V. (1984). „Why pornography? Models of functions and effects“, in: *Journal of Communication*, *34*, 117–129.

Malamuth, N. M., Check, J. V. P., & Briere, J. (1986). „Sexual arousal in response to aggression: Ideological, aggressive, and sexual correlates“, in: *Journal of Personality and Social Psychology*, *50*, 330–340.

Malamuth, N. M., Heim, M., & Feshbach, S. (1980) „Sexual responsiveness of college students to rape depictions“, in: *Journal of Personality and Social Psychology*, *38*, 399–408.

Månsson, S-A. (2003). *Sex and love on the Internet* (Кдrlek och sex pe Internet). Gцteborg University: Department of Social Work.

Mares, M. L. (1996). *Positive effects of television on social behavior: A meta-analysis* (Annenberg Public Policy Center Report Series, No. 3). Philadelphia: Annenberg Public Policy Center.

Mary, L. G. (2005) „How TV affects your child“ available from: www.kidshealth.org/parent/positive/family/tv_affects_child.html [01.07.2006].

McKee A, Albury K & Lumley C (2008). *The porn report*. Carlton: Melbourne University Publishing.

McLuhan, M. (1967) The Medium is the Massage: An Inventory of Effects New York: Bantam Books.

McMane, A.A. (2000) "Newspaper in Education and Building Democratic Citizens", in: *Medijska istraživanja*, god.6,br.2, str. 105-111.

McQuail, D. (1994) *Mass Communication Theory*. London: SAGE Publication.Carpeter (1991).

Media Awereness Network (2006) „Special issues for young children“, available from: www.media-awareness.ca/english/parents/television/issues_children_tv.cfm

Media Awereness Network (2006) „The good things about television“, available from: www.media-awareness.ca/english/parents/television/good_things_tv.cfm [30.06.2006].

Morrison, T.G. et al. (2006) „Exposure to Sexually Explicit Material and Variations in Body Esteem, Genital Attitudes, and Sexual Esteem Among a Sample of Canadian Men“, in: *The Journal of Men's Studies* 14: 209-222 (216-217).

Murry, J. (1994) "Impact of televised violence", available from: http://communication.ucsd.edu/tlg/123/murray.html

Murry, J. (1995) "Children and television violence", available from: http://www.mediaculture-online.de

Mužic, V. (1986) *Metodologija Pedagoškoh istraživanja*, Sarajevo: "Svjetlost", OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Nagin, D., & Tremblay, R. E. (1999) „Trajectories of boys' physical aggression, opposition, and hyperactivity on the path to physically violent and nonviolent juvenile delinquency“, in: *Child Development,* 70, 1181-1196.

Newcomb, H. (1987) *Television: The Critical View*, fourth edition, New York and Oxford: Oxford University Press, pp. 533-552.

Nightingale V, Dickenson D & Griff C (2001) „Children's views on media harm.“, in: *Metro* 131–132: 212–224

O' Sullivan, T./D., Brian/ Rayner, Ph. (2003) *Studing the Media* (3rd Edition). London, New York: Oxford Press.

Osborn, D.K., *&* Endsley, R.C. *(*1971) „Emotional reactions of young children to TV violence“, in: *Child Development, 42(1), 321-331.*

Paik, H. & Comstock, G. (1994). "The effects of television violence on antisocial behavior: A meta-analysis.", in: *Communication Research, 21*(4), 516–546.

Parker, L. (1996) "The hidden effects of TV on Children", available from: http://www.jgs.net/ecf/jan961.htm

Perry, D. (2016) “The Impact of Pornography on Children”, in: *American College of Pediatricians* available at http://www.acpeds.org/the-college-speaks/position-statements/the-impact-of-pornography-on-children

Peter J. & Valkenburg P.M. (2006) „Adolescents’ exposure to sexually explicit online material and recreational attitudes toward sex.“, in: *Journal of communication* 56(4): 639–660.

Peter, J and Valkenburg, P.M. (2008) „Adolescents’ Exposure to Sexually Explicit Internet Material, Sexual Uncertainty, and Attitudes Toward Uncommitted Sexual Exploration: Is There a Link?“, in: *Communication Research* 35: 579-601 (581).

Peter, J. and Valkenburg, P.M. (2006) „Adolescents’ Exposure to Sexually Explicit Material on the Internet“, in: *Communication Research* 33 : 178-204 (196, 200).

Postman, N. (1986) *Amusing ourselves to death: Public discourse in the age of show business*, New York: Penguine books.

Potter, W.J. (2001) *Media Literacy.* Second Edition. London: SAGE Publication.

Reeves, B., Lang, A., Thorson, E., & Rothschild, M. (1988). „Hemispheric lateralization and the processing of emotional television scenes.“, in: *Human Communication Research*, *15*, 493-508.

Rodman, G. (1993) *Mass Media Issues: Analysis and Debate,* Iowa: Kendall/Hunt PubCo

Rotar, Z.N. (2005) *Medijska pismenost i civilno društvo*, Sarajevo: MediaCentar.

Rotar, Z.N. (2005) „MEDIJI - Medijska pismenost, medijski sadržaji i medijski utjecaji“, available from: http://djelatnici.unizd.hr/~nrotar/Medpismed.pdf.

Sartori, G. (1999) *Homo videns. Televisione e post-pensiero.* Roma- Bari: Editori Laterza.

Schachter, S., & Singer, J. (1962) „Cognitive, Social, and Physiological Determinants of Emotional State.“, in: *Psychological Review, 69,* pp. 379–399.

Seto, M.C., Maric, A & Barbaree H.E. (2001) „The role of pornography in the etiology of sexual aggression“, in: *Aggression and violent behavior* 6: 35–53.

Signorielli, N. (2005). *Violence in the Media: A reference handbook*. Santa Barbara, CA: ABC-CLIO.

Slade, J.W. (1984) „Violence in the Hard-core Pornographic Film: A Historical Survey“, in: *Journal of communicatio4(3)* Vol.35 pp: 148-163.

Stack, S., Wasserman, I. & Kern,R. (2004) „Adult Social Bonds and Use of Internet Pornography“, in: Social Science Quarterly 85: 75-88.

Strasburger, C.V. (2005) „Adolescents, Sex, and the Media: Ooooo, Baby, Baby–a Q & A“, in: Adolescent Medicine Clinics 16: 269-288.

Tang, I. (1999) *Pornography: The Secret History of Civilization*. Channel 4 Books, Macmillan Publishers, London, 1999.

The UN Just Media (2006) „Effects of TV“, available from: http://www.theunjustmedia.com/Media/T.V/Effects%20of%20TV.htm.

Thomas W.I. and Znaniecki, F. (1998) *The Polish Peasant in Europe and America* I, Paris: Nathan.

Trend, D. (2007) *The myth of media violence: a critical introduction*, Malden, MA: Blackwell Pub.

Trommsdorff, V. (1998), *Konsumentenverhalten*. Kohlhammer, Stuttgart; Berlin; Köln, third edition.

Trostle, L. C. (1993) „Pornography as a source of sex information for university students: Some consistent findings“, in: *Psychological Reports*, *72*, 407–412.

UNESCO (1982) *The Grünwald Declaration on Media Education*, Grünwald:UNESCO.

Valkenburg, P. M., & Peter, J. (2007). „Online communication and adolescent well-being: Testing the stimulation versus the displacement hypothesis“, in: *Journal of Computer-Mediated Communication*, *12*(4), article 2.

Van Dijk, A. T. (1998) *Discourse as Structure and Proces*. London, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.

Veljkovic, A. (2009) „Uticaj medijskog nasilja na razvoj dece i adolescenata“, available from: http://psihomed.blog.fmk.edu.rs/veljkovic-ana-medijsko-nasilje-i-deca/

Wallmyr G & Welin C (2006) „Young people, pornography, and sexuality: sources and attitudes“, in: *Journal of school nursing* 22: 290–295.

Ward, M., & Rivadeneyra, R. (1999). „Contributions of entertainment television to adolescents’ sexual attitudes and expectations: The role of viewing amount versus viewer involvement.“, in: *Journal of Sex Research, 36*(3), 237.

Weaver, J. (1991) „Responding to erotica: Perceptual processes and dispositional implications.“ In J. Bryant & D. Zillmann (Eds.), *Responding to the screen: Reception and reaction processes* (pp. 329–354). Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum Associates.

Weaver, J. B., Masland, J. M., & Zillmann, D. (1984) „Effects of erotica on young men's aesthetic perception of their female sexual partners.“, in: *Perceptual and Motor Skills*, *58*, 929–930.

Wiecha J.L., Sobol A.M., Peterson K.E., et al. (2001) „Household television access: associations with screen time, reading and homework among youth“, in: *Ambul Pediaticsr*;1:244–251.

Williams, L. (1990) *Hard Core: Power, Pleasure and the 'Frenzy of the Visible'*,London: Pandora.

Wolak J, Mitchell K, Finkelhor D (2007) „Unwanted and wanted exposure to online pornography in a national sample of young Internet users“, in: *Pediatrics* 119: 247–257.

Wright, Paul J.,et al. (2016). "A Meta Analysis of Pornography Consumption and Actual Acts of Sexual Aggression in General Population Studies", in: *Journal of Communication 66 (1):* 183-205.

Ybarra M.L. & Mitchell K.J. (2005) „Exposure to internet pornography among children and adolescents: a national survey“, in: *Cyberpsychology and behavior* 8: 473–486.

Young, Brian M. (1990) *Television Advertising Children*, Oxford,New York:O.U.P. Clarendon Press.

Zillmann, D. & Bryant, ‚J. (1984) „Effects of massive exposure to pornography“ in: Pornography and Sexual Aggression, ed.

Neil Malamuth and Edward Donnerstein, pp. 115-138, (New York: Academic Press).

Zillmann, D. (2000) „Influence of unrestrained access to erotica on adolescents' and young adults' dispositions toward sexuality“, in: *Journal of adolescent health* 27: 41–44.

Zillmann, D., & Bryant, J. (1986). „Shifting preferences in pornography consumption.“, in: *Communication Research*, *13*, 560–578.

Zillmann, D., & Bryant, J. (1988) „Pornography's impact on sexual satisfaction“, in: *Journal of Applied Social Psychology*, *18*, 438–453.

Кузмановска, Д. (2005) „Вашето дете и телевизијата“, available from: www.detskozdravje.org.mk/televizija.asp.

МОН (2006) Листа на средни училишта во Република Македонија, Available from: www. mon.gov.mk

Николовски, Т. (2001) *Статистика во психологијата*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет.

Петровска - Бешка, В. (1994) *Методологија на експерименталните истражувања во психологијата*, Скопје: Малинска.

Совет за радиодифузија на Република Македонија (2000) *Заштита на децата и младите од насилството и порнографијата на телевизија*, Скопје: Совет за радиодифузија на Република Македонија.

Шиков, В. (2007) Семиолошки и комуникациски модел на класификација на телевизиска програма со сцени на насилство, Магистерски труд, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, Македонија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................ 11

**Прв дел- Медиумите како дел од масовното комуницирање**

1. Комуникациски науки и медиумска писменост......... 19
2. Влијание на медиумите врз конзументите ................ 23
3. Телевизијата како највлијателен медиум .................. 26

*3.1 Телевизијата и когнитивниот развој* ........................ 32

**Втор дел- Насилството и порнографијата како феномени**

1. Теории и хипотези за насилството и порнографијата 39
2. Насилството на телевизија како појава ...................... 48

*2.1 Насилството во содржините на телевизиските програми* ........................................................................ 50

*2.2 Изложеност на адолесцентите на насилството на телевизија* ........................................................................ 54

*2.3 Ефекти од гледањето насилство на телевизија* ..... 57

*2.3.1 Поврзаност на возраста и полот со насилството на телевизија* ........................................................................ 61

3. Порнографијата како феномен на модерното време 68

*3.1 Порнографијата во содржините на телевизиските програми* ........................................................................ 72

*3.2 Изложеност на адолесцентите на порнографијата на телевизија* ........................................................................ 74

3.3 Ефекти од гледањето порнографија на телевизија ..... 76

*3.3.1 Експериментални откритија* ................................. 78

*3.3.2 Неекспирементални откритија* ............................. 82

*3.3.3 Поврзаност на возраста и полот со порнографијата на телевизија* ........................................ 85

*3.3.4 Порнографијата на телевизија и насилното однесување* ........................................................................ 90

**Трет дел- Ставови на адолесцентите за насилството и порнографијата на телевизија**

1. Основи на истражувањето за ставовите на адолесцентите кон насилството и порнографијата на телевизија........99
*1.1 Поимно категоријален апарат*........100
*1.2 Методолошки приод* ........104
*1.2.1 Методи на истражувањето* ........104
*1.2.2 Постапки, техники и инструменти на истражувањето*........105
*1.2.3 Извор на податоци* ........107
*1.2.4 Рамка на примерокот* ........108
2. Резултати од истражувањето........110
*2.1 Пристап на адолесцентите до телевизијата*........110
*2.2 Навиките на адолесцентите за гледање телевизија* ........114
*2.3 Време кое адолесцентите го поминуваат гледајќи телевизија и ограничувањата во однос на тоа*........125
*2.4 Разлики во однос на полот за она што адолесцентите сакаат да гледаат на телевизија*........139
*2.5 Ставот на адолесцентите кон прикажувањето насилство на телевизија*........148
*2.6 Ставот на адолесцентите кон прикажувањето порнографија на телевизија* ........159
НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК ........185
БИБЛИОГРАФИЈА ........199

Сања Аџаип-Величковски
НАСИЛСТВОТО И ПОРНОГРАФИЈАТА НА ТЕЛЕВИЗИЈА

Издавач
Меѓународен Балкански Унверзитет-Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.773.4
364.632:654.197]:316.64-053.6(497.7)
176.8:654.197]:316.64-053.6(497.7)

АЏАИП-Величковски, Сања
Насилството и порнографијата на телевизија/ Сања Аџаип-Величковски. - Скопје : Меѓународен Балкански Универзитет, 2020. - 219 стр. : илустр. ; 24 см

Биографија: стр. [218]-219. - Библиографија: стр. [198]-215

ISBN 978-608-4868-00-2

а) Медиуми - Влијание б) Насилство на телевизија - Влијание - Ставови на адолесценти - Македонија в) Порнографија на телевизија - Влијание - Ставови на адолесценти - Македонија
COBISS.MK-ID 111949834